ПРОСПЕКТ

НЛБ Тутунска банка АД Скопје

Назив на друштвото: **НЛБ Тутунска Банка АД Скопје**
Адреса: **Ул.Водњанска Бр.1, 1000 Скопје, Р.Македонија**

Котација на акции на НЛБ Тутунска банка АД Скопје на Официјалниот Пазар на Македонската Берза за хартии од вредност АД Скопје, на подсегмент "Задолжителна котација"

Покровител на котацијата:

НЛБ Тутунска банка АД Скопје
Служба за услуги со хартии од вредност
Ул.Водњанска Бр.1
Скопје

Април , 2013

ИЗЈАВА НА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ НА ДРУШТВОТО

Според нашите уверувања и согласно нашите сознанија и податоци со кои располагаме, под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавуваме дека сите податоци од овој Проспект сочинуваат целосно и вистинско прикажување на имотот и обврските, добивките и загубите, финансиската и деловната состојба на издавачот, правата содржани во хартиите од вредност и дека не се изоставени податоци кои би можеле да влијаат на целовитоста и вистинитоста на овој проспект.

Горѓи Јанчевски
Претседател
На Управен одбор

СОДРЖИНА:

I	**Основни податоци**	**4**
II	**Податоци за издавачот и капиталот на издавачот**	**7**
III	**Податоци за деловни активности на издавачот**	**9**
IV	**Финансиски податоци**	**13**
V	**Податоци за акциите за кои се бара котација**	**13**
VI	**Податоци за органите на управување на издавачот**	**21**
VII	**Развојни перспективи**	**28**
VIII	**Финансиски извештаи (Прилог 1)**	

I ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

- Проспектот е изготвен согласно Правилникот за котација на хартии од вредност на Македонската Берза за хартии од вредност АД Скопје од 15.03.2013 година и Закон за хартии од вредност (Службен весник на РМ бр. 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13).

- Барањето за котација се однесува на 854.061 обични акции издадени од НЛБ Тутунска банка АД Скопје, со номинална вредност од 1.000,00 денари по акција, регистрирани под ИСИН: MKTNBA101019.

- Сите 854.061 обични акции на НЛБ Тутунска банка АД Скопје ќе бидат котирани на Официјалниот Пазар на Македонската Берза за хартии од вредност АД Скопје на подсегментот Задолжителна котација.

- Пред котацијата на Официјалниот Пазар на Македонската Берза за хартии од вредност АД Скопје, со акциите на НЛБ Тутунска банка АД Скопје се тргуваше на Редовниот Пазар на подсегментот Пазар на акционерски друштва со посебни обврски за известување на Македонската Берза за хартии од вредност АД Скопје.

- Ревизор на годишните сметки на НЛБ Тутунска банка АД Скопје за 2010 и 2011 година е друштвото Прајсватерхаус Куперс ревизија ДОО Скопје со седиште на Бул.Октомвриска револуција бб, Хипериум кат 2, а за 2012 е ревизорската куќа КПМГ Македонија ДОО Скопје со седиште на Ул.Филип Втори Македонски 3, Соравија 7 кат.

- Проспектот не претставува ниту понуда за продажба, ниту повик за купување на акциите на НЛБ Тутунска банка АД Скопје. Проспектот не смее да се смета за препорака за купување на акции на НЛБ Тутунска банка АД Скопје, а секој потенцијален инвеститор се упатува на сопствена проценка на финансиската состојба во работење на НЛБ Тутунска банка АД Скопје.

Краток историјат и значајни признанија

НЛБ Тутунска банка АД Скопје е основана во 1985 година како интерна банка на тутунската индустрија во Македонија под името Интерна банка на СОЗТ Југотутун. На 27 мај 1993 година Банката се трансформира во акционерско друштво Тутунска банка АД Скопје. Регистрирана е како универзална комерцијална банка и работи преку своите експозитури во Скопје, Струмица, Битола, Кочани и Охрид. Во 1996 започнува соработка со Меѓународната банка за обнова и развој за финансирање на развојот на приватните претпријатија во Македонија. Во 2000 година Тутунска банка АД Скопје склучи стратешко партнерство со НЛБ д.д. Љубљана и станува членка на НЛБ Групацијата. Капиталната позиција на Банката е зајакната со докапитализација од страна на LHB Internationale Handelsbank AG Frankfurt во износ од 7,6 мил. ЕУР. Со капитално зајакнување до крајот на 2000-та година, Тутунска банка АД Скопје прераснува во универзална средно-голема банка со 60% учество на НЛБ Групацијата во капиталот на Банката.
Во 2001 година направен е интензивен квалитативен развој и проширување на деловната мрежа на Банката.
Во 2002 година Банката ја доби наградата за Најдобра банка по бруто профит во Македонија за 2002 според магазинот Finance Central Europe. И следната година ја добива истата награда како и наградата за Банка на годината во Македонија за 2003 година од интернационалниот финансиски магазин The Banker, како и признанието за „Постигнати особени резултати во зголемување на производството, продуктивноста и економичноста во работењето во период од пет години последователно“ од Стопанската комора на Македонија.
Во текот на 2003 година капиталната позиција на Банката беше зајакната со докапитализација од страна на NLB Interfinanz AG Цирих во износ од 7,7 мил. ЕУР, со што НЛБ Групацијата го зголеми учеството во капиталот на Банката на 76,6%.
Во 2004 година Банката прераснува во универзална голема банка и по трет пат едно по друго ја доби наградата за Најдобра банка по бруто профит во Македонија за 2004 година од финансискиот магазин Finance Central Europe. За прв пат во историјата на банкарството во Македонија, Тутунска банка потпиша договор за синдициран заем со EBRD и 10 странски комерцијални банки во износ од 20 мил. ЕУР наменет за финансирање на приватниот сектор.
Во 2005 година Банката ја доби наградата за Најдобра банка по поврат на капиталот (ROE) во Македонија за 2005 година. Заедно со НЛБ д.д. Љубљана го основа Друштвото за управување со пензиски фондови Нов Пензиски Фонд АД Скопје, со што активно се вклучи во реформата на пензискиот систем и воведувањето на капитално финансирано пензиско осигурување во Македонија.
Во 2006 година Банката втор пат ја добива наградата за Банка на годината во Македонија за 2006 година од интернационалниот финансиски магазин The Banker и Најдобра банка по бруто профит во Македонија за 2006 година од финансискиот магазин Finance Central Europe. Во текот на годината во рамки на проектот за ребрендирање на членките на НЛБ Групацијата, Тутунска банка направи промена на називот во НЛБ Тутунска банка и ја воведе новата трговска марка надоградувајќи го силниот домашен бренд со квалитетот на брендот на НЛБ Групацијата. Истовремено е ребрендирана и нејзината подружница Тутунска брокер во НЛБ Тутунска брокер. Заедно со НЛБ д.д. Љубљана, Банката изврши докапитализација на Нов пензиски фонд АД Скопје.
Во 2007 година Банката трет пат ја доби наградата за Банка на годината во Македонија за 2007 година од интернационалниот финансиски магазин The Banker и сертификатот за Компанија со добро корпоративно управување од Транспарентност Нулта Корупција. Како пример за компанија со Општествена корпоративна одговорност влезе во Референтната студија за општествена одговорност на претпријатијата од новите земји - членки на ЕУ и земјите - кандидати за членство за 2007 година, спроведена од UNDP. За прв пат го доби признанието за Извонредност во квалитетот на Euro SWIFT плаќања кон Deutsche Bank за 2006 година од Deutsche Bank Лондон. Капиталната позиција на Банката е зајкната со докапитализација од страна на НЛБ д.д. Љубљана во износ од 12 мил. ЕУР, со што НЛБ Групацијата го зголеми учеството во капиталот на Банката на 85,8%.
Во 2008 година, Банката четврти пат и трет пат едно по друго ја доби наградата за Банка на годината во Македонија за 2008 година од интернационалниот финансиски магазин The Banker

и втор пат едно по друго сертификатот за Компанија со добро корпоративно управување за 2008 година од Транспарентност Нулта Корупција. Втор пат едно по друго го доби и признанието за Извонредност во квалитетот на Еуро SWIFT плаќања кон Deutsche Bank за 2007 година од Deutsche Bank Лондон. За прв пат ја доби и наградата за Најдобра инвестициона банка во Македонија за 2008 од интернационалниот финансиски магазин Euromoney. Во текот на 2008 година Банката направи интезивно проширување на деловната мрежа со отворање 10 нови експозитури во Македонија. НЛБ Тутунска банка ја издаде првата корпоративна обврзница во Македонија во износ од 10,7 мил. ЕУР. Капиталната позиција на Банката е зајакната со докапитализација од страна на НЛБ д.д. Љубљана во износ од 10,8 мил. ЕУР, со што НЛБ Групацијата го зголеми учеството во капиталот на Банката на 87%.

Во 2009 година Банката петти пат, и четврт пат едно по друго, ја доби наградата за Банка на годината во Македонија за 2009 година од интернационалниот финансиски магазин The Banker, трет пат едно по друго го доби признанието за Извонредност во квалитетот на Еуро SWIFT плаќања кон Deutsche Bank за 2008 година од Deutsche Bank Лондон. Во 2009 година НЛБ Тутунска банка беше избрана за Супербренд на Македонија за 2009 година, а за прв пат ја доби и наградата за Развој на филантропијата во Република Македонија за 2008 година. Во текот на годината, беше изградена и пуштена во употреба нова современа деловна зграда на Банката, која претставува корпоративен центар на НЛБ Групацијата во Македонија. Деловната мрежа беше проширена со пет нови експозитури низ Македонија, а беа направени значителни инвестиции и во проширување на мрежата на банкомати и POS терминали.

Во 2010 година, Банката четврт пат едно по друго го доби признанието за Извонредност во квалитетот на Еуро SWIFT плаќања кон Deutsche Bank за 2009 година од Deutsche Bank Лондон, како и наградата за најактивен учесник во меѓубанкарското тргување во државата од здружението на финансиски пазари на Република Македонија – ACI Македонија. Во текот на 2010 година беа направени значителни инвестиции за стандардизација на експозитурите согласно стандардите на НЛБ Групацијата. Во текот на годината беше воведена нова организациона структура во Банката.

Во 2011 година беа збогатени услугите во електронското банкарство за физички - НЛБ Клик и правни лица - НЛБ Проклик и картичните услуги со нови функционалности. Беше потпишан нов договор за Trade Finance Program со IFC и беа обезбедени нови кредитни линии: кредити од ЕБРД за финансирање на проекти за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија во износ од 4 милиони ЕУР и кредитна линија од МБПР во износ од 11 мил. ЕУР по основ на Рамковен договор за учество во програмата за кредитирање на мали и средни претпријатија и приоритетни проекти. Вкупниот износ на кредитната линија на ЕИБ (II) изнесува 50 мил. ЕУР за сите банки учеснички. Во 2011 година, Банката доби плакета за "15 години континуирано членство“ на Македонската Берза за хартии од вредност АД Скопје. Во текот на 2011 година, структурата на капиталот во Банката се измени и премина во учество од 86,97% од страна на Нова Љубљанска Банка д.д. Љубљана, кој е воедно и единствен акционер со учество над 5%. Банката продолжи со ширење на деловната мрежа, развој на електронското банкарство за правни и физички лица и останати развојни активности.

Денес НЛБ Тутунска банка АД Скопје е трета најголема и една од најуспешните банки во Македонија.

II ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ И КАПИТАЛОТ НА ИЗДАВАЧОТ

- Назив на друштвото: НЛБ Тутунска банка АД Скопје
  Адреса: Ул. Водњанска Бр.1 Скопје

- Банката е основана во форма на акционерско друштво со одлука за основање и работење на НЛБ Тутунска банка АД Скопје бр.01-456/4 од 14.05.1993 година и Статут и со дозвола издадена од НБРМ бр.02-15/13-1/93 од 20.05.1993 година. Банката е запишана во судскиот регистар под Срег.бр.8742/93 од 27.05.1993 година, и во Трговскиот регистар под Трег.бр.266/2001 од 16.05.2001 година.

- Основната главнина на Банката со состојба на 31.12.2012 година, изнесува 854.061.000,00 денари и е поделена на 854.061 обични акции со право на глас. Една акција има номинална вредност од 1.000,00 денари. Акциите се регистрирани и се водат кај Централниот депозитар на хартии од вредност на Република Македонија.

- Почетниот капитал и сите натамошни зголемувања на почетниот капитал мора да бидат само во паричен облик и да бидат уплатени целосно.

  Зголемување на основната главнина на Банката може да се врши:
  1. со влогови;
  2. со условно зголемување на основната главнина;
  3. со одобрен капитал;
  4. од средствата на Банката.

  Зголемувањето на основната главнина се врши со одлука на Собранието за зголемување на основната главнина.
  Одлуката за зголемување на основната главнина се донесува со мнозинство на гласови кое не може да изнесува под две третини од акците со право на глас претставени на Собранието.
  Ако постојат повеќе родови акции, одлуката за зголемување на основната главнина е полноважна ако се согласат за тоа акционерите од секој род на акции. Одлуката за согласност акционерите од секој род акции се донесува со мнозинство на гласови кое не може да изнесува под две третини од акците со право на глас претставени на Собранието.
  Управниот одбор се овластува преку издавање на нови акции врз основа на влогови, по претходна согласност од Надзорниот одбор, да ја зголеми основната главнина до номинален износ кој не може да надмине половина од износот 854.061.000,00 денари (одобрен капитал). Новите акции може да се издадат само со согласност на мнозинство на членовите на Управниот одбор. Овластувањето на Управниот одбор е временски ограничено на пет години од уписот на одлуката за измена на Статутот на Банката во трговскиот регистар.

  Основната главнина на Банката може да биде намалена со:
  - намалување на номиналниот износ на еден или на повеќе родови и на класи на акции;
  - спојување на еден или на повеќе родови акции, со тоа што најмалиот номинален износ на споената акција не може да биде помал од 1 ЕВРО и
  - повлекување на сопствени и на други акции, ако со повлекувањето се врши намалување на основната главнина.

  Намалувањето на основната главнина се врши со одлука на Собранието за намалување на основната главнина. Одлуката за намалување на основната главнина се донесува со мнозинство на гласови кое не може да изнесува под две третини од акците со право на глас претставени на Собранието.
  Ако постојат повеќе родови акции, одлуката за намалувањето на основната главнина е полноважна ако за тоа се согласат акционерите од секој род на акции. Одлуката за согласност акционерите од секој род акции ја донесуваат со мнозинство кое што не може да биде помало од две третини од акците со право на глас претставени на

Собранието. За давање на согласност, акционерите од секој род акции донесуваат посебна одлука за согласност.

Согласно Статутот на Банката, истата може да издава обични акции, а може да издава и приоритетни акции со различни права. Секоја обична акција дава право на глас во Собранието.
Секоја акција која дава право на глас дава право на еден глас во Собранието. Сопственикот на акцијата (акционерот) може да го пренесе правото на сопственост на акцијата на трето лице во согласност со закон. Својството на акционер престанува со денот на бришење од акционерската книга на Банката.

Својство на акционер на Банката стекнува домашно и странско физичко и правно лице што стекнало акции во согласност со закон. Правата на акционерот се стекнуваат со уписот во акционерската книга. Одлуката за издавање акции донесува Собранието на акционерите со мнозинство гласови кое што не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас, претставени на Собранието. Акциите кои ги издава Банката, се пренесуваат и се водат во форма на електронски запис во Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија, во согласност со закон. Банката може да издава и акции над номиналниот износ (емисиски износ).

Акционерите на Банката ги имаат сите права, обврски и одговорности, утврдени со прописите и Статутот на Банката.
Акционерите ги имаат следните права:
- на учество и одлучување на Собранието;
- на дивиденда;
- на исплата на дел од ликвидационата односно стечајната маса;
- на информираност за состојбата на Банката;
- на увид во сите податоци запишани во акционерската книга на Банката;
- на заштита на правата пред судовите.

Акционерите одговараат на Банката ако:
- ја злоупотребат Банката како правно лице за да постигнат цели кои што се забранети;
- ја злоупотребат Банката за да им нанесат штета на нејзините доверители;
- спротивно на законот јавно ги објавуваат или презентираат податоците до кои дошле остварувајќи го правото на информирање;
- спротивно на законот располагаат со имотот на Банката.

Обичните акции на нивните сопственици им даваат:
- право на глас на седница на Собранието на акционери;
- право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и
- право на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Банката.

Приоритетните акции покрај правото на исплата на дел од добивката (дивиденда) и правото на исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Банката, ги даваат и следните повластени права: правото на дивиденда во однапред утврден паричен износ или во процент од номиналниот износ на акцијата, право на првенство при исплата на дивиденда и при исплата на остаток од ликвидациона, односно стечајна маса, само доколку тоа е определено со одлуката за нивната емисија.
Износот на приоритетните акции, без право на глас во Банката, не може да биде поголем од 10% од вкупните акции во Банката.
Банката може со Одлука на Собранието на акционери за измена на Статутот, да изврши поделба на акциите и истовремено да го намали нивниот номинален износ, под услов основната главнина да остане непроменета.
Банката може со одлука на Собранието на акционери за измена на Статутот да изврши спојување на акциите и истовремено да го зголеми нивниот номинален износ под услов основната главнина да остане непроменета.

За одлука со која што се укинува повластено право, како и за издавање на приоритетни акции кои при распределбата на добивката или при исплата на дел од остатокот на ликвидационата, односно стечајната маса на Банката имаат првенство, е потребна согласност на сопствениците на приоритетните акции.
Сопствениците на приоритетните акции ја даваат согласноста со посебна одлука. Одлуката се донесува со мнозинство гласови кое што не може да изнесува под две третини од претставените приоритетни акции.
Ако повластените права бидат укинати, приоритетните акции без право на глас стекнуваат право на глас.

Акционерите на Банката не одговараат за обврските на Банката, освен во случаите изречно определени со Законот за трговски друштва.
Правните односи помеѓу акционерите и Банката се регулираат според Законот за трговски друштва.

- Промени во структурата на капиталот на НЛБ Тутунска банка АД Скопје во последните две години нема. Последна промена на структурата на капиталот е извршена во 2008 година со конверзија на 50.221 приоритетни во обични акции. Во моментот НЛБ Тутунска банка АД Скопје не е во постапка на издавање на акции заради спојување, поделби, или понуди за превземање други друштва.

- НЛБ Тутунска банка АД Скопје нема издадено должнички конвертибилни хартии од вредност.

- Единствен акционер со учество над 5% во вкупниот број на издадени акции од НЛБ Тутунска банка АД Скопје е Нова Љубљанска банка д.д. Љубљана, со 86,97% учество во капиталот на Банката.

- НЛБ Тутунска банка АД Скопје не поседува мнозинско учество во други друштва. Банката има вложувања во придружено друштво од 49%, осносно 10.338 акции во правното лице НЛБ Нов Пензиски фонд АД Скопје.

III ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЛОВНА АКТИВНОСТ НА ДРУШТВОТО

- Банката е основана на неопределено време заради вршење работи утврдени со Законот за банки. Банката е правно лице чија основна дејност е прибирање на депозити, други повратни извори на средства од јавноста и одобрување на кредити во свое име и за своја сметка.
  Банката работи во рамките на Деловната политика и Развојниот план.

  Според Законот за банки на РМ и согласно судската регистрација, Банката е овластена да ги врши следните активности:

  - Прибирање депозити и други повратни извори на средства;
  - Кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање комерцијални трансакции;
  - Кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање комерцијални трансакции;
  - Издавање и администрирање платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
  - Финансиски лизинг;
  - Менувачки работи;
  - Платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
  - Изнајмување платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
  - Изнајмување сефови, остава и депо;
  - Тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, чекови, сертификати за депозити);
  - Тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
  - Тргување со хартии од вредност;

- Тргување со финансиски деривати;
- Давање услуги на банка-чувар на имот;
- Посредувања во продажба на полиси за осигурување;
- Посредување во склучување договори за кредити и заеми;
- Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;
- Економско-финансиски консалтинг;
- Инвестиционо советување;
- Дејствување како покровител при котација;
- Извршување трансакции, активности за сметка на трети лица потребни за преземање акционерски друштва;
- Купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност.

Банката работи на подрачјето на Република Македонија со деловни односи со голем број на големи банки во светот и свои сметки во неколку од тие Банки.

Главните производи односно услугите на кои е сконцентрирано работењето на Банката се:
- Кредитирање на физички лица;
- Кредитирање на правни лица;
- Корпоративно кредитирање;
- Услуги со платен промет;
- Картично работење;
- E-Banking;
- Услуги со хартии од вредност.

Последните години од работењето на Банката, следејќи ги трендовите на развој на електронското работење, се врши континуиран развој и унапредувањето на E-banking продуктите на Банката за денеска да резултира со палета на производи и тоа:
- Правни лица:
  - -NLBPro klik (Pro klik email, Pro klik info, Pro klik mini, Pro klik maksi)
  - -FX Client

- Физички лица:
  - -Mini klik
  - -NLBToken
  - -MToken
  - -Mklik

- Приказ на приходите од камати и провизии и надоместоци:

**во илјада денари*	**2012**	**2011**
Приходи од камата	3,593,931	3,811,261
Расходи за камата	(1,602,308)	(2,008,338)
Нето-приходи/(расходи) од камата	**1,991,623**	**1,802,923**
Приходи од провизии и надомести	1,117,469	1,040,191
Расходи за провизии и надомести	(226,857)	(223,156)
Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести	**850,612**	**817,035**

- Против НЛБ Тутунска банка АД Скопје во изминатиов период се водеа неколку поголеми судски спорови кои завршија со позитивен исход за Банката, со оглед на тоа дека истите се докажаа како неосновани. Исто така, во моментот Банката води судски постапки преку овластените адвокатски канцеларии (во кои се јавува како тужена

страна или тужител), и во кои постапки како најчест основ е постоење или неисплата на долг. Поголеми судски спорови, во вкупна вредност над 5% од капиталот на Банката, кои се во тек од 2010 година и каде НЛБ Тутунска банка АД е тужена страна, се водат со правните лица Спенсер М Дооел Скопје и Плаза ДОО Тетово.

- Вработените во Банката ги остваруваат своите права и обврски согласно Законот, Колективниот договор и општите акти на Банката.
  Поединечните акти со кои поблиску се регулираат прашањата, обврските и одговорностите на работниците, ги донесува Управниот одбор на Банката согласно со Законот, Колективниот договор и Статутот.

  Во однос на бројот на вработени и клалификациона структура на вработените, НЛБ Тутунска банка АД Скопје заклучно со 31.12.2012 година има 773 вработени со различна класификациона структура. Во изминатите три години, состојбата на вработени според класификациона структура е следна:

Степен на образование	**Состојба на 31.12.2012 година**	**Состојба на 31.12.2011 година**	**Состојба на 31.12.2010 година**
Доктори на науки	1		
Специјалисти и Магистри на науки	33	26	19
Високо образование	611	624	609
Вишо образование	14	13	15
Средно образование	112	117	119
Останати	2	2	2
Вкупен број на вработени	**773**	**782**	**764**

- НЛБ Тутунска банка АД Скопје во претходните две години нема остварено значителни инвестиции во хартии од вредност на други трговски друштва. Во однос на инвестиции во основни средства, недвижности и згради, истите се состојат од експозитури и деловен простор. Сите недвижности и опрема се искажуваат според набавна вредност намалена за амортизација и за акумулирани загуби поради оштетување. Набавната вредност ги вклучува трошоците што се директно поврзани со стекнувањето на средството.

  Последователните издатоци се вклучени во набавната вредност на средствата или се искажани како посебно средство, само кога е веројатно дека идните економски користи поврзани со средството ќе бидат прилив во Банката и можат веродостојно да се измерат. Сите други поправки и одржувања на недвижностите, постројките и опремата се признаваат во билансот на успех во периодот кога тие настанале.

  Амортизацијата на недвижностите и опремата се пресметува со примена на методот на праволиниска основа за да се распредели нивната набавна вредност до остатокот на вредноста во текот на нивниот корисен век на употреба. Материјалните средства се амортизираат од датата кога се расположливи за употреба.
  Земјиштето и уметничките дела не се амортизираат.

  Корисниот век на употреба на средствата е следниот:

	2012	**2011**
згради	40 година	40 години
мебел и опрема	4-10 година	4-10 години

На секој датум на Билансот на состојба, Банката ја разгледува преостанатата вредност на средствата и корисниот век на употреба на средствата и истите се прилагодуваат, ако е потребно. Средствата кои се предмет на амортизација се ревидираат за оштетувањето кога настаните и промените покажуваат дека сметководствената вредност не може да се надомести. Ако сметководствената вредност на средството е поголема од пресметаниот надоместлив износ, тогаш сметководствената вредност на средството се сведува до надоместливиот износ. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ од нето продажната цена на средството и неговата употребна вредност.

Добивките и загубите од повлекување од употреба или отуѓување се утврдуваат како разлика помеѓу проценетите нето приливи и сметководствената вредност.

Усогласување на сегашната сметководствена вредност е даден во следниот преглед:

Во илјади денари	**Земјиште**	**Градежни објекти**	**Транспортни средства**	**Мебел и канцелариска опрема**	**Останата опрема**	**Др. ставки на нед. и опремата**	**Недвижности и опрема во подготовка**	**Вложување во нед. и опремата земени под закуп**	**Вкупно**
31.12. 2011	5,056	565,617	24,367	88,285	113,762	14,844	16,764	18,581	847,276
31.12. 2012	145,639	1,962,461	13,346	59,841	73,897	13,351	0	10,196	2,278,731

Значителна ставка од приказот за вложување во основни средства е вложувањето во градежни објекти, односно реализираното вложување во новата деловна зграда на Банката на улица Водњанска Бр.1.

- НЛБ Тутунска банка АД Скопје е дел од банкарскиот систем на Република Македонија и е трета најголема банка во земјата.

  Според пресекот направен на 31.12.2012 година, пазарното учество на билансна актива, кредити кај небанкарскиот сектор и депозити од небанкарски сектор е следното:

  - Билансна актива 31.12.2012 – 16,86%
  - Кредити кај небанкарски сектор (бруто) 31.12.2012 – 18,34%
  - Депозити од небанкарски сектор 31.12.2012 – 18,02%

IV ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

- Финансиските податоци за последните три години се дадени во следниот приказ:

податоците се во 000 денари

Година	**2012**	**2011**	**2010**
Вкупни средства	59.505.625	61.566.020	62.658.950
Вкупни обврски	53.982.495	56.531.799	58.064.439
Добивка пред оданочување/загуба	503.941	661.239	473.000
Нето добивка по акција	585	773	556
Коефициент цена/добивка	3	3	6
Коефициент цена/книговодствена вредност на акција	0,26	0,39	0,67
Износ на исплатена дивиденда по акција	0	0	0
Дивиденден принос	0	0	0

- НЛБ Тутунска банка АД Скопје нема мнозинско учество во други друштва.

  Банката има вложувања во придружено друштво, НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје.
  Вложувањето кое овозможува поседа над 20% и повеќе од гласачката моќ на друштвото во кое е вложено, и постои значајно влијание над друштвото во кое што е вложено претставува вложување во придружено друштво.
  Вложувањето во придружено друштво се признава како средство во билансот на состојба на датумот на тргување.
  Почетното мерење на вложувањето во придруженото друштво се врши според набавната вредност (трошоците на вложувањето). Трансакциските трошоци се вклучуваат во почетното мерење на вложувањата.
  Банката последователно го мери вложувањето во придружено друштво според методот на главнина со кој сметководствената вредност се зголемува или намалува за да се признае учеството на Банката согласно остварените нето добивки/загуби на ентитетот во кој е вложено. Сите распределби (дивиденди) примени од друштвото во кое е вложено, ја намалуваат сметководствената вредност на вложувањето.

V ПОДАТОЦИ ЗА АКЦИИТЕ ЗА КОИ СЕ БАРА КОТАЦИЈА

- Основната главнина на НЛБ Тутунска банка АД Скопје е распределена во 854.061 обични акции со номинална вредност од 1.000,00 денари по акција.

- Правата кои им припаѓаат на акциите се образложени во делот за Податоци за издавачот и капиталот на издавачот.

- Одредбите во Статутот кои се однесуваат на Собранието на акционери, соопштенија за акционерите, правото на глас дивиденда, ликвидација на друштвото и откуп на сопствени акции се следните:

  - Собранието на Банката го сочинуваат сите акционери, лично или преку нивните полномошници.

  Секој акционер може да овласти, со полномошно, свој полномошник на Собранието.
  Акционерите, кои се правни лица, на Собранието ги застапуваат нивните законски застапници или лица кои се овластени од нив.
  Овластувањето на полномошникот се дава со потпишување на писмено полномошно, без обврска истото да се завери на нотар. За даденото полномошно, акционерот е потребно веднаш да ја извести Банката, во спротивно се смета дека акционерот не го

дал полномошното. Полномошното има важност се до неговото отповикување, но не подолго од две години од денот на неговото давање.

Собранието на Банката ги врши следните работи:

- Го усвојува Статутот и измените и дополнувањата на статутот на Банката;
-. Ја усвојува деловната политика и развојниот план на Банката;
- Го усвојува финансискиот план на Банката;
-. Го разгледува и усвојува годишниот извештај за работењето на Банката заедно со писмено мислење изготвено од страна на Надзорен одбор;
- Го разгледува годишниот извештај за работа на службата за внатрешна ревизија заедно со писменото мислење по истиот изготвено од страна на Надзорниот одбор;
- Го разгледува извештајот за работа на одборот за ревизија;
- Го разгледува и усвојува извештајот на друштвото за ревизија и писменото мислење по истиот изготвено од страна на Надзорниот одбор;
- Ја усвојува годишната сметка и финансиските извештаи на Банката;
- Одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка, или покривање на загубите;
- Одлучува за нова емисија на акции на Банката;
- Одлучува за статусни промени и за престанок на работењето на Банката;
- Ги именува и разрешува членовите на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија;
- Избира друштво за ревизија;
- Ја усвојува листата на нето должници, одобрена од страна на Надзорниот одбор;
- Одлучува и за други прашања од значење за работењето на Банката предвидени со Статутот на Банката;
- Го донесува Деловникот за работа на Собранието на Банката и неговите измени;
- Одлучува за зголемување и намалување на основната главнина;
- Го разгледува и усвојува извештајот за работата на Надзорниот одбор и ја одобрува работата на сите членови на Надзорниот одбор, поединечно;
- Го разгледува и усвојува извештајот за работата на Одборот за ревизија и
- Одлучува и за други прашања од значење за работењето на Банката, предвидени со Статутот и Законот за трговски друштва.

- Седници и одлуки на Собранието на акционери

Собранието на Банката работи на седници, кои се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш годишно.
Годишното Собрание на Банката задолжително се одржува пред истекот на шест месеци од календарската година за претходната година.
Одлука за свикување на Собранието на Банката и за одредување на предлог-дневен ред донесува Управниот одбор на Банката, односно Надзорниот одбор на Банката.

Надзорниот одбор со мнозинство гласови од своите членови може да донесе одлука за свикување на Собранието на акционери по сопствена иницијатива.

Акционерите кои сите заедно имаат најмалку 10% од гласовите во Собранието на Банката, можат по писмен пат да бараат од Управниот одбор, да свика Собрание на Банката. Во писменото барање акционерите треба да ги наведат причините за свикување на Собранието на Банката, предметот за кој Собранието на Банката ќе одлучува, своето име, презиме, местото на живеење и ЕМБГ, односно фирмата, седиштето и ЕМБС ако акционерот е правно лице.

Управниот одбор, во рок од осум дена од денот на приемот на барањето на акционерите за свикување на Собрание, донесува одлука за прифаќање или за одбивање на барањето. Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради кои што така е одлучено.
Ако по барањето на акционерите кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас, Управниот одбор или Надзорниот одбор не свикаат Собрание во рок од 24 часа од денот на поднесување на барањето, акционерите можат да поднесат предлог за свикување Собрание до суд.

Собранието на Банката се свикува со праќање на покана до сите акционери, чии акции се запишани во книгата на акции, на начин кој овозможува да се потврди дека поканата е испратена до секој акционер, со датум кога е испратена и примена.
Поканата се испраќа според изводот од акционерската книга, кој што не е постар од три дена до денот на испраќањето на поканата.
Собранието може да биде свикано и со објавување на јавен повик до акционерите. Јавниот повик за одржување на седница на собранието се објавува на половина страница во најмалку еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Македонија. Покрај ова, содржината на јавниот повик се објавува и на насловната страница од официјалната интернет страница на Банката.
Право на присуство на седниците на Собранието, имаат акционерите кои се уредно запишани во книгата на акции.

Поканата, односно повикот за учество на Собранието на Банката ги содржи следните елементи:

- Фирмата и седиштето на друштвото;
- Местото, датумот и часот на одржување на собранието;
- Дневниот ред според кој ќе работи собранието;
- Начинот на којшто се достапни материјалите што се подготвени за собранието;
- Опис на постапката според која акционерите учествуваат и гласаат на седница на собранието;
- Адресата на официјалната интернет страница на Банката на која ќе бидат достапни информациите во врска со собранието и материјалите предложени за собранието на акционери.

Рокот кој тече од денот на испраќањето, односно објавувањето на повикот за учество во Собранието до денот на одржувањето на Собранието не може да биде покус од 21 ден, ниту подолг од 50 дена.

Акционерот кој има намера да учествува на Собранието е должен да го пријави своето учество (пријава за учество на Собранието) најдоцна до почетокот на седницата.
Списокот на пријавени акционери го подготвува Управниот или Надзорниот одбор, односно лице овластено за свикување на Собранието и пред почетокот на одржувањето на Собранието подготвувачот го споредува според состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на Собранието.
Пред почетокот на одржувањето на Собранието на акционери, списокот на пријавени акционери го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер со што го верификува своето присуство на Собранието (верификуван учесник на Собранието).

Материјалите за одлучување на седница на Собрание на Банката мораат да бидат достапни до акционерите од денот на испраќањето на поканата, односно на објавување на јавниот повик, во определена просторија на Банката.
Во период кој не може да започне подоцна од дваесет и првиот ден пред денот на одржување на седница на собранието, како и на денот на одржување на седницата на собранието, Банката на својата интернет страница ги објавува најмалку следниве информации:

- Содржината на јавниот повик, односно поканата за свикување на седница на собрание на акционери;
- Вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објавата на јавниот повик, односно на денот на испраќање на поканата, вклучително и вкупен број на акции од секој род и класа;
- Документи и материјали кои ќе се разгледуваат на седницата на Собранието на акционери;
- Предложените одлуки од акционерите кои Банката веднаш откако ќе ги прими треба да ги објави;
- Обрасците за гласање преку полномошник подготвени за преземање електронски од страна на акционерите.

Секој акционер, односно неговиот застапник или полномошник има право на учество на Собранието на Банката под услови утврдени со овој Статут, ако со закон не е одредено поинаку.
Право на гласање и давање предлози за расправа за одделни прашања, имаат само акционерите кои се сопственици на акции со право на глас.
Кога со одлука на Собранието, односно со одлука за измена на Статутот се менува, односно ограничува кое било право врзано за некој род акции, таа одлука се смета за полноважна ако акционерите кои го претставуваат соодветниот род акции дадат согласност со донесување одлука за согласност со мнозинство определено со овој Статут и закон.
Акционерите можат одлуката за согласност да ја донесат на одделна седница (посебно Собрание) или на истото Собрание со други акционери но со одделно гласање (одвоено гласање).

Собранието може да одлучува само за прашања коишто се уредно ставени на дневен ред. Собранието може да расправа, без право на одлучување, и за прашања коишто не се уредно ставени на дневен ред.
Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки во дневниот ред ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка на Собранието коешто веќе е свикано.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или кои ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието.
Барањето за вклучување на точки во дневниот ред и/или предлагањето на одлуки за усвојување на Собранието коешто е свикано се испраќа до свикувачот на Собранието, во рок од 8 дена од денот кога е испратена поканата, односно од денот кога е објавен јавниот повик за учество на Собранието.

Собранието на Банката има кворум за работа ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на Собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас.
Освен во случаите одредени со Статутот и со Закон, Собранието на Банката одлучува со обично мнозинство на присутните гласови.
Собранието на Банката одлучува со 2/3 од акциите со право на глас претставени на Собранието за измена на статутот, за издавање на акции, за зголемување или намалување на основната главнина на Банката, статусни измени, за престанок на Банката и во други случаи утврдени со закон.
Постапка за измена на Статутот можат да покренат Управниот одбор, Надзорен одбор, како и акционерите кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас.

Со седницата на Собранието претседава Претседавач. Претседавачот со Собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата на Собранието, а може да утврди и правила за водење на седницата на Собранието.
Претседавачот со Собранието се избира за секое одделно Собрание.
Мандатот на претседавачот со Собранието трае до изборот на претседавачот на наредното Собрание кое што треба да биде одржано.
За претседавач со Собранието може да биде избран секој акционер или лице кое што застапува акционер. За претседавач со Собранието не може да биде избран член на Управниот одбор или член на Надзорен одбор.
Претседавачот на Собранието ја води седницата на Собранието, го заверува потпишаниот список на пријавени акционери за учество на Собрание, ги потпишува одлуките, записникот и другите акти на Собранието и се грижи за правилно спроведување на Деловникот за работа на Собранието.

Претседавачот, откако ќе констатира дека постои кворум, ги повикува акционерите да се изјаснат за предложениот дневен ред на седницата. Дневниот ред е усвоен кога ќе гласаат мнозинство од акционерите со право на глас во Собранието.
Секој акционер има право во кое било време да поднесува иницијатива за вклучување на точки во дневниот ред на Собранието коешто ќе биде свикано, на начин и постапка детално определена во Деловникот за работа на Собранието на акционери.
Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на собрание, а Банката е должна да одговори на прашањата што ги поставуваат акционерите. Банката може да даде еден збирен одговор на прашања со иста содржина.
Одговорите на поставените прашања на седница на Собранието, Банката е должна да ги објави на својата интернет страница во формат на прашање и одговор.

Ако на Собранието не се обезбеди кворум, за време што не е подолго од 15 дена, се свикува ново Собрание, кое може да одлучува по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување без оглед на бројот на присутните акционери со право на глас и бројот на акциите кои ги поседуваат, освен за прашањата за кои со закон, или овој Статут е определено одлучување со квалификувано мнозинство.

Ако дојде до прекин на седница на Собранието што започнало со работа, присутните акционери на седницата можат да одлучат Собранието да продолжи со работа во време и место што се определува со мнозинство гласови од кворумот за работа на Собранието.
Одложувањето не може да биде подолго од осум дена.
Ако дојде до прекин на седницата на Собранието, а Собранието не донесе одлука за продолжување со работа, тогаш претседавачот со Собранието го определува времето и местото на продолжување на прекинатата седница на Собранието.

Собранието одлучува со јавно гласање. За броењето на гласовите Собранието избира најмалку еден бројач на гласови.
По барање на еден или на повеќе акционери кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акции со право на глас, се пристапува кон тајно гласање, за што се избира Комисија за спроведување на тајно гласање. Составот на Комисијата за спроведување на тајно гласање и постапката за спроведување на тајното гласање се утврдени со Деловникот за работа на Собранието.
Акционерите можат да гласаат на Собранието преку телефон или преку друго соодветно електронско средство, кое што е дел од јавната комуникациска мрежа и преку којшто може, на сигурен начин да се утврди идентитетот на секој акционер, правото на глас, начинот на воспоставување на комуникациска врска меѓу Банката и акционерите и тоа така што гласањето ќе биде достапно на секој акционер и ќе може со сигурност, да се евидентира извршеното гласање.
По извршување на гласањето, Претседавачот го утврдува и го објавува резултатот од гласањето. Собранието ги донесува одлуките според предвиденото мнозинство утврдено со Статутот.

Во рок од 15 дена од денот на одржаната седница на собранието, Банката е должна на својата интернет страница да ги објави резултатите од гласањето.

За работата на Собранието се води записник кој ги содржи податоците утврдени со Деловникот за работа на Собранието на акционери. Записникот се подготвува најдоцна во рок од осум дена од одржувањето на Собранието и него го потпишуваат записничарот и претседавачот на Собранието, а го заверуваат заверувачи на записник.

За записничар и заверувачи на записник не може да бидат избрани член на Управен одбор, или Надзорен одбор, ниту претседавачот на Собранието.

Ако Собранието одлучува за измена на податок што согласно Законот за трговски друштва се упишува во трговскиот регистар записникот го води нотар и тогаш записникот се подготвува најдоцна во рок од три дена од денот на одржување на Собранието и него го потпишува нотарот и претседавачот со Собранието.
Банката е должна во рок од 15 дена по одржувањето на Собранието на Банката, до Народната Банка да го достави записникот од одржаното Собрание заедно со материјалите и донесените одлуки.

Со Деловникот за работа на Собранието на Банката, поблиску се регулира начинот на работењето и гласањето во Собранието како и други прашања од значење за работа на Собранието.
Одлуките на Собранието влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако во одлуката не е утврден друг датум на влегување во сила.

- Работењето на Банката е јавно.

Банката во своето седиште мора да ги чува следниве акти и документи;

- Статутот и другите акти, како и сите нивни измени и дополнувања, заедно со пречистените текстови;
- записиците и сите други документи од сите собранија на акционери;
- записниците и одлуките од состаноците на Надзорниот и Управниот одбор;
- годишните сметки и финансиските извештаи кои што треба да ги чува според закон;
- прилози (исправи и докази) кои што се поднесени до трговскиот регистар;
- сите јавни повици и проспекти за издавање на акции и други хартии од вредност на Банката;
- целокупната писмена коресподенција на Банката со нејзините акционери;
- ажурирана листа со имиња и презимиња и адреси на сите избрани членови на Надзорниот и Управниот одбор;
- документи за залог и хипотека;
- извештајот од овластениот ревизор и извештајот од овластениот проценител;
- гласачките ливчиња и полномошната за учеството на Собранието во оригинал или копија;
- колективниот договор на ниво на Банката и
- други акти и документи предвидени со закон.

Акционерите на Банката, деловните партнери, коминтентите и штедачите, имаат право на информирање за работењето на Банката.
Со посебен акт се утврдуваат формите и содржината на информирањето како и други прашања од информирањето.

На секој акционер ќе му се обезбеди право на увид на актите и другите документи кои Банката согласно законските прописи е должна да ги чува во своето седиште.
Правото на информирање за записниците и одлуките на Управниот одбор акционерите ги остваруваат преку членовите на Надзорниот одбор.

Акционерот кој бара увид, мора претходно да ја информира Банката три дена пред денот за бараниот увид и увидот ќе може да го изврши во деловните простории на Банката.
Акционерот ќе ги плати трошоците за бараните копии, кои што не можат да бидат повисоки од стварните трошоци.
Акционерот не може јавно да ги објавува или да ги презентира информациите, освен на акционерите, ако остварува пред надлежен орган некое право определено со закон, Статутот и со друг акт на Банката, или ако тие веќе не се јавно објавени.
Доколку акционерот објави или на некој друг начин злоупотреби информација и со тоа свое дејство и причини штета на Банката и одговара на Банката за причинетата штета.
Акционерите и коминтентите на Банката се извесуваат за работењето на Банката преку веб страницата на Банката и другите форми на информирање согласно со закон.
Со акт на Управниот одбор се определува начинот, формата и содржината на податоците и актите што се објавуваат а се значајни за акционерите и Банката.

- Правото на глас согласно различите родови на акции е образложено во делот Податоци за издавачот и капиталот на издавачот.

- По одобрување на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдување на постоење на добивка за распределба, Собранието го определува делот којшто им се доделува на акционерите во форма на дивиденда, според правата што ги дава родот и класата на акциите.

Управниот одбор може да исплати дивиденда во износ кој што не ја надминува вкупно оставарената добивка искажана со годишната сметка и со финансиските извештаи, зголемена за пренесената нераспределена добивка од предходните години или со резервите кои можат да се распределуваат и ако се покриени загубите од претходните години, ако тие од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи.
Дивидендата се исплатува најдоцна во рок од девет месеца по завршување на деловната година. На акционерите може во текот на деловната година од предвидливиот дел од добивката да им се исплати аванс на име дивиденда.
Секој акционер дел од дивидендата што е ставена на распределба или од авансите од дивидендата, може да ја добие во пари односно акции.
Понудата за плаќање на дивидендата или на авансите од дивидендата во акции мора да биде направена во исто време на сите акционери според родот и класата на акциите.
Со одлука на Собранието со која што се одобрува плаќање на дивиденда се определува:

- износот на дивидендата;
- датумот на евиденција според којашто се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда и
- планот за исплата на дивидендата и денот на кој што дивидендата се исплаќа (ден на исплата) и начинот на кој Банката ги известува лицата кои имаат право на дивиденда според донесената одлука.

Управниот одбор е овластен врз основа на периодична сметка или периодични финансиски извештаи за трите, шесте, односно деветте месеца, потврдени од овластен ревизор на Банката, да им исплати на акционерите аванс на име на дивиденда.

Управниот одбор може да го исплати авансот на дивиденда само до износот на добивката која што е остварена во периодот во кој што се исплаќа авансот на дивидендата, при што не може да се надмине вкупната добивка остварена во претходната година одобрена со годишна сметка, зголемена за пренесенета нераспределена добивка од претходните години и со резервите кои можат да се распределуваат за оваа цел, намалени за износите кои што се издвојуваат за законските резерви и за резервите утврдени со статутот, за период за кој што се пресметува авансот на дивидендата, ако не се покриени загубите од претходните години, а тие од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи.

За исплата на аванс на дивиденда потребна е согласност со едногласна одлука на Надзорниот одбор.

- Банката престанува со работа:
  - Кога Собранието на Банката ќе донесе одлука за престанок;
  - Народна Банка на Република Македонија ќе ја одземе дозволата за основање;
  - Статусна промена со која Банката го губи статусот на самостојно правно лице;
  - Воведување на стечајна постапка од страна на надлежниот суд.

- Банката може да стекнува сопствени акции со откуп, самата или преку лице кое дејствува од свое име, а за нејзина сметка, до 10% од номиналната вредност на вкупните акции на Банката, но износот на откупените акции не смее да го надмине износот на нераспределената добивка.

Откупот на сопствените акции е полноважен, само доколку Собранието на Банката донесе одлука за стекнување на сопствени акции преку откуп во која се утврдени начинот на откупот, максималниот број на акции што може да се откупи, времето во кое откупот треба да се изврши и кое не може да биде подолго од 12 месеци од денот на донесувањето на одлуката за стекнување на сопствени акции, минималната и максималната противвредност која може да се плати за нив и номиналната вредност на откупените сопствени акции заедно со мининалната вредност на сопствените акции што Банката ги има стекнато претходно и што ги поседува да не надминува 10% од номиналната вредност на вкупните акции на Банката.
Акциите мора да се отуѓат во рок од една година од денот на нивното стекнување, во спротивно без одлагање мора да бидат поништени.
Стекнувањето на сопствени акции спротивно на веќе наведените услови е ништовно.
Правата стекнати од сопствените акции мируваат се до моментот на нивното отуѓување.

- Статистичкиот преглед за тргувањето на акциите на НЛБ Тутунска банка АД Скопје на Македонската Берза за хартии од вредност АД Скопје за период од три години:

Година	Последна цена на 30.12	Просечна цена	Количина	Највисока цена	Најниска цена	Просечна дневна количина	Број на денови на тргување/вкупно трговски денови во годината
2010	3600	4093,87	23303	5160	3300	94	193/247
2011	2300	3369,18	11313	4300	2300	47	137/243
2012	1700	1956,44	4884	2300	1630	69	71/246

Графички приказ на движење на цената на акцијата на НЛБ Тутунска банка АД Скопје



VI ПОДАТОЦИ ЗА ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ИЗДАВАЧОТ

Управувањето во НЛБ Тутунска банка АД Скопје е организирано според двостепен систем на управување, согласно Законот за трговски друштва и специфчностите од Законот за Банки. Статутот на Банката е усогласен со Законот за трговски друштва и Законот за Банки на РМ.
Корпоративното управување во Банката претставува збир од заемни односи меѓу Управниот одбор, Надзорниот одбор, другите лица со посебни права и одговорности кои извршуваат раководна функција во Банката, акционерите на Банката и останатите заинтересирани субјекти.
Корпоративното управување се заснова врз принципите на одговорност, транспарентност и контрола во одлучувањето и во секојдневното работење и известувањето за состојбите во компанијата.

Управувањето на Банката се остварува преку:

-Собрание на акционери – Со Банката управуваат акционерите на Банката преку Собранието на Банката, кои поседуваат акции со право на управување, согласно принципот една акција, еден глас.
Собранието на Банката го сочинуваат сите акционери, лично или преку нивните полномошници.

-Надзорен одбор – Надзорниот одбор врши надзор на работењето на Управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиски активности и го надгледува нивното спроведување. Кандидатите за членови на Надзорен одбор ги предлагаат акционерите.
Надзорниот одбор е одговорен да обезбеди добро работење и управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народна Банка. Надзорниот одбор на Банката го сочинуваат 6 членови, кои ги именува и разрешува Собранието на Банката од редот на лицата предложени од акционерите на Банката, по согласност од Гувернерот на Народна Банка на Република Македонија. Членови на Надзорниот одбор на Банката се:

- **Марко Јазбец** - Претседател на Надзорен одбор од 19.05.2011 година. Член на управата на НЛБ д.д. Љубљана.
  Деловна адреса: НЛБ д.д. Љубљана, Чопова Улица бр.3, Љубљана, Словенија.

  -**Образование:** Своето образование го стекнал на Универзитет во Љубљана, Економски Факултет - Дипломиран економист, главен предмет: финансии и монетарна политика. Добил академско признание од факултетот (Ф. Прешерен Факултетско признание). Признанието на Банката на Словенија за дипломскиот труд „Субвенциите во Словенија".

  -Членство во Одбор на директори, Надзорен или Управен одбор: Во моментов е претседател на Надзорниот одбор на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје, НЛБ Развојна банка Бања Лука, НЛБ Банка д.д. Тузла и ЦБС Инвест Сараево. Претседател е на Управен одбор на НЛБ Банка АД Београд.

  - **Друштва во кои е член на Одбор на директори, Надзорен или Управен одбор во последните 5 години, содружник или акционер**: Во изминатите 5 години бил Претседател на Надзорен одбор на: НЛБ Тутунска Банка АД Скопје, НЛБ Развојна банка Бања Лука, НЛБ Банка д.д. Тузла, ЦБС Инвест Сараево, НЛБ Лизинг д.о.о. Љубљана, Интереуропа Сајам д.о.о. Загреб и АД Интереуропа – логистички услуги Београд; член на Надзорен одбор на: Интереуропа, логистички услуги, д.о.о Загреб, Интереуропа РТЦ д.д. Сараево и Нова КБМ д.д.; Престседател на Надзорен совет на НЛБ подружница Трст. Претседател на Управен одбор на НЛБ Банка а.д. Београд.
  Содружник е во друштвото Мефидус д.о.о Љубљана.

  -Релевантно професионално искуство:
  - Март 1995- февруари 1996 : Банка на Словенија, практикант, Оддел за меѓународни односи;
  - Март 1996 – август 1997: Банка на Словенија, продавач на финансиски пазар/аналитичар, Оддел за управување со девизни резерви;
  - Септември 1997 – јуни 2000: Банка на Словенија, раководител на Одделот за управување со девизни резерви;
  - Јули 2000 – септември 2001: СКБ Банка с.с., советник на Управниот одбор на Банката;
  - Октомври 2001- мај 2002: СКБ Банка д.д., Заменик на Извршниот директор, Оддел за финансии;
  - Јуни 2002 – ноември 2002: СКБ д.д., Заменик на извршниот директор, Оддел за капитални пазари и инвестициско банкарство;
  - Декември 2002 – декември 2003: СКБ Банка д.д., Извршен директор, оддел за капитални пазари и инвестициско банкарство;
  - Јануари 2004- мај 2004: СКБ Банка д.д., Извршен директор (колективно управување со уште еден Извршен директор), Оддел за комерцијален менаџмент;
  - Јуни 2004 – април 2005: Дрога, Живилска индустрија д.д., член на Управен одбор, финансии, сметководство и ИТ;
  - Мај 2005 – јули 2007: Дрога Колинска, Живилска индустрија д.д., Извршен директор за финансии, сметководство и ИТ;
  - Август 2007 – мај 2009: Мефидус д.о.о., Љубљана, Словенија, компанија за претприемачко и деловно советување, генерален директор и сопственик;
  - Јуни 2009 – ноември 2009: Интереуропа, глобален логистички услугодавач, делнишка дружба, Заменик-Претстедател на Управниот одбор;
  - Декември 2009 – трае: Нова Љубљанска банка д.д., Член на Управниот одбор.

- **Јуре Пељхан** - Заменик претстедател на Надзорен одбор од 19.05.2011 година. Раководител на Дирекцијата на НЛБ-групацијата за корпоративен и бизнис менаџмент.
  Деловна адреса: НЛБ д.д. Љубљана, Чопова Улица бр.3, Љубљана, Словенија.

-**Образование**: Своето образование го стекнал на Факултетот за организациски науки во Крањ, на факултетот по информатика. Во 2002 година се стекнува со звање специјалист по менаџмент по завршени постдипломски студии за менаџмент на Економскиот Факултет во Љубљана. Со званието магистер се стекнува во 2003 година по завршување на магистерски студии по менаџмент и организација на Економскиот Факултет во Љубљана.

-Членство во Одбор на директори, Надзорен или Управен одбор: Во моментов е член на Управен/Надзорен/Одбор на директори на: НЛБ Тутунска Банка АД Скопје, Банка Цеље, НЛБ Приштина, НЛБ Монтенегробанка, НЛБ развојна банка и НЛБ Банка Белград.

- **Друштва во кои е член на Одбор на директори, Надзорен или Управен одбор во последните 5 години, содружник или акционер**: Во изминатите 5 години бил член на Управен/Надзорен/Одбор на директори на: НЛБ Тутунска Банка АД Скопје, Банка Цеље, НЛБ Приштина, НЛБ Монтенегробанка, НЛБ развојна банка и НЛБ Банка Белград.

-Релевантно професионално искуство:

- 1999 – Нова Љубљанска банка, д.д. Љубљана (системски аналитичар – платежни трансакции);
- 2001 - Нова Љубљанска банка, д.д. Љубљана (системски аналитичар – човекови ресурси, плаќања и образовни системи);
- 2001 – Нова Љубљанска банка, д.д. Љубљана (дел од групата на млади талентирани вработени);
- 2002, 2003 – Нова Љубљанска банка, д.д. Љубљана (проект лидер);
- 2004, 2005 – Нова Љубљанска банка, д.д. Љубљана (советник на член на Управниот одбор);
- 2006, 2007 – Нова Љубљанска банка, д.д. Љубљана (Раководител на Одделот за стратешко планирање и управување со информатичкиот систем на Банката);
- 2008-2010 – Нова Љубљанска банка, д.д. Љубљана (Раководител на Административниот центар за информатичка технологија);
- 2011- Нова Љубљанска банка, д.д. Љубљана (Раководител на Дирекцијата на НЛБ-групацијата за корпоративен и бизнис менаџмент).

- **Маријета Звер Цанкар** - Член на Надзорен одбор од 19.05.2011. Бизнис менаџмент на групацијата, Генерален менаџер.
  Деловна адреса: НЛБ д.д. Љубљана, Чопова Улица бр.3, Љубљана, Словенија.

-**Образование:** Во 1987 година се стекнува со звање дипломиран економист на Универзитет во Љубљана, а во 1997 година Магистер по економски науки на истиот факултет.

-Членство во Одбор на директори, Надзорен или Управен одбор: Во моментов е член на Управен/Надзорен/Одбор на директори во: НЛБ Развојна Банка, НЛБ Лизинг Љубљана и НЛБ Лизинг Скопје.

- **Друштва во кои е член на Одбор на директори, Надзорен или Управен одбор во последните 5 години, содружник или акционер**: Во изминатите 5 години била член на надзорните одбори во НЛБ Нов Пензиски Фонд Скопје, НЛБ Тутунска Банка АД Скопје, НЛБ Развојна Банка и НЛБ Лизинг Скопје.
Поседува акции во друштвата: Горење, Нова КБМ, Крка, НЛБ д.д. и Перутнина Птуј.

-Релевантно професионално искуство:

- 1987 – 1992 Љубљанска банка Господарска банка, Љубљана, Меѓународни плаќања, Оддел за работа со документи, раководител на оддел;
- 1992 – 1993 Љубљанска банка, д.д. Љубљана, Меѓународни плаќања, Оддел за излезни плаќања, стручно лице;
- 1993 – 2001 Нова Љубљанска банка, д.д. Љубљана, Меѓународни плаќања, Оддел за влезни плаќања, постар менаџер;
- 2001 – 2002 Нова Љубљанска банка, д.д. Љубљана Бизнис менаџмент на групацијата, постар советник,Заменик генерален директор;
- 2003 – 2009 Нова Љубљанска банка, д,д, Љубљана, Менаџмент и контрола на инвестирање на капитал, заменик на генералниот менаџер;
- 2009 – јуни 2010 Нова Љубљанска банка, д.д. Љубљана, Бизнис менаџмент на групацијата, Заменик на генералниот менаџер;
- Јуни 2010 – Нова Љубљанска банка, д.д. Љубљана, Бизнис менаџмент на групацијата, Генерален менаџер.

- **Марјана Усеник** -Член на Надзорен одбор од 19.05.2011 година. Директор на Сектор за координација и развој во НЛБ Љубљанска банка д.д. Љубљана.
  Деловна адреса: НЛБ д.д. Љубљана, Чопова Улица бр.3, Љубљана, Словенија.

  -**Образование:** Во 1981 година се стекнува со звање Деловен економист, а во 1996 година – Дипломиран економист на Економскиот факултет во Љубљана.

  -Членство во Одбор на директори, Надзорен или Управен одбор: Во моментов е член на Надзорен одбор во Тутунска Банка АД Скопје.

  - **Друштва во кои е член на Одбор на директори, Надзорен или Управен одбор во последните 5 години, содружник или акционер**: Поседува акции во НЛБ д.д. Љубљана.

  -Релевантно професионално искуство:

  - 11.1999 – 09.2001 Долењска банка д.д. Ново место, Раководител на Одделот за девизни кредити;
  - 1.10.2001 – 12.2002 Нова Љубљанска банка д.д., Љубљана, Заменик на регионалниот раководител на филијалата Долењска и корпоративниот раководител на филијалата за МСП;
  - 1.2003 – 3.2004 Нова Љубљанска банка д.д., Љубљана, Директор на оддел за маркетинг на Деловниот центар Долењска – Посавје;
  - 4.2004 – 11.2005 Нова Љубљанска банка д.д., Љубљана, Заменик-раководител на деловниот центар Долењска - Посавје;
  - 12.2005 – 12.2007 Нова Љубљанска банка д.д., Љубљана, Постар директор;
  - 1.2008 – до денес, Нова Љубљанска банка д.д., Љубљана, Директор на Сектор за координација и развој.

- **Борислав Атанасовски** – Прв пат станува независен член на Надзорен одбор на НЛБ Тутунска банка АД Скопје на 29.05.2008 година. Реизбран е за независен член на Надзорен одбор од 19.05.2011 година. Управител е и содружник во Друштво за Ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ Боро и Љупчо Доо Скопје.
  Деловна адреса: Ул.Дрезденска 52, 100 Скопје.

  -**Образование:** Дипломиран економист – Овластен ревизор.

  - **Друштва во кои е член на Одбор на директори, Надзорен или Управен одбор во последните 5 години, содружник или акционер**: Во моментов поседува акции од Комерцијална банка АД Скопје, а до 2011 година бил акционер во НЛБ

Тутунска банка АД Скопје. Содружник во Друштво за Ревизија, проценка и финансиски консалтинг Б и Љ Боро и Љупчо Доо Скопје.

-Релевантно професионално искуство:

- 1980 - 1992 Виш ревизор во Службата на општествено книговодство – Централа Скопје, Дирекција за економско-финансиска ревизија;
- 1992 - 1994 Менаџер, Кооперс & Лубранд- Скопје;
- 1994 – до денес, Управител Б и Љ, Боро и Љупчо - д.о.о - Скопје

- **Абдулменаф Беџети** - Прв пат станува независен член на Надзорен одбор на НЛБ Тутунска банка АД Скопје на 29.05.2008 година. Реизбран е за независен член на Надзорен одбор од 19.05.2011 година.
  Деловна адреса: Ул.Илинденска бб, Тетово.

-**Образование:** Своето образование како Дипломиран економист го има стекнато на Универзитетот на Приштина, Косово на Економскиот факултет во 1982 година. Во 1999 се стекнува со звање Магистер на економски науки во областа Монетарна и Фискална Економија на Универзитетот Св.Кирил и Методиј во Скопје. На истиот, во 2002 година се стекнува со звање Доктор по економски науки во областа Јавни финансии и Фискална Политика.

-Членство во Одбор на директори, Надзорен или Управен одбор: Во моментот е член и на бордот на ЈИЕ Универзитет, Р.Македонија.

- **Друштва во кои е член на Одбор на директори, Надзорен или Управен одбор во последните 5 години, содружник или акционер**: Во моментот поседува акции во Брокерска Куќа Еурохаус Скопје.

-Релевантно професионално искуство:

- 1983-1985- АД Техно-Промет Тетово,Финансова оператива и сметководство;
- 1985-1987 - Техно-промет Тетово, Шеф на Финансова оператива;
- 1987-1990 - Служба на општествено книговодство (СОК) Тетово, Инспектор на Финансово и даночно работење;
- 1990-1994 - Служба на општествено книговодство (СОК) Тетово Инспектор за Финансиски и даночни услуги на државно ниво;
- 1994-1995 - Инспектор на УЈП на Р.М., Заменик Директор на институцијата;
- 1995-1996 - УЈП на РМ, Директор;
- 1996-1997 - Министерство за Развој на РМ, Министер за развој;
- 1999-1999 - Институт за Сигурноста на Инвестициите Insec С.Р. Германија, Надворешен соработник на Институтот;
- 1999-до денес - Универзитет во Тетово, Економски Факултет, part-time предавач;

-2002-2004 Декан на Факултетот за Бизнис Адмиснистрација, и редовен професор;

-2004-2012 ЈИЕ Универзитет, Р.Македонија, Про-Ректор за Финансиско планирање и развој

-Управен одбор – Управниот одбор на Банката ја претставува и застапува Банката и раководи со нејзината работа. Управниот одбор на Банката се состои од 3 лица, како членови на Управен одбор кои се подеднакво одговорни за работењето на Банката и за обврските што ги презема Банката. Членовите на Управен одбор рамноправно ја претставуваат и застапуваат Банката и раководат со нејзиното работење. Членовите на Управен одбор на Банката, ги именува и разрешува Надзорниот одбор на Банката со мнозинство гласови, по претходна согласност на Народната Банка.

- **Ѓорѓи Јанчевски –** Претседател на Управен одбор од 2007 година.
  Деловна Адреса: Ул.Водњанска Бр.1, 1000 Скопје

  -**Образование:** Дипломиран економист на Економскиот Факултет во Скопје на Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје.

  - **Друштва во кои во последните 5 години е содружник или акционер**: Во моментов поседува обврзници од втора и четврта емисија и акции во НЛБ Тутунска банка АД Скопје.

  -Релевантно професионално искуство:
  - 1974-1978 година Републички завод за цени;
  - 1978-1985 година Основна земјоделска банка Скопје;
  - 1985-1990 година се приклучува на тимот кој ја организира Интерната банка на ООЗТ Југотутун Скопје што претставува основа на денешната Тутунска банка АД Скопје, како Организатор на Банката и Раководител на Секторот за кредитирање и средства;
  - 1990-1998 година по трансформацијата на Интерната банка во Финансиска организација на ООЗТ Југотутун Скопје во 1990 година е назначен за нејзин Заменик директор. Во 1993 година истата се трансформира во Тутунска банка АД Скопје, како комерцијална банка која ги врши сите банкарски и финансиски услуги за клиентите. Се до 1998 година останува на позицијата Заменик директор на Тутунска банка АД Скопје;
  - 1998 -2007 ја извршува функцијата Прв генерален директор на Тутунска банка АД Скопје;
  - Во 2007 година со стапување на сила на Законот за банки на РМ, членовите на Работоводниот орган на НЛБ Тутунска банка АД Скопје, стануваат членови на Управниот одбор на Банката. Согласно тоа Ѓорѓи Јанчевски станува Претседател на Управниот одбор на НЛБ Тутунска банка АД Скопје, задржувајќи ги истите надлежности и овластувања.

- **Љубе Рајевски –** Член на Управен одбор од 2007 година.
  Деловна Адреса: Ул.Водњанска Бр.1, 1000 Скопје

  -Образование: Дипломиран економист на Економскиот Факултет во Скопје на Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје.

  -**Друштва во кои во последните 5 години е содружник или акционер**: Во моментов поседува акции во НЛБ Тутунска банка АД Скопје.

  -Релевантно професионално искуство:
  - 1983-1984 година професор во средното економско училиште Моша Пијаде (денешно Арсениј Јовков) во Скопје;
  - 1984-1986 година "Југомонтажа" Благој Дафков – Скопје, на позиција Раководител на служба за платен промет;
  - 1986-1987 година Интерна банка на СОЗТ Југотутун Скопје на позиција Главен референт во Секторот за платен промет;
  - 1987-1989 година извршува функција Главен референт за водење краткорочни кредити во Секторот за кредитирање и средства;
  - 1989-1994 година, работи како Шеф на службата за кредитирање и средства;
  - 1994-1999 година, назначен е за Директор на Секторот за кредитирање и средства на Тутунска банка АД Скопје;
  - 2000 година, назначен е за Заменик директор на Тутунска банка АД Скопје;

- 2001 - 2007 извршува функција Втор генерален директор на НЛБ Тутунска банка АД Скопје;
- Во 2007 година со стапување на сила на Законот за банки на РМ, членовите на Работоводниот орган на НЛБ Тутунска банка АД Скопје, стануваат членови на Управниот одбор на Банката. Согласно тоа Љубе Рајевски станува Член на Управниот одбор на НЛБ Тутунска банка, задржувајќи ги истите надлежности и овластувања.

- **Дамир Кудер –** Член на Управен одбор од 12.2010 година.
  Деловна Адреса: Ул.Водњанска Бр.1, 1000 Скопје.

  -Образование: Своето образование како дипломиран економист го стекнува на Економскиот факултет во Љубљана, како и звањето Магистер по економски науки на Економскиот факултет во Марибор**.**

  -Друштва во кои во последните 5 години е содружник или акционер: Во моментов поседува акции во: Бетон АД Скопје, ФЗЦ 11 Октомври, Емо Охрид, Фершпед АД Скопје, Комерцијална банка АД Скопје, Квасара Битола, Макошпед АД Скопје, Макпетрол АД Скопје, Тетекс АД Тетово, Тутунска банка АД Скопје, Арцелормиттал ХРМ и Жито Вардар АД Скопје.

  -Релевантно професионално искуство:
  - 1995-1998 година, средно-административно школо Љубљана- Професор по повеќе предмети;
  - 1997-2000 година, Министерство за економски односи и развој, Љубљана-член на преговарачки тим за склучување договори за слободна трговија;
  - 2000-2004 година, Амбасада на Република Словенија, Скопје- шеф на Оддел за економски прашања;
  - 2004-2005 година, Министерство за надворешни работи на Република Словенија-Секретар за економска дипломатија;
  - 2005-2006 година, НЛБ Љубљана- Советник за стручна припрема за управување во банкарството;
  - 2006-08.2007 година, НЛБ Тутунска банка АД Скопје- Советник на втор Генерален директор на Банката;
  - 08.2007-09.2009 година, НЛБ Тутунска банка АД Скопје- Советник на Управен одбор-помошник директор на Деловен сектор за стратешки коминтенти;
  - 09.2009-12.2010 година, НЛБ Тутунска банка АД Скопје- Директор на центар за координација на соработката со членките на НЛБ групацијата;
  - 12.2010 до денес-член на Управниот одбор на НЛБ Тутунска банка АД Скопје.

- Согласно Законот за банки на Република Македонија, членовите на Управниот и Надзорниот одбор не може да управуваат со Банка доколку имаат наоди по основ на изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот, или пак биле членови на Одборот на директори односно Управниот и Надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка.

- Не постои судир на интереси помеѓу одговорностите кои членовите на Управниот и Надзорниот одбор ги имаат во НЛБ Тутунска Банка АД Скопје и нивните лични интереси или други одговорности, ниту пак постои договор или соработка помеѓу овие лица и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што било кое од овие лица било избрано за член на одборот на директори односно управниот и надзорниот одбор на Банката.

- Учеството во основната главнина на друштвото на членови на Управен и Надзорен одбор на Банката е следна:

Име	Презиме	Број на акции	Учество
ЃОРЃИ	ЈАНЧЕВСКИ	2.069	0,24%
ЉУБЕ	РАЈЕВСКИ	718	0,08%
ДАМИР	КУДЕР	227	0,03%
(вкупен број издадени акции)		854.061	

- Не постојат ограничувања во располагањето на акциите издадени од издавачот на членовите на Управен Одбор и Надзорниот одбор на Банката.

- Не постои потенцијален судир на интереси помеѓу одговорностите на членовите на Управниот и Надзорниот одбор на Тутунска Банка АД Скопје и нивните приватни интереси или други одговорности, ниту пак постои договор или соработка помеѓу Членовите на Управниот и Надзорниот одбор на Тутунска Банка АД Скопје и големите акционери, клиентите, добавувачите и други лица врз основа на што било кое од овие лица било избрано за член на Управен или Надзорен одбор.

- Други поважни одбори на управување кои се утврдени и регулирани со Статутот на Банката се:
  - Одбор за управување со ризици
  - Одбор за ревизија
  - Надзорен одбор врз Информативниот систем
  - Одбор за развој (ОР)
  - Одбор за управување на средства и обврски (ОУСО).

VII РАЗВОЈНИ ПЕРСПЕКТИВИ

Стратешките насоки за развојот и работењето на НЛБ Тутунска банка АД Скопје (во натамошниот текст: Банката) во периодот 2013-2017 година, ги одразуваат правците на развој на Банката, утврдени со Мисијата и среднорочните финансиски цели, поставени врз основа на досегашното работење на Банката, Стратегијата на НЛБ Групација во Република Македонија и очекуваниот развој на економските услови на домашниот и на меѓународниот пазар. Стратешките цели на Банката во периодот 2013-2017 година претставуваат надоврзување на целите за развој на Банката утврдени со Стратегијата 2012-2016 година, ревидирани и усогласени врз основа на:

- новите насоки за развој на НЛБ Групацијата и на поединечните членки
- остварените резултати од работењето на Банката во изминатата година и стекнатото искуство
- деловното окружување во Република Македонија и можностите за развој во наредниот период
- развојот на евроинтегративните процеси
- развојот на политичките и економските услови во регионот и светот
- очекуваните измени во меѓународните и локалните законодавства кои го регулираат работењето на банките.

Основни цели:

- Сеопфатна примена и унапредување на доброто корпоративно управување во Банката;
- Одржување на позицијата Голема банка во Република Македонија;
- Одржување или зголемување на пазарниот удел по различни сегменти во банкарскиот сектор на Република Македонија во зависност од превземениот ризик и влијанието на адекватноста на капиталот;

- Одржување високоликвидна позиција на Банката и исполнување на лимитите во поглед на структурната ликвидност;
- Задржување на постојните извори на финансирање;
- Зголемување на уделот на работа со населението во вкупните активности на Банката;
- Заеднички настап на НЛБ Групацијата на пазарот во Република Македонија преку синхронизирана понуда на продуктите и услугите на Банката и членките на Групацијата;
- Стандардизација на деловната мрежа на Банката;
- Омасовување на користењето на самоуслужните патишта до Банката;
- Надградување на знаењето и вештините на вработените, подобрување на организацијата на работење и унапредување на деловните процеси;
- Надградба на информатичкиот систем;
- Хармонизација на работењето со НЛБ Групација преку имплементација на минималните стандарди на НЛБ Групацијата.

- ***СТРАТЕШКИ И ДЕЛОВНИ ЦЕЛИ НА РАЗВОЈОТ***

Стратешките цели на развојот на Банката за периодот 2013-2017 година се утврдени во согласност со Мисијата на Банката, очекувањата за развојот на националната економија и глобалните економски трендови, стратегијата на НЛБ Групација за 2013-2017, досегашниот развој на Банката и нејзината моментна позиција на пазарот.
Деловните цели на Банката подетално ги објаснуваат начините на остварување на стратешките цели, а ќе зависат од тековните услови на пазарот, подготвеноста на информативната технологија и управувањето со кадрите на Банката.
Стратешки и деловни цели на Банката:

- **Сеопфатна примена и унапредување на доброто корпоративно управување во Банката и промоција на корпоративната општествена одговорност;**

Банката ќе применува добро корпоративно управување преку доследна примена на начелата и принципите на корпоративното управување во банка, утврдени од страна на НБРМ и принципите на НЛБ Групацијата. Истовремено, Банката ќе ги промовира користите од, и ќе поттикнува пракса на добро корпоративно управување кај своите комитенти во насока на зголемување на успешноста во работењето на комитентите, а со тоа и на Банката. Во тековното работење, Банката ќе превзема активности кои се во духот на корпоративната општествена одговорност.

Деловна цел: Банката ќе врши редовно ревидирање на постојните интерни акти, нивно усогласување со промените во постојните и со новите законски регулативи и меѓународно прифатените правила кои ја регулираат оваа област и ќе спроведува постојана контрола на примената на истите во сопствената организација. Банката ќе работи транспарентно, обелоденувајќи ги податоците и информациите од работењето согласно регулативата, интерните правила на НЛБ Групацијата и на Банката и позитивната пракса. Системот на интерни контроли ќе биде предмет на постојана проверка со цел да се обезбеди правовремено откривање и следење на материјално значајните ризици кои може да влијаат на остварување на целите на Банката, долгорочната профитабилност, усогласеноста на работењето со законските и интерните акти, како и веродостојно финансиско и управувачко известување, со што би се намалил ризикот од неочекувани загуби и нарушување на репутацијата на Банката.

- **Унапредување и развој на организацијата на работа во Банката;**

Организацијата на работа во Банката ќе биде предмет на постојано менување и усогласување, а ќе ја одразува долгорочната насока на развој на Банката и ќе овозможува оптимизација на работните процеси што долгорочно ќе обезбеди непречено одвивање на работењето и зголемување на продуктивноста.

Деловна цел: Организацијата ќе биде континуирано менувана и надградувана согласно пазарните промени, внатрешните потреби за обезбедување повисока ефективност и

ефикасност во одделни сегменти од работењето и согласно насоките на НЛБ Групација во поглед на хармонизацијата на работењето со Групацијата и остварување на целната организација. Организацијата на работа во Банката ќе овозможува примена на принципите на добро корпоративно управување со банка.

- **Одржување на позицијата на „Голема„ банка во Република Македонија;**

Банката е трета по големина (актива) во банкарскиот сектор во Република Македонија, со водечко учество во поединечни сегменти од домашниот банкарски пазар. Соодветно на стратешката определба на НЛБ Групацијата за долгорочно присуство на македонскиот пазар, Банката ќе настојува да го одржува постојното пазарно учество.

Деловна цел: Согласно насоките од НЛБ Групацијата, работењето на банките во следниот среднорочен период ќе се финансира главно од извори од небанкарскиот сектор, за што Банката ќе реализира континуирани активности за одржување на постојната депозитна база, како и одржување на нејзиниот квалитет во поглед на рочноста, валутната структура и стабилноста.

- **Одржување оптимална среднорочна капитална адекватност;**

Во насока на обезбедување долгорочна стабилност и подготвеност за апсорпција на ризиците со кои се соочува во работењето, а имајќи ја предвид големината на активностите кои ги врши, значителниот пазарен удел во домашниот банкарски сектор и ризичниот профил на домашниот пазар, Банката во следниот среднорочен период ќе настојува да го одржува нивото на капитална адекватност не пониско од 12%.

Деловна цел: Согласно стратегијата на НЛБ Групацијата, одржување на капиталната адекватност над 12% во следниот период Банката ќе настојува да обезбеди преку задржување на остварената добивка од тековно работење (TIER 1 капитал).
Паралелно ќе се врши активно управување на ризично пондерираната актива во насока на остварување на целната адекватност на капиталот од мин. 12%.

Банката од 2013 година ќе воспостави систем на следење и мерење на потребата од интерен капитал и пресметка на интерна стапка на адекватност на капиталот, која ќе се утврдува во рамки на процесот на годишно ревидирање на Стратегијата за управување со ризиците и профилот на ризичност на Банката. Банката ќе врши редовно стрес тестирање на капиталната моќ и потребата од дополнителен капитал.

Во 2016 и 2017 година, Банката планира 50% од добивката за претходната година да ја исплати за дивиденда, а 50% да ја пренесе во резервен фонд.

- **Одржување оптимална примарна и секундарна структурна ликвидност;**

Банката ќе биде примарно насочена кон одржување висока ликвидна позиција и структурна ликвидносна усогласеност со насоките од НБРМ, НЛБ Групацијата и интерните акти.

Деловна цел: Структурната ликвидност ќе се обезбедува преку активно управување со билансите на Банката во согласност со утврдените лимити од страна на НБРМ, НЛБ Групацијата и интерните акти. При тоа вишокот на средства ќе се насочува кон обезбедување секундарна структурна ликвидност. За управување со ликвидноста Банката ќе го користи и дозволениот лимит од членките на НЛБ Групација.
Динамиката на кредитирање ќе биде прилагодена во насока на остварување покриеност на кредитите со депозити не помалку од 100%, како и промена на рочната структура на кредитите во корист на краткорочните (максимизирање на учеството на долгорочните кредити во вкупните кредити до 70%).

- **Континуирано зголемување на нето приходите на Банката;**

Стратешка цел на Банката е да остварува континуирано зголемување на нето приходите во согласност со обемот на работење, движењето на цените на изворите и пласманите, ризикот кој го превзема и оперативните ресурси кои ги ангажира (инфраструктура, луѓе, технологија).

Деловна цел: Акцентот ќе биде на зголемување на учеството на некаматните приходи преку зголемување на обемот на работење и воведување нови пакет продукти/услуги за различни пазарни сегменти.
Зголемувањето на нето каматните приходи ќе се спроведува преку активно прилагодување на ценовната политика, одржување на високо ниво на каматоносни пласмани, управување со каматоносните средства и извори со цел зголемување на нето каматната маргина. Во таа насока, неопходно е одржување на здраво кредитно портфолио, намалување на учеството на нефункционалните кредити во вкупните кредити и понуда на конкурентни диференцирани продукти на Банката кои ќе генерираат континуирани каматни приходи. Согласно превземената обврска по билатерални договори со финансиските институции од кои Банката користи кредитни извори, учеството на NPL во кредитното портфолио на Банката треба да е max. 8%.

- **Мерки за подобрување на наплатата;**

Мерките и активностите што Банката ќе ги преземе во насока на подобрување на наплатата на побарувањата по редовни пласмани и намалување на состојбата на нефункционалните пласмани, главно се поделени по деловни сегменти, и тоа:

Reatil сегмент

- Рано детектирање на проблематичните пласмани
- Кредитни анализи и реализација само на квалитетни кредитни апликации
- Контрола на наменско искористување на средствата од одобрените кредити
- Редовно следење на месечна основа на наплатата и преземените мерки за наплата
- Дистрибуција на декадни извештаи до експозитурите за клиенти во доцнење, поделени по број на денови во доцнење и салда на кредити
- Дистрибуција на извештаи (на неделна основа) за состојба и процент на нефункционални и доспеани побарувања, по експозитури
- Зачестени контакти со клиентите во доцнење, како од страна на експозитурите така и од страна на агенциите за наплата на побарувања
- Користење на траен налог за наплата на побарувањата од клиенти
- Користење на можноста за рефинансирање на кредитите.

Corporate сегмент

- Интензивни мерки на следење на проблематичните комитенти на дневно ниво
- Месечно следење на финансиските извештаи за проблематичните комитенти
- Зачестени посети и состаноци со комитентите
- Засилена наплата
- Обезбедување на дополнителни инструменти за обезбедување
- Следење и анализирање на ефикасноста и финансиската состојба на клиентите кои се означени како клиенти за интензивен третман, со цел изготвување стратегии за третман на клиентот со која ќе ја подобри својата положба
- Следење на комитентите кои се под мониторинг, односно на т.н. Watch листа.

Во насока на намалување на проблематичните пласмани ќе бидат применети економски мерки преку писмена и усна комуникација со комитентите, постојано следење на економската состојба на клиентот, определување на дополнителни рокови за отплата на достасаните обврски, реструктуирање на побарувањата, како и доброволна продажба на залогот со цел затворање на обврските.

Активностите предвидуваат и присилна наплата, преку стекнување и други недвижности во постапки за присилна наплата, и тоа по исклучок, најчесто кога нема подобри решенија за постапки кои траат повеќе години. По стекнување на

недвижностите во постапките за присилна наплата се планира продажба во оптимални рокови од една до најмногу две години.

- **Континуирано подобрување на трошочната ефикасност;**

Стратешка цел на Банката е преку ефикасно и рационално користење на оперативните ресурси кои ги ангажира (инфраструктура, луѓе, технологија) да обезбеди континуирано подобрување на трошочната ефикасност која ќе придонесе кон создавање вишок на вредност.

Деловна цел: Согласно стратегијата на НЛБ Групацијата, Банката ќе настојува во среднорочниот период да оствари намалување на показателот CIR со што позитивно ќе влијае на остварување на стратешката цел на Групацијата за остварување на CIR на Групацијата под 50% во 2015 година. За таа цел се планира натамошна анализа на активностите и работните процеси преку што ќе се постигне рационализација на инвестициите, рационализација на тековните оперативни трошоци, ценовни заштеди, оптимизација на бројот на вработени и искористување на внатрешните резерви преку внатрешно прераспределување.

- **Обезбедување стабилна стапка на нето поврат на капиталот;**

Стратешка цел на Банката е да остварува стабилна стапка на нето поврат на капиталот и задоволителен принос за акционерите.

Деловна цел: Банката преку севкупното работење, спроведување на утврдените деловни политики, преку правилно вложување на изворите, ефикасно користење на средствата за работа со кои располага (финансиски средства, луѓе, инфраструктура) и преку трошковна рационализација и рационализација на инвестициите, ќе настојува да оствари задоволителен принос на капиталот на акционерите и принос на пласманот на средствата. Сепак, поради влошените пазарни и економски услови во земјата и во регионот, Банката ќе продолжи со спроведување конзервативна политика на управување со ризиците (кредитни и некредитни) со цел одржување на квалитетот на кредитното портфолио.

- **Одржување на пазарниот удел по различни сегменти;**

Банката, долгорочно, ќе настојува да обезбеди задоволителен пазарен удел по различни сегменти на пазарот во Република Македонија, во процент кој е во согласност со планираниот принос, ризикот од изложеност кон секој поединечен сегмент и влијанието на ризикот на капиталната адекватност и потребата за дополнителен капитал.

- **Развој на работењето со небанкарскиот сектор;**

Стратешка цел на Банката во наредниот среднорочен период претставува зголемување на работењето со небанкарскиот сектор, преку зголемување на активностите на сегментот банкарство на мало (Retail banking), каде постои висока апсорпциона моќ, поголема дисперзија на ризикот и основа за остварување повисоки каматни и некаматни приходи и одржување на постојните активности на сегментот банкарство на големо (Corporate banking) како главен бизнис на Банката и најголем извор на приходи.

Деловна цел: Банката среднорочно планира зголемување на учеството на Reatil сегментот во вкупното работење на Банката, преку опфаќање на голем број клиенти (физички лица, мали и микро претпријатија и самостојни вршители на дејност) од различни дејности со мала поединечна кредитна изложеност и финансиски потенцијал, кои претставуваат јадро на депозитната база на Банката и истовремено економски субјекти со најголем потенцијал за економски растеж. За нив, Банката планира дополнување на понудата на кредитни и штедно-депозитни продукти со диференцирани карактеристики соодветно на таргет групите, квалитетна и лесно достапна услуга, информативна покриеност на пазарот со понудата на Банката (продуктен маркетинг), добра информатичка платформа за работа со масовни податоци. Покрај опфаќањето на сите сегменти од населението, Банката посебно ќе

соработува и со граѓани корисници на пензија од држави каде е присутна НЛБ Групација.

Банката среднорочно планира одржување на обемот на работење со Корпоративниот сегмент преку обезбедување финансиска и советодавна поддршка на големите компании и на малите и средни претпријатија (МСП) од сопствени извори и од извори обезбедени од домашни и странски наменски и ненаменски кредитни линии, гарантни механизми и TF аранжмани. Пазарниот удел ќе се одржува преку стекнување нови бонитетни компании и остварување долгорочна соработка со истите, примена на моделот на "account manager", дополнување на понудата со нови продукти по конкурентни цени, понуда на услугите на Кеш центарот, понуда на е-банк услуги и примена на cross-selling кај стратешките корпоративни клиенти преку целата деловна мрежа на Банката.
Во поглед на изложеноста спрема одделни стопански и нестопански дејности, Банката ќе настојува да вложува во правни лица од дејности за кои цени дека имаат долгорочен перспективен развој. За таа цел посебно ќе се следи состојбата и развојот на секоја дејност и сектор, ризикот од изложеност спрема истите, влијанието на адекватноста на капиталот и потребата од дополнителен капитал. Поддршката на македонските извозно-увозни претпријатија останува приоритет на Банката, при што за нив дополнително ќе бидат искористени поволностите што ги нуди НЛБ Групацијата на пазарите каде е присутна. Од особено значење е унапредувањето на соработката со словенечките фирми што имаат капитални вложувања и деловни проекти во Македонија и во државите од поранешна Југославија каде е присутна НЛБ Групацијата, како и компаниите од стратешко значење за НЛБ Групацијата.

- **Обезбедување широка понуда на банкарски продукти и услуги;**

Банката, како дел од НЛБ Групацијата на пазарот во Република Македонија и странство ќе продолжи да го применува концептот на синхронизиран настап и заедничка понуда на продукти и услуги од членките на НЛБ Групацијата (банкарство, лизинг, пензиско осигурување). Со тоа се очекува да се зголемат ефектите на синергија во Групацијата, а Банката да има водечка улога во Република Македонија. Во соработка со НЛБ, ќе се работи на промоција на брендот на НЛБ Групацијата.

Деловна цел: Банката во соработка со НЛБ Групација постојано ќе ја подобрува и проширува понудата со нови продукти и услуги, кои ќе бидат креирани согласно посебните потреби на различни пазарни групи, а ќе користи знаење и техничка помош од Групацијата. Квалитетот во работењето (посебно на услугата) ќе биде предмет на постојано мерење и усовршување и ќе биде подлога за придобивање долгорочна лојалност на клиентите кон Банката и кон НЛБ Групацијата.

- **Маркетинг стратегија;**

Маркетинг стратегијата на Банката ќе биде насочена во два правци, корпоративна промоција на брендот НЛБ Тутунска банка и поддршка на концептот на ,,Банка лидер,, во Република Македонија и продуктен маркетинг за продуктите и услугите наменети за сегментот банкарство на мало.

Деловна цел:
- Маркетиншка поддршка на комерцијалниот карактер на ,,Банка од универзален тип,,
- Примена на интегриран 4П пристап (продукт, цена, пласман, промоција) за продуктите наменети за сегментот банкарство на мало
- Фокус кон поединечни пазарни сегменти и групи и диференцирање на понудата
- Развивање на систем за воспоставување маркетиншки ориентиран однос ,,Клиент – Банка,, преку развој на шеми за лојалност и партнерски програми
- Банката ќе спроведува активности кои го истакнуваат стекнатиот имиџ на ефикасна, блиска, флексибилна, услужлива, иновативна, доверлива, модерна, меѓународно наградувана банка.

- **Поддршка на развојот и поширока примена на безготовинското работење, електронското банкарство и услугите на самоуслужното банкарство;**

Банката ќе настојува да ја промовира културата и предностите на информатичкото општество меѓу вработените и клиентите, и ќе настојува да ги развива современите деперсонализирани канали на дистрибуција на услугите, како современо, брзо и трошковно ефикасно решение за клиентите и за Банката.

Деловна цел: Банката ќе инвестира во обезбедување добра платформа за развој и понуда на дополнителни услуги во доменот на е-банкарството за правните и физички лица, преку овозможување на електронски канали за пристап (Web; E-mail; Wap; СМС; Тел.; Факс.) за клиентите до Банката што ќе овозможи порационално, поефикасно и поекономично опслужување на клиентите и повисока автоматизација на процесите. Понудата на платежни картички ќе биде збогатувана соодветно на пазарните потреби, ќе се инвестира во проширување на мрежата на АТМ-и и ПОС терминали соодветно на оптимално покривање на пазарните потреби и насоките за рационализација на инвестициите и трошоците. Истовремено, ќе се настојува да се продлабочи соработката со трговската мрежа. Посебно внимание ќе се посвети на безбедноста на технологијата која се користи кај картичките. Банката има за цел изградба на платформа за имплементација на мобилно банкарство, што ќе биде уште еден деперсонализиран канал на продажба што овозможува брз и ефтин пристап.

- **Стандардизација на деловната мрежа како широкодостапен дистрибутивен канал за пласман на продуктите до комитентите;**

Стратешка цел на Банката е преку стандардизација на деловната мрежа да се подигне искористеноста на постојните капацитети на мрежата за директен пласман на продуктите, за остварување непосреден контакт и анимација на комитентите од ,,микро,, сегментите на домашниот пазар, за подигнување и стандардизација на квалитетот на услугата и индиректно да се зголеми ефикасноста и продуктивноста на сегментот на банкарство на мало.

Деловна цел: Банката среднорочно ќе инвестира во стандардизација на постојната деловна мрежа според минималните стандарди на НЛБ Групација, во зависност од потребите на пазарот во Македонија и со динамика која ќе се одвива согласно со расположливите ресурси на Банката. Дополнително ќе бидат отворени четири нови експозитури кои би ја подобриле достапноста на Банката до клиентите со што би одговориле на постојната конкуренција.

- **Управување со човечките ресурси во Банката;**

Успешното управување со човечките ресурси е стратешка определба на Банката, со оглед на значењето на одржување оптимална вработеност, оптимална продуктивност на трудот и соодветна стручна подготвеност на кадарот, за остварување долгорочни позитивни резултати и максимална профитабилност.

Деловна цел: Банката континуирано ќе работи на развојот и унапредувањето на стручноста и вештините на своите вработени, преку нивна обука од областа на банкарското работење во сопствената организација и кај членките на НЛБ Групација. Посебно внимание ќе посвети на обуки на вработените од областа на деловните односи со клиентите и квалитетот на услугата, што ќе придонесе за зголемување на задоволството и лојалноста на клиентите. Во услови на подолгорочни неповолни пазарни трендови, Банката ќе ги задоволува потребите од човечки ресурси преку внатрешни прераспределби на вработените, а во рамки на запазување на целта за оптимална продуктивност на трудот.
Банката ќе работи на промовирање на корпоративниот углед, култура и деловна етика меѓу своите вработени и на промоција на сопствениот бренд преку вработените кај клиентите, со остварување обуки на вработени и директна комуникација на вредностите на брендот НЛБ Тутунска банка.

Банката ќе ја продолжи политиката на промовирање и наградување на најуспешните кадри, преку усовршување на системот за мерење на успешноста во работењето, а со цел мотивирање на вработените и градење долгорочна лојалност кон Банката.

- **Управување со капитални вложувања;**

Банката ќе го поддржува развојот на постојните друштва каде има капитални вложувања и доминантен интерес.

Деловни цели: Во делот на капиталните вложувања, Банката ќе продолжи со активно следење и поддршка на работењето на Друштвото за управување со пензиски фондови во Република Македонија ,,НЛБ Нов Пензиски Фонд,, АД Скопје - каде е основач, со цел да го помогне неговиот развој и остварувањето соодветно пазарно учество.
Во делот на капиталните вложувања каде Банката не е доминантен сопственик, стратешки интерес е овие друштва да одржуваат постојан развој и да остваруваат позитивни финансиски резултати, што директно ќе влијае на зголемување на вредноста на капиталниот влог на Банката и повисок поврат, а индиректно ќе влијае на унапредување и развој на бизнисот на Банката.

- **Управување со ризиците;**

Банката во следниот среднорочен период ќе продолжи со примена на конзервативна политика во поглед на антиципирање на ризиците. Банката ќе одржува функционален систем за интегрирано следење, мерење и управување на сите видови ризици со кои се соочува во работењето, што подразбира редовна анализа на потенцијалните ризици, проценување на потребата од правовремено обезбедување резервен фонд кој може соодветно да ги покрие потенцијалните загуби, редовно следење и оценка на вредноста на обезбедувањата на пласманите. Овие активности, на Банката ќе и овозможат да оствари висока наплатливост на своите пласмани, заштита од непредвидени случувања и евентуални закани за неостварување на планираната политика. Целна вредност на покриеност на нефункционалните пласмани е 100%.

Деловни цели: Кредитниот ризик претставува материјално најзначаен ризик на кој е изложена Банката и соодветно на тоа квалитетот на кредитната изложеност кон клиентите е приоритет. Во следниот период посебно внимание ќе се посвети на контрола и намалување на доспеаните ненаплатени пласмани.
Управувањето со ликвидносниот ризик претставува една од примарните цели за Банката, поради што деловните активности ќе бидат насочени кон исполнувањето на структурна ликвидност на 30 и на 180 дена и пренасочување на вишокот на средства за обезбедување секундарна ликвидност.
Управувањето со валутниот ризик се спроведува во рамки на постојните утврдени интерни лимити кои ја одразуваат политиката на НЛБ Групацијата за ниска толеранција на изложеност на валутен ризик.
Значително внимание ќе се посвети на управувањето со оперативниот ризик, преку активности за имплементација на дополнителни контроли и мерки за совладување на ризиците оценети со А и Б ризичен приоритет и активно справување и преземање системски мерки за потенцијалните и отворените штетни настани.

Посебно внимание ќе биде посветено на подобрување на практиката на следење на правниот ризик, репутацискиот ризик, стратегискиот ризик, ризикот од вложувања во хартии од вредност и останатите видови некредитни ризици.

Зголемувањето на фондот за резервации за ризични пласмани ќе соодветствува на состојбата и структурата на билансната и вонбилансната изложеност на Банката на која се пресметуваат резервации и на очекуваниот квалитет на постојните и новите пласмани.

Фонд на исправки на финансиски пласмани – локална методологија

во мил. МКД	Реализација 31.12.2011	Реализација 31.12.2012	План 2013	План 2014	План 2015	План 2016	План 2017
Фонд на исправки	**5.194,8**	**5.743,0**	**6.379,3**	**7.014,3**	**7.650,3**	**8.281,3**	**8.907,3**
Билансни	4.924,5	5.504,7	6.119,7	6.734,7	7.350,7	7.966,7	8.582,7
Вонбилансни	270,3	238,4	259,7	279,7	299,7	314,7	324,7
Актива изложена на ризик	**47.077,2**	**47.079,3**	**50.767,0**	**52.999,8**	**56.037,3**	**59.308,2**	**63.172,2**
Покриеност на портфолиото со резервации	11,0%	12,2%	12,6%	13,2%	13,7%	14,0%	14,1%

- **Информатичка технологија;**

Стратешка цел на Банката е да одржува добра информатичка инфраструктура која ќе може лесно да ги следи обемот на работа, промените во организацијата на работа, иновативните продукти и услуги и новитетите во индустријата и лесно да се прилагодува кон нив, притоа поддржувајќи непречено и ненамалено остварување на профитабилноста на Банката.

Деловна цел: Сегашните и идни капацитети на информатичката технологија ќе се надградуваат во согласност со барањата на организацијата на Банката, новите продукти и современите пазарни патишта. Банката долгорочно ќе вложува и во заштита на информативниот систем, согласно со Базелските стандарди и Циркуларот за сигурност на ИТ системот на Банката усвоен од НБРМ. Динамиката на инвестиции ќе зависи од расположливите финансиски ресурси.

- ***ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА ПЕРИОД 2013-2017 ГОДИНА***

Финансискиот план за периодот 2013-2017 година ги изразува планираните деловни цели на Банката во овој период, начинот на кој истите ќе бидат финансирани и ефектите од работењето.

- ***Извори на финансирање на Банката***

Во периодот 2013-2017 година, Банката планира да оствари билансна сума од 76.111,1 мил. МКД (1.237,6 мил. ЕУР), со предвидена годишна динамика која ќе зависи од растот на економијата, расположливоста со капитал на поединечно и на консолидирано ниво (НЛБ Групација).
Извори на финансирање на активностите во среднорочниот период ќе бидат:

- депозитната база на комитентите, при што се очекува задржување на учеството на штедењето во вкупните извори од небанкарски сектор на 70% и
- реинвестирање на остварената добивка од тековно работење**.**

- ***Кредити и побарувања од други комитенти***

Пласманите кај небанкарскиот сектор во среднорочниот период се планира да изнесуваат 46.682,9 мил. МКД (759,1 мил. ЕУР), а годишната динамика директно ќе зависи од понудата на квалитетни проекти на корпоративниот сектор, потенцијалот на сегментот население, кредитниот ризик и влијанието врз потребниот капитал за одржување на стапката на адекватност на поединечно и на консолидирано ниво со НЛБ Групацијата. Притоа се планира учеството на пласманите кај населението во вкупните пласмани на Банката кај небанкарскиот сектор да се зголемува и да достигне 48,1%.

- ***Вонбилансни активности***

Вонбилансните активности кои во најголем дел го покриваат гаранциско-документарното работење и одобрените лимити по картички, Банката планира да ги зголеми соодветно на очекуваните пазарни услови и економската активност на комитентите.

- ***Нето приходи од камати***

Нето приходите од камати во 2017 година се очекува да бидат повисоки за 6,9% поради зголемувањето на кредитното портфолио, очекувано подобрување на економските услови во Република Македонија, како и очекувано намалување на учеството на нефункционалните пласмани во вкупните кредити.

- ***Нето приходи од провизии***

Нето приходите од провизии ќе пораснат за 7,2% како резултат на зголемувањето на уделот на работа со население во вкупните банкарски активности, порастот на акредитивите и гаранциите, услугите на домашниот и надворешниот платен промет, е-банкинг услугите, порастот на картичното работење, старателските услуги и бизнисот на Кеш центарот. Се проценува, уделот на нето приходите од провизии во вкупните нето приходи од работење да се зголеми на 28,1%.

- ***Трошоци од работење***

Трошоците од работење ќе бидат пониски за 14,6% како резултат на спроведувањето на Фитнес програмата за намалување на трошоците од работењето започната во 2011 година. Притоа ќе биде запазен принципот на рационалност на трошоците и оптимално ниво на учество на трошоците во вкупните приходи.

- ***Добивка по оданочување***

Добивката по оданочување во среднорочниот плански период се проценува дека ќе се зголеми за 68,2% како резултат на намалувањето на оперативните трошоци во периодот од 2013 до 2017 година и подобрување на приходноста во периодот по 2014 година во делот на каматите и провизиите.

- ***Финансиски показатели***

Со остварување на очекуваните макроекономски и пазарни услови и проценетите финансиски резултати на Банката, се очекува на крајот на 2017 година Банката да оствари:

- ROE бруто (на просечен капитал): 11,5%;
- ROE нето (на просечен капитал): 11,5%;
- ROA бруто (на просечна актива): 1,1%;
- ROA нето (на просечна актива): 1,1%;
- Адекватност на капиталот: 12,1%;
- Cost/Income Ratio: 51,8%.

ПЛАН НА КЛУЧНИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ ВО РАБОТЕЊЕТО

ВО МКД

во мил. МКД	Реализација 2011	Реализација 2012	План 2013	План 2014	План 2015	План 2016	План 2017
ROE пред даноци	**15.26%**	**10.14%**	**11.16%**	**11.37%**	**11.43%**	**11.46%**	**11.49%**
ROE по даноци	**15.19%**	**10.06%**	**11.13%**	**11.34%**	**11.41%**	**11.44%**	**11.46%**
ROE по даноци НЛБ	**13.00%**	**8.80%**	**10.31%**	**10.36%**	**10.54%**	**10.46%**	**10.40%**
ROA пред даноци	**1.07%**	**0.85%**	**0.98%**	**1.06%**	**1.12%**	**1.15%**	**1.14%**
ROA по даноци	**1.06%**	**0.85%**	**0.97%**	**1.06%**	**1.12%**	**1.14%**	**1.14%**
Cost/Income Ratio	**56.62%**	**63.78%**	**53.31%**	**52.39%**	**52.08%**	**51.66%**	**51.75%**
Cost/Income Ratio НЛБ	**51.32%**	**53.90%**	**47.71%**	**46.39%**	**47.61%**	**47.28%**	**47.51%**
Пазарно учество по билансна сума	**18.50%**	**17.10%***	/	/	/	/	/
Адекватност на капиталот	**13.48%**	**14.78%**	**13.90%**	**13.85%**	**13.71%**	**12.83%**	**12.08%**
Заработка по акција - EPS (МКД/број на акции)	**773**	**585**	**687**	**772**	**860**	**931**	**985**
Добивка пред оданочување (во мил. МКД)	**661.2**	**503.9**	**588.7**	**661.2**	**736.2**	**797.1**	**842.5**
(пораст во %)	44.8%	-23.8%	16.8%	12.3%	11.3%	8.3%	5.7%
Добивка по оданочување (во мил. МКД)	**659.8**	**500.0**	**587.1**	**659.6**	**734.6**	**795.5**	**841.0**
(пораст во %)	45.2%	-24.2%	17.4%	12.3%	11.4%	8.3%	5.7%
Нето приходи од работење (во мил. МКД)	3,056.5	3,087.1	2,860.3	2,953.7	3,072.1	3,159.6	3,248.4
(пораст во %)	9.3%	1.0%	-7.3%	3.3%	4.0%	2.8%	2.8%
Трошоци на работење (во мил. МКД)	1,730.5	1,968.7	1,525.0	1,547.3	1,600.1	1,632.1	1,681.1
(пораст во %)	6.1%	13.8%	-22.5%	1.5%	3.4%	2.0%	3.0%
Исправки за потенцијални загуби (во мил. МКД)	656.0	587.4	636.3	635.0	636.0	631.0	626.0
(пораст во %)	-4.8%	-10.5%	8.3%	-0.2%	0.2%	-0.8%	-0.8%
Нето приходи од камата/Просечна каматоносна актива	3.0%	3.5%	3.1%	3.1%	3.1%	3.0%	3.0%
Нето приходи од камата/Просечна каматоносна актива НЛБ	3.1%	3.6%	3.2%	3.2%	3.2%	3.1%	3.0%
Нето приходи од камата/Просечна бруто актива	2.7%	3.1%	2.7%	2.8%	2.7%	2.7%	2.6%
Билансна сума (во мил. МКД)	**61,556.0**	**59,505.4**	**61,165.0**	**63,855.2**	**67,514.8**	**71,455.7**	**76,111.1**
(во однос на 31.12.)	-1.6%	-3.3%	2.8%	4.4%	5.7%	5.8%	6.5%
Кредити на небанкарски сектор - НБС (во однос на 31.12.)	7.6%	-2.9%	6.3%	5.7%	6.5%	6.7%	6.8%
(пазарно учество во %)	19.5%	18,2%**	/	/	/	/	/
Депозити на небанкарски сектор - НБС (во однос на 31.12.)	-2.9%	-3.1%	3.4%	4.0%	5.6%	6.6%	7.3%
(пазарно учество во %)	18.5%	17,3%**	/	/	/	/	/
Пресметани исправки за потенцијални загуби (во мил. МКД)	5,194.8	5,743.0	6,379.3	7,014.3	7,650.3	8,281.3	8,907.3
(во однос на 31.12.)	14.5%	10.6%	11.1%	10.0%	9.1%	8.2%	7.6%
Пресметани исправки за потенцијални загуби (во мил. МКД) НЛБ	5,566.5	6,134.3	6,758.9	7,387.9	8,008.3	8,628.7	9,249.5
(во однос на 31.12.)	22.1%	10.2%	10.2%	9.3%	8.4%	7.7%	7.2%
Актива изложена на ризик (во мил. МКД)	47,077.2	47,079.3	50,767.0	52,999.8	56,037.3	59,308.2	63,172.2
(во однос на 31.12.)	4.6%	0.0%	7.8%	4.4%	5.7%	5.8%	6.5%
Покриеност на портфолиото со резервации	11.0%	12.2%	12.6%	13.2%	13.7%	14.0%	14.1%
Покриеност на портфолиото со резервации НЛБ	**9.9%**	**11.2%**	**11.5%**	**11.9%**	**12.2%**	**12.4%**	**12.6%**
Нефункционални кредити/Вкупни кредити	7.7%	7.6%	8.3%	7.6%	7.1%	6.7%	6.2%
Нефункционални кредити/Вкупни кредити (банкарски и небанкарски сектор) НЛБ	**7.6%**	**7.6%**	**8.0%**	**7.4%**	**6.9%**	**6.4%**	**6.1%**
Учество на нето кредити на НБС во депозити на НБС	77.3%	77.4%	79.6%	80.9%	81.5%	81.6%	81.2%
Број на комитенти	484,195	524,237	/	/	/	/	/
физички лица	456,036	495,133	/	/	/	/	/
правни лица	28,159	29,104	/	/	/	/	/
Број на експозитури и шалтери	49	50	52	54	54	54	54
Број на вработени	782	773	773	773	773	773	773
број на ефективно ангажирани вработени (ефективни работни часови)	760	770	/	/	/	/	/

VII ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

- Ревизорско мислење, Ревидиран биланс на состојба, Ревидиран биланс на успех, Ревидиран извештај за паричните текови, Ревидиран извештај за промените во капиталот и Ревидираните белешки кон финансиските извештаи (Прилог 1).

НЛБ Тутунска банка А.Д. Скопје

Финансиски извештаи
со Извештај на независниот ревизор

Годишен извештај за работењето

Годишна сметка

за годината завршена на

31 декември 2012

Содржина

Извештај на независниот ревизор

Финансиски извештаи

Биланс на успех	1
Извештај за сеопфатна добивка	2
Биланс на состојба	3-4
Извештај за промените во капиталот и резервите	5 – 6
Извештај за паричниот тек	7-8
Белешки кон финансиските извештаи	9- 50

Годишен извештај за работењето

Неревидирана годишна сметка

Извештај на независниот ревизор

КПМГ Македонија ДОО Скопје
Соравија Центар, Скопје, 7-ми кат
Ул. "Филип Втори Македонски" бр.3
1000 Скопје
Република Македонија

Телефон +389 (2) 3135 220
Факс +389 (2) 3111 811
Е-пошта kpmg@kpmg.com.mk
Портал www.kpmg.com.mk

Извештај на независниот ревизор до акционерите на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје

Извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје ("Банката") кои се состојат од билансот на состојба на 31 декември 2012 година и извештаите за билансот на успех, сеопфатна добивка, промените во капиталот и резервите и паричниот тек за годината тогаш завршена и белешките, кои се состојат од преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството на Банката е одговорно за изготвување и реална презентација на овие финансиски извештаи во согласност со регулативата на Народна Банка на Република Македонија, како и за таква интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за да се овозможи изготвување на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално значајни грешки, било да се резултат на измама или ненамерно направени грешки.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да искажеме мнение за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Овие стандарди изискуваат да се придржуваме на релевантните етички стандарди и да ја планираме и да ја извршиме ревизијата со цел да се здобиеме со разумна увереност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки.

Ревизијата вклучува спроведување на процедури за добивање на ревизорски докази за износите и образложенијата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од нашите проценки, вклучувајќи ги и проценките на ризиците за значајни грешки во финансиските извештаи како резултат на измама или ненамерно направени грешки. Во проценувањето на овие ризици, ги разгледавме соодветните интерни контроли воспоставени во Банката за изготвување и реално прикажување на финансиските извештаи со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и за да изразиме мнение за ефикасноста на интерните контроли воспоставени во Банката. Ревизијата исто така вклучува осврт на користените сметководствени принципи и значајните проценки направени од раководството, како и оценка на адекватноста на прикажувањето на информациите во финансиските извештаи.

Ние сме убедени дека ревизорските докази кои ги добивме се достаточни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мнение.

КПМГ Македонија ДОО Скопје е македонско друштво со ограничена одговорност и компанија-членка на КПМГ мрежата од независни компании поврзани преку KPMG International, швајцарска групација.

Регистрирано во Трговскиот Регистар на Република Македонија со ЕМБС: 5078598

Дан. бр. МК4030996107850

Мнение

Според наше мнение, финансиските извештаи реално и објективно ја прикажуваат финансиска состојба на Банката на 31 декември 2012 година, како и нејзината финансиска успешност и нејзиниот паричен тек за годината тогаш завршена, во согласност со регулативата на Народна Банка на Република Македонија.

Останати прашања

Финансиските извештаи на Банката за годината завршена на 31 декември 2011 година беа ревидирани од друг ревизор, чијшто извештај издаден на 8 март 2012 година искажа мнение без резерва за финансиските извештаи.

Извештај за други правни и регулаторни барања

Согласно изискувањата на член 34 (д) од Законот за ревизија, ние известуваме дека историските финансиски информации обелоденети во годишниот извештај на Банката, изготвен од раководството согласно барањата на член 384 од Законот за трговски друштва, се конзистентни во сите материјални аспекти, со годишната сметка на Банката и со финансиските информации обелоденети во ревидираните финансиски извештаи на Банката, на и за годината која завршува на 31 декември 2012 година. Раководството е одговорно за изготвување на годишната сметка на Банката која што беше одобрена од Надзорниот одбор на Банката на 22 февруари 2013 година и за изготвување на годишниот извештај на активностите на Банката, којшто беше одобрен од Надзорниот одбор на Банката на 22 февруари 2013 година.

Скопје, 28 март 2013 година

ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР НА РМ
Гордана Никушевска

Г Никушевска

КПМГ Македонија ДОО
УПРАВИТЕЛ
Гордана Никушевска

Г Никушевска

Финансиски извештаи

Биланс на успех
за периодот од 01.01.2012 до 31.12.2012

	Белешка	*во илјади денари* тековна година 2012	претходна година 2011
Приходи од камата		3.593.931	3.811.261
Расходи за камата		(1.602.308)	(2.008.338)
Нето-приходи/(расходи) од камата	6	**1.991.623**	**1.802.923**
Приходи од провизии и надомести		1.117.469	1.040.191
Расходи за провизии и надомести		(266.857)	(223.156)
Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести	7	**850.612**	**817.035**
Нето-приходи од тргување	8	2.169	23.835
Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност	9	(2.277)	-
Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики	10	164.307	132.861
Останати приходи од дејноста	11	119.677	279.982
Удел во добивката на придружените друштва	24	18.241	14.336
Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа	12	(619.308)	(585.210)
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа	13	(45.300)	(23.161)
Трошоци за вработените	14	(621.026)	(631.236)
Амортизација	15	(202.480)	(210.321)
Останати расходи од дејноста	16	(1.152.297)	(959.805)
Удел во загубата на придружените друштва		-	-
Добивка/(загуба) пред оданочување		**503.941**	**661.239**
Данок на добивка	17	(3.917)	(1.414)
Добивка/(загуба) за финансиската година од непрекинато работење		**500.024**	**659.825**
Добивка/(загуба) од група на средства и обврски кои се чуваат за продажба*		-	-
Добивка/(загуба) за финансиската година		**500.024**	**659.825**
Добивка/(загуба) за финансиската година, која припаѓа на*:			
акционерите на банката		-	-
неконтролирано учество		-	-
Заработка по акција	41		
основна заработка по акција (во денари)		585.47	772,57
разводнета заработка по акција (во денари)		585.47	772,57

* само за консолидираните финансиски извештаи

Потпишани во име на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје:

Дамир Кудер
Член на Управен одбор

Љубе Рајевски
Член на Управен одбор

Ѓорѓи Јанчевски
Претседател на Управен одбор

Извештај за сеопфатна добивка
за периодот од 01.01.2012 до 31.12.2012

	Белешка	*во илјади денари*	
		тековна година 2012	претходна година 2011
Добивка/(загуба) за финансиската година		500.024	659.825
Останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Биланост на успех (пред оданочување)			
Ревалоризациска резерва за средства расположливи за продажба			
- нереализирани нето-промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба		(7.117)	(6.837)
- реализирани нето-добивки/(загуби) од средствата расположливи за продажба, рекласификувани во Билансот на успех		6.002	(37.456)
Резерва за инструменти за заштита од ризикот од паричните текови			
- нереализирани нето-промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови		-	-
- реализирани нето-добивки/(загуби) од инструментите за заштита од ризикот од паричните текови, рекласификувани во Билансот на успех		-	-
Резерва за инструменти за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење		-	-
Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење		-	-
Удел во останатите добивки/(загуби) од придружените друштва кои не се прикажуваат во Билансот на успех	24	-	-
Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех		-	-
Данок на добивка од останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Биланост на успех	17	-	-
Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Биланост на успех		**(1.115)**	**(44.293)**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година		**498.909**	**615.532**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година, која припаѓа на*:			
акционерите на банката		-	-
неконтролираното учество		-	-

* само за консолидираните финансиски извештаи

Потпишани во име на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје:

Дамир Кудер	Љубе Рајевски	Ѓорѓи Јанчевски
Член на Управен одбор	Член на Управен одбор	Претседател на Управен одбор

Биланс на состојба **
на ден 31.12.2012

	Белешка	*во илјади денари*		
		тековна година 31.12.2012	претходна година 31.12.2011	претходна година*** 01.01.2011
Актива				
Парични средства и парични еквиваленти	18	21.068.039	23.267.227	
Средства за тргување	19	-	-	
Финансиски средства по објективна вредност преку Билансот на успех определени како такви при почетното признавање	20	-	-	
Дериватни средства чувани за управување со ризик	21	274	-	
Кредити на и побарувања од банки	22.1	322	99.175	
Кредити на и побарувања од други комитенти	22.2	34.390.374	36.005.512	
Вложувања во хартии од вредност	23	121.839	230.438	
Вложувања во придружени друштва (сметководствено се евидентираат според „методот на главнина")	24	115.096	96.854	
Побарувања за данок на добивка (тековен)	30.1	5.652	9.570	
Останати побарувања	25	572.212	534.775	
Заложени средства	26	-	-	
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања	27	857.712	354.145	
Нематеријални средства	28	92.280	111.048	
Недвижности и опрема	29	2.278.731	847.276	
Одложени даночни средства	30.2	-	-	
Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување	31	3.094	-	
Вкупна актива		**59.505.625**	**61.556.020**	
Обврски				
Обврски за тргување	32	-	-	
Финансиски обврски по објективна вредност преку Билансот на успех определени како такви при почетното признавање	33	-	-	
Дериватни обврски чувани за управување со ризик	21	2.551	-	
Депозити на банките	34.1	1.796.746	1.903.071	
Депозити на други комитенти	34.2	44.285.266	45.769.678	
Издадени должнички хартии од вредност	35	-	-	
Обврски по кредити	36	5.191.966	6.321.396	
Субординирани обврски	37	1.833.284	1.828.480	
Посебна резерва и резервирања	38	263.544	299.076	
Обврски за данок на добивка (тековен)	30.1	-	-	
Одложени даночни обврски	30.2	-	-	
Останати обврски	39	609.138	410.098	
Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување	31	-	-	
Вкупно обврски		**53.982.495**	**56.531.799**	

Биланс на состојба **
на ден 31.12.2012 (продолжува)

	Белешка	*во илјади денари*		
		тековна година 31.12.2012	претходна година 31.12.2011	претходна година*** 01.01.2011
Капитал и резерви				
Запишан капитал	40	854.061	854.061	
Премии од акции		2.274.484	2.203.056	
Сопствени акции		-	-	
Други сопственички инструменти		-	-	
Ревалоризациски резерви		(4.382)	(3.267)	
Останати резерви		1.725.367	1.065.542	
Задржана добивка/(Акумулирани загуби)		673.600	904.829	
Вкупно капитал и резерви кои припаѓаат на акционерите на банката		**5.523.100**	**5.024.221**	
Неконтролирано учество*		-	-	
Вкупно капитал и резерви		**5.523.100**	**5.024.221**	
Вкупно обврски и капитал и резерви		**59.505.625**	**61.556.020**	

Потенцијални обврски	42	12.062.959	12.447.023	
Потенцијални средства	42	-	-	

* само за консолидираните финансиски извештаи

** овој извештај е познат и како "Извештај за финансиската состојба"

*** оваа колона се пополнува само доколку банката : ретроактивно применува сметководствена политика, прави ретроактивна корекција на грешка или прави ретроактивна рекласификација на ставки од финансиските извештаи.

Потпишани во име на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје:

Дамир Кудер	Љубе Рајевски	Ѓорѓи Јанчевски
Член на Управен одбор	Член на Управен одбор	Претседател на Управен одбор

Финансиски извештаи за годината завршена на 31 декември 2012 година

(сите износи се искажани во илјади денари, доколку поинаку не е назначено)

Извештај за промените во капиталот и резервите
за периодот од 01.01.2012 до 31.12.2012

	Капитал				Ревалоризациски резерви				Останати резерви			Задржана добивка					
во илјади денари	Запишан капитал	Премии од акции	(Сопствени акции)	Други сопственички инструменти	Ревалориза-циска резерва за средства расположлив и за продажба	Резерва за заштита од ризикот	Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење	Останати ревалори-зациски резерви	Законска резерва	Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти	Останати резерви	Расположлива за распределба на акционерите	Ограничена за распределба на акционерите	(Акумули-рани загуби)	**Вкупно капитал и резерви. кој припаѓа на акционерите на банката**	Неконтро-лирано учество*	**Вкупно капитал и резерви**
На 1 јануари 2011 година (претходна година)	854.061	2.203.056	-	-	33.173	-	-	-	668.091	-	-	609.681	226.449	-	4.594.511	-	4.594.511
Корекции на почетната состојба	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
На 1 јануари 2011 година (претходна година). коригирано	**854.061**	**2.203.056**	**-**	**-**	**33.173**	**-**	**-**	**-**	**668.091**	**-**	**-**	**609.681**	**226.449**	**-**	**4.594.511**	**-**	**4.594.511**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година															-	-	-
Добивка/(загуба) за финансиската година	-	-	-	-	-	-	-	-		-	-	659.825	-	-	659.825	-	659.825
Останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Биланост на успех															-	-	-
Промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба	-	-	-	-	(44.293)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	(44.293)	-	(44.293)
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Курсни разлики од вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Одложени даночни (средства)/обврски признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех (наведете детално)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот и резервите	**-**	**-**	**-**	**-**	***(44.293)***	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	***(44.293)***	**-**	***(44.293)***
Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година	-	-	-	-	(44.293)	-	-	-	-	-	-	659.825	-	-	615.532	-	615.532
Трансакции со акционерите. признаени во капиталот и резервите:																	
Издадени акции во текот на периодот	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Издвојување за законска резерва	-	-	-	-	-	-	-	-	454.513	-	-	(454.513)	-	-	-	-	-
Издвојување за останати резерви	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Дивиденди	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Откуп на сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Продадени сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Други промени во капиталот и резервите (наведете детално)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Распределба на имотот на НЛБ Тутунска Брокер А.Д - во ликвидација по заклучување на ликвидационата постапка	-	-	-	-	7.853	-	-	-	(57.062)	-	-	(136.397)	(216)	-	(185.822)	-	(185.822)
	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Трансакции со акционерите. признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	7.853	-	-	-	397.451	-	-	(590.910)	(216)	-	(185.822)	-	(185.822)
На 31 декември 2011 (претходна година)/ 1 јануари 2012 (тековна година)	**854.061**	**2.203.056**	**-**	**-**	**(3.267)**	**-**	**-**	**-**	**1.065.542**	**-**	**-**	**678.596**	**226.233**	**-**	**5.024.221**	**-**	**5.024.221**

Белешките од страна 9 до 50 и ПРИЛОГОТ се составен дел од овие финансиски извештаи

Финансиски извештаи за годината завршена на 31 декември 2012 година

(сите износи се искажани во илјади денари, доколку поинаку не е назначено)

Извештај за промените во капиталот и резервите за периодот од 01.01.2011 до 31.12.2011 **(продолжува)**

	Капитал				Ревалоризациски резерви				Останати резерви			Задржана добивка					
во илјади денари	Запишан капитал	Премии од акции	(Сопствени акции)	Други сопственички инструменти	Ревалориза-циска резерва за средства расположливи за продажба	Резерва за заштита од ризикот	Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење	Останати ревалори-зациски резерви	Законска резерва	Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти	Останати резерви	Расположлива за распределба на акционерите	Ограничена за распределба на акционерите	(Акумули-рани загуби)	**Вкупно капитал и резерви, кој припаѓа на акционерите на банката**	Неконтрол ирано учество*	**Вкупно капитал и резерви**
На 31 декември 2011 (претходна година)/ 1 јануари 2012 (тековна година)	**854.061**	**2.203.056**	-	-	**(3.267)**	-	-	-	**1.065.542**	-	-	**678.596**	**226.233**	-	**5.024.221**	-	**5.024.221**
Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година																	
Добивка/(загуба) за финансиската година	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	500.024	-	-	500.024	-	500.024
Останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Билаток на успех															-	-	-
Промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба	-	-	-	-	(1.115)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	(1.115)	-	(1.115)
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Курсни разлики од вложување во странско работење	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Одложени даночни (средства)/обврски признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех (наведете детално)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот и резервите	-	-	-	-	**(1.115)**	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**(1.115)**	-	**(1.115)**
Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година	-	-	-	-	**(1.115)**	-	-	-	-	-	-	**500.024**	-	-	**498.909**	-	**498.909**
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите:																	
Издадени акции во текот на периодот	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Издвојување за законска резерва	-	-	-	-	-	-	-	-	659.825	-	-	(659.825)	-	-	-	-	-
Издвојување за останати резерви	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Дивиденди	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Откуп на сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Продадени сопствени акции	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Други промени во капиталот и резервите (наведете детално)	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Пренос	-	71.428	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	(71.428)	-	-	-	-
	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите	-	**71.428**	-	-	-	-	-	-	**659.825**	-	-	**(659.825)**	**(71.428)**	-	-	-	-
На 31 декември 2011 (тековна година)	**854.061**	**2.274.484**	-	-	**(4.382)**	-	-	-	**1.725.367**	-	-	**518.795**	**154.805**	-	**5.523.130**	-	**5.523.130**

* само за консолидираните финансиски извештаи

Дамир Кудер
Член на Управен одбор

Љубе Рајевски
Член на Управен одбор

Ѓорѓи Јанчевски
Претседател на Управен одбор

Белешките од страна 9 до 50 и ПРИЛОГОТ се составен дел од овие финансиски извештаи

Извештај за паричниот тек
за периодот од 1 јануари 2011 до 31 декември 2012

	Белешка	*во илјади денари* тековна година 2012	претходна година 2011
Паричен тек од основната дејност			
Добивка/(Загуба) пред оданочувањето		503.941	661.239
Коригирана за:			
Неконтролирано учество, вклучено во консолидираниот биланс на успех*		-	-
Амортизацијата на:			
нематеријални средства		43.913	46.820
недвижности и опрема		158.567	163.501
Капиталната добивка од:			
продажба на нематеријални средства		-	-
продажба на недвижности и опрема		-	(1.599)
продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања		(4.487)	(3.937)
Капиталната загуба од:			
продажба на нематеријални средства		-	-
продажба на недвижности и опрема		-	-
продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања		3.959	16.579
Приходи од камата		(3.593.931)	(3.811.261)
Расходи за камата		1.602.308	2.008.338
Нето-приходи од тргување		(2.169)	(23.835)
Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа			
дополнителна исправка на вредноста		994.976	687.852
ослободена исправка на вредноста		(376.015)	(102.765)
Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа			
дополнителни загуби поради оштетување		45.300	23.161
ослободени загуби поради оштетување		-	-
Посебна резерва			
дополнителни резервирања		67.313	84.794
ослободени резервирања		(102.861)	(11.926)
Приходи од дивиденди		(5.385)	(2.497)
Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва		(18.241)	(14.336)
Останати корекции		6.728	31.738
Наплатени камати		3.618.996	3.808.782
Платени камати		(1.697.211)	(1.956.628)
Добивка од дејноста пред промените во деловната актива		**1.245.701**	**1.604.020**
(Зголемување)/намалување на деловната актива:			
Средства за тргување		2.169	33.952
Дериватни средства чувани за управување со ризик		(274)	-
Кредити на и побарувања од банки		98.667	788.016
Кредити на и побарувања од други комитенти		983.092	(3.150.094)
Заложени средства		-	-
Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања		(548.265)	103.057
Задолжителна резерва во странска валута		725.339	39.883
Задолжителен депозит кај НБРМ според посебни прописи			
Останати побарувања		446.291	(671.523)
Одложени даночни средства			
Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување		(3.168)	31.453
Зголемување/(намалување) на деловните обврски:			
Обврски за тргување		-	-
Дериватни обврски чувани за управување со ризик		2.551	(7)
Депозити на банки		(88.892)	(595.336)
Депозити на други комитенти		(1.416.971)	(1.292.277)
Останати обврски		199.040	44.301
Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување		-	(28)
Нето паричен тек од основната дејност пред оданочувањето		**1.645.280**	**(3.064.583)**
(Платен)/поврат на данок на добивка		-	(2.493)
Нето паричен тек од основната дејност		**1.645.280**	**(3.067.076)**

Извештај за паричниот тек (продолжува)
за периодот од 1 јануари 2012 до 31 декември 2012

	Белешка	*во илјади денари* тековна година 2012	претходна година 2011
Паричен тек од инвестициската дејност			
(Вложувања во хартии од вредност)		(2.153.197)	(1.707.435)
Приливи од продажбата на вложувањата во хартии од вредност		2.260.406	10.225.059
(Одливи за вложувањата во подружници и придружени друштва)		-	(3.619)
Приливи од продажбата на вложувањата во подружници и придружени друштва		-	-
(Набавка на нематеријални средства)		(25.145)	(43.494)
Приливи од продажбата на нематеријалните средства		-	1.254
(Набавка на недвижности и опрема)		(1.591.766)	(120.885)
Приливи од продажбата на недвижностите и опремата		1.744	1.628
(Одливи за нетековните средства кои се чуваат за продажба)		-	-
Приливи од нетековните средства кои се чуваат за продажба		-	-
(Останати одливи од инвестициската дејност)		-	-
Останати приливи од инвестициската дејност		4.675	2.497
Нето паричен тек од инвестициската дејност		**(1.503.283)**	**8.355.005**
Паричен тек од финансирањето			
(Отплата на издадените должнички хартии од вредност)		-	(614.933)
Приливи од издадените должнички хартии од вредност		-	-
(Отплата на обврските по кредити)		(26.408.780)	(22.641.088)
Зголемување на обврските по кредити		25.287.566	23.329.659
(Отплата на издадените субординирани обврски)		-	-
Приливи од издадените субординирани обврски		-	-
Приливи од издадените акции/сопственички инструменти во текот на периодот		-	-
(Откуп на сопствени акции)		-	-
Продадени сопствени акции		-	-
(Платени дивиденди)		-	-
(Останати одливи од финансирањето)		-	-
Останати приливи од финансирањето		-	-
Нето паричен тек од финансирањето		**(1.121.214)**	**73.638**
Ефект од исправката на вредноста на паричните средства и паричните еквиваленти		347	124
Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти		-	-
Нето-зголемување/(намалување) на паричните средства и паричните еквиваленти		**(978.870)**	**5.361.691**
Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари		19.768.896	14.407.205
Парични средства и парични еквиваленти на 31 декември	18	**18.790.026**	**19.768.896**

* само за консолидираните финансиски извештаи

Потпишани во име на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје:

Дамир Кудер
Член на Управен одбор

Љубе Рајевски
Член на Управен одбор

Ѓорѓи Јанчевски
Претседател на Управен одбор

Белешки кон финансиските извештаи- ПРИЛОГ

Број на белешка	Белешка
1	Вовед
2	**Управување со ризици**
2.1	Кредитен ризик
2.2	Ризик на ликвидност
2.3	Пазарен ризик
2.3.1	Анализа на усогласеноста на каматните стапки
2.3.2	Валутен ризик
3	**Адекватност на капиталот**
4	**Известување според сегментите**
5	**Објективна вредност на финансиските средства и обврски**
	Биланс на успех
6	Нето-приходи/(расходи) од камата
7	Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести
8	Нето-приходи од тргување
9	Нето приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективната вредност
10	Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики
11	Останати приходи од дејноста
12	Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа
13	Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа
14	Трошоци за вработените
15	Амортизација
16	Останати расходи од дејноста
17	Данок од добивка
	Биланс на состојба
	Актива
18	Парични средства и парични еквиваленти
19	Средства за тргување
20	Финансиски средства по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање
21	Дериватни средства чувани за управување со ризик
22.1	Кредити на и побарувања од банки
22.2	Кредити на и побарувања од други комитенти
23	Вложувања во хартии од вредност
24	Вложувања во придружени друштва
25	Останати побарувања
26	Заложени средства
27	Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања
28	Нематеријални средства
29	Недвижности и опрема
30	Одложени даночни средства
31	Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување

Обврски, капитал и резерви

32 Обврски за тргување
33 Финансиски обврски по објективна вредност преку билансот на успех, определени како такви при почетното признавање
21 Дериватни обврски чувани за управување со ризик
34.1 Депозити на банки
34.2 Депозити на други комитенти
35 Издадени должнички хартии од вредност
36 Обврски по кредити
37 Субординирани обврски
38 Посебна резерва и резервирања
30 Одложени даночни обврски
39 Останати обврски
31 Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување
40 Запишан капитал

Други обелоденувања

41 Заработка по акција
42 Потенцијални обврски и потенцијални средства
43 Работи во име и за сметка на трети лица
44 Трансакции со поврзаните страни
45 Наеми
46 Плаќања врз основа на акции

1. ВОВЕД

а) Општи информации

НЛБ Тутунска банка АД Скопје (во понатамошниот текст: „Банката“) е акционерско друштво регистрирано и со седиште во Република Македонија. Банката е член на НЛБ Групацијата. Стратешки акционер е Nova Ljubljanska banka d.d Љубљана, со учество од 86,97% (2011: 86,97% во вкупниот капитал на Банката. Банката претставува подружница на Nova Ljubljanska banka d.d Љубљана.

Адресата на регистрираното седиште на Банката е следната:

Скопје, општина Центар,
Ул.Водњанска бр.1, п.фах. 702
1000 Скопје, Република Македонија

Банката има овластување да ги извршува сите банкарски активности согласно законот. Главните активности вклучуваат одобрување на кредити на клиенти, примање депозити, обезбедување странски кредитни линии, платен промет во земјата и странство, посредување при обезбедување на девизни средства на клиенти и банкарски услуги на население.

Со решението издадено од Гувернерот на Народна банка на Република Македонија, Банката може да ги врши следниве активности:

- кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- прибирање депозити и други повратни извори на средства;
- кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- издавање и администрирање платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
- платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
- финансиски лизинг;
- менувачки работи;
- тргување со хартии од вредност;
- тргување со финансиски деривати;
- тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
- тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, чекови, сертификати за депозит);
- давање услуги на банка-чувар на имот;
- посредување во склучување договори за кредити и заеми;
- издавање платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
- изнајмување сефови, остава и депо;
- обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;
- економско-финансиски консалтинг;
- инвестиционо советување;
- дејствување како покровител при котација;
- извршување на трансакции, активности за сметка на трети лица потребни за преземање на акционерски друштва и
- купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност.

Банката поседува 49% од капиталот на Друштвото за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје, односно учествува со 49% во вкупниот број на акции со право на глас. НЛБ Нов пензиски фонд АД е регистриран и е со седиште во Република Македонија и претставува вложување во поврзан субјект. За сметководственіот третман и прикажувањето во финансиските извештаи на Банката, за вложувањето во придруженото претпријатие се применува методот на главнина.

Акциите на Банката претставуваат некотирани хартии од вредност и не се предмет на тргување на Официјалниот пазар. Акциите на Банката се предмет на тргување на Редовен пазар на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје под шифра „TNB".Банката се води во регистарот на друштва со посебни обврски за известување, кај Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

Овие финансиски извештаи се одобрени од Надзорниот одбор на Банката на ден 28 март 2013 година.

б) Основа за изготвување на финансиските извештаи

Финансиските извештаи на Банката се изготвени во согласност со Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи (Службен весник на РМ бр. 169/10), Одлука за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките (Службен весник на РМ бр. 169/10, 152/11 и 54/12) и Законот за банки (Службен весник на РМ бр.67/07, 90/09 и 67/10).

Овие финансиски извештаи претставуваат поединечни (неконсолидирани) финансиски извештаи на Банката во кои вложувањето во придружено друштво се прикажува по метод на главнина.

Финаниските извештаи се прикажани во илјади македонски денари (МКД).
Функционалната валута на Банката претставува валутата на примарното економско опкружување во кое работи Банката и е македонскиот денар (МКД).

Известувачката валута во која се прикажани финансиските извештаи е македонскиот денар (МКД).

Деловните трансакции во странска валута се евидентираат почетно во нивната функционална валута со примена на соодветниот девизен курс на денот на трансакциите.

Монетарните средства и обврски назначени во странски валути се курсираат користејќи го официјалниот среден девизен курс на датумот на известување и се признаваат во билансот на успех во периодот во кој се појавиле.

Немонетарните ставки кои се евидентирани по историска вредност, назначени во странска валута, се курсираат користејќи го девизниот курс на денот на трансакцијата.

Немонетарните ставки кои се евидентирани по објективна вредност, деноминирана во странска валута, се курсираат користејќи ги девизните курсеви на датумот кога е определена објективната вредност.

Странските валути со кои работи Банката воглавно се еврото (ЕУР) и доларот на САД (УСД). Девизните курсеви кои се користат за искажување на 31 декември 2012 и 2011 година се следниве:

	2012	2011
	МКД	МКД
1 ЕУР	61,50	61,51
1 УСД	46,65	47,53

в) Значајни сметководствени политики

Основните сметководствени политики применети при составување на финанансиските извештаи се наведени во понатамошниот текст. Сметководствените политики се применувани на прикажаните години, освен ако не е наведено поинаку.

(i) Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства на Банката ги сочинуваат:

- пари во благајна (денарска и девизна);
- жиро сметка на Банката кај НБРМ;
- неограничени депозити во НБРМ, вклучувајќи ја и задолжителната резерва и
- депозити по видување (вклучувајки ги и трансакциските сметки) .

Паричните еквиваленти на Банката ги сочинуваат:

- орочени депозити со првичен рок на достасаност помал од три месеци;
- ограничени депозити;
- благајнички и државни записи со кои може да се тргува на секундарен пазар со рок на достасаност помал од три месеци и
- останати краткорочни високоликвидни средства.

За целите на изготвување на извештајот за паричен тек од паричните средства и парични еквиваленти се исклучува задолжителната резерва во девизи и ограничените депозити.

Банката ги признава паричните средства во оној момент кога и се ставени на располагање за неограничена употреба, врз основа на доставените изводи за состојбата и прометот на тие средства.

Благајничките записи и слични хартии од вредност, Банката ги признава како средства на датумот на тргување.

Паричните средства и парични еквиваленти се евидентираат по амортизирна набавна вредност. Таа вообичаено е еднаква со нивната номинална вредност.

(ii) Финансиски средства

Банката ги класифицира своите финансиски средства во следниве категории: кредити и побарувања, финансиски инструменти за тргување преку билансот на успех, финансиски средства расположливи за продажба, финансиски средства до достасување. Менаџментот ја определува класификацијата на своите вложувања при почетното признавање.

(ii.i) Кредити и побарувања

Кредитите и побарувањата претставуваат финансиски средства коишто Банката ги создава по пат на обезбедување на пари, производи или услуги директно на должникот, освен оние кои ги создава со намера да ги продаде веднаш или во краток рок.

Кредитите и побарувањата се средства со фиксни или одредиви плаќања кои потекнуваат од Банката и оние кои се купени на секундарен пазар односно кои не котираат на активен пазар.

Банката ги признава кредитите и побарувањата како средства во билансот на состојба на датумот кога станува странка на договорните одредби на инструментот односно кога се испорачува средството.

Кредитите и побарувањата почетно се евидентираат по набавната (објективната) вредност. Трансакциските трошоци коишто се директно поврзани со стекнување или издавање, се вклучуваат во почетното мерење на побарувањата по основ на кредити.

После почетното признавање, побарувањата по кредити се мерат според амортизирана набавна вредност користејќи ја методата на ефективна каматна стапка. Добивката или загубата од последователното мерење се признава во нето добивката или загубата само кога средствата се оштетени или се депризнаени, како и преку процесот на амортизација.

(ii.ii) Финансиски средства за тргување

Финансиските средства класифицирани за тргување се оние средства кои Банката ги стекнува или настанале главно со намера да се продадат или откупат во краток период и за кои постои доказ на близок веројатен модел на краткорочна добивка. Финансиските средства за тргување, Банката ги признава во билансот на состојба на датумот на тргување.

Почетното вреднување на средствата за тргување се врши според нивната набавна вредност, којашто е објективната вредност на дадениот надоместок за истите. Трансакциските трошоци не се вклучуваат во набавната вредност при почетното мерење, туку се признаваат веднаш во билансот на успех како приходи /расходи од провизии и надоместоци.

После почетното признавање, средствата за тргување се мерат според нивната објективна вредност, без било какво намалување за трансакциски трошоци кои може да се направат при продажбата или друго отуѓување.

Признаените нереализирани добивки и нереализирани загуби кои се јавуваат при последователното мерење, се вклучуваат во билансот на успех во периодот во кој настануваат како нето приходи од тргување.

Објективната вредност претставува куповната цена за средствата и продажната цена за обврските, и при последователното мерење не треба да се корегира за трансакциските трошоци кои можат да настанат при продажба или при друго отуѓување на финансиските средства и обврски за тргување.

Промената на објективната вредност претставува разлика помеѓу сметководствената вредност (набавната вредност на средството или обврската стекнати во периодот на известување, или нивната последна објективна вредност) и објективната вредност на датумот на билансот на состојба, или продажната цена.

(ii.iii) Финансиски средства расположливи за продажба

Финансиски средства расположливи за продажба се оние средства со кои Банката нема намера да тргува и нема намера да ги поседува до достасување.

Финансиските средства расположливи за продажба, Банката ги признава во билансот на состојба на датумот на тргување.

Банката почетно ги признава финансиските средства расположливи за продажба по нивната набавна вредност, којашто е еднаква на објективната вредност зголемена за трансакциските трошоци кои се директно поврзани со набавката на средството. Вообичаено цената на трансакцијата се третира како објективна вредност на финансиското средство.

По почетното признавање, Банката ги мери финансиските средства по нивната објективна вредност без намалување за трансакциските трошоци кои можат да настанат при продажба или отуѓување.

Добивките и загубите коишто се јавуваат од промената во објективната вредност на средствата расположливи за продажба, се еднакви на разликата помеѓу амортизираната набавна вредност и тековната објективна вредност на средството и директно се признаваат во капиталот и се одделуваат од капиталот на посебна позиција „Ревалоризациони резерви". Банката има евиденција и на амортизираната набавна вредност за должничките хартии од вредност класифицирани како расположливи за продажба (врз основа на која во одделни пресметковни периоди го разграничува и го евидентира приходот врз основа на камата) и на објективната вредност. При продажба на овие средства соодветно се раснижува и акумулираната амортизација која се однесува на средството.

Во моментот на депризнавање на финансиските средства расположиви за продажба кумулативната добивка или загуба, претходно призната во капиталот, се признава во билансот на успех. Каматата која е пресметана со примена на методот на ефективна каматна стапка и добивките и загубите од девизните промени кај средствата класифицирани како расположливи за продажба, како и загубите поради оштетување/исправка на средствата, се признати во билансот на успех за тековната година. Дивидендите кои произлегуваат од сопственичките вложувања класифицирани како расположливи за продажба се признаваат во билансот на успех, кога ќе се утврди правото на субјектот да се прими плаќањето.

За утврдување на објективната вредност на финансиските средства кои котираат на активен пазар се користи тековната куповна цена, освен кај сопственичките инструменти кои немаат определена пазарна цена и чијашто објективна вредност не може со сигурност да се измери, се мерат според набавната вредност, намалени за загуби поради оштетувања.

Банката ги депризнава финансиските средства кога се истечени правата од договорот за добивање на паричните текови од финансиските средства или кога Банката ги има пренесено правата на паричните текови од средството со трансакција во која сите ризици и награди од сопственоста на финансиското средство се пренесени на друг.

(ii.iv) Финансиски средства кои се чуваат до достасување

Финансиските средства кои се чуваат до достасување се недеривативни финансиски средства со фиксни или определиви отплати и фиксни датуми на достасување, за кои Банката има намера и можност да ги чува до достасување.

Банката ги признава како финансиски средства во билансот на состојба на датумот на тргување.

Почетното вреднување на финансиските средства кои се чуваат до достасување се врши според нивната набавна вредност, којашто е објективната вредност на дадениот надоместок за истите во која се вклучени и трошоците на трансакцијата кои се директно поврзани со набавката на средството.

Вложувањата кои се чуваат до достасување се мерат според амортизираната набавна вредност со користење на методот на ефективната каматна стапка.

Добивката или загубата од последователното мерење се признава во нето добивката или загубата само кога средствата се оштетени или се депризнаени, како и преку процесот на амортизација.

(iii) Исправка на вредноста на финансиски средства

(iii.i) Средства кои се вреднуваат според амортизирана вредност

На секој датум на билансот на состојба, Банката прави проценка дали постои објективен доказ за исправка на вредноста на финансиското средство или група на финансиски средства. Исправка на вредноста на финансиските средства или група на финансиски средства и загубите од исправката настануваат само доколку има објективен доказ за исправка на вредност како резултат на еден или повеќе настани коишто се случиле по првичното признавање на средството ("настан на загуба") и тој настан на загуба (или настани) има влијание на очекуваните идни парични текови од финансиското средство или групата на финансиски средства коишто можат веродостојно да се проценат.

Банката прво проценува дали објективниот доказ за исправка на вредност постои поединечно за финансиски средства кои се значајни, и поединечно или групно за финансиски средства коишто не се поединечно значајни. Доколку Банката утврди дека не постои објективен доказ за исправка на вредноста за поединечно проценето финансиско средство, без разлика дали е значајно или не, го вклучува во групата на финансиски средства со слични карактеристики на кредитен ризик и групно врши исправка на вредноста на истите. Средствата коишто поединечно се проценуваат за исправка на вредност и за коишто постои загуба од исправката, не се вклучуваат во групната проценка за исправка на вредноста.

Загубата од исправката на вредност на активните билансни побарувања го претставува износот утврден како разлика помеѓу сметководствената вредност на средствата и сегашната вредност на очекуваните идни парични текови. Сегашната вредност на активните билансни побарувања се добива со дисконтирање на очекуваните идни парични текови по тие побарувања со употреба на првобитната ефективната каматна стапка утврдена врз основа на договорот.

Износот на посебната резерва за активните вонбилансни позиции на поединечна основа е еднаков на сегашната вредност на очекуваните идни парични текови врз основа на плаќања на Банката по преземените потенцијални обврски и наплати од клиентот, дисконтирани со тековна пазарна цена на безризични хартии од вредност издадени во иста валута и со ист рок на достасување како валутата и рокот на достасување на очекуваното плаќање или наплата, односно доколку не постои таква цена се зема тековната пазарна цена на безризични хартии од вредност со најблиска рочност до рочноста на очекуваното плаќање.

Доколку кредитот или средството кое се чува до достасување има променлива каматна стапка, стапката за мерење на било која загуба од оштетување е ефективната каматна стапка утврдена според договорот, важечка на денот на утврдување на сегашната вредност на очекуваните парични текови.

Пресметката на сегашната вредност на очекуваните идни парични текови на финансиското средство кое е обезбедено со средство земено како обезбедување (колатерал), ги искажува паричните текови кои можат да се јават од реализација на колатералот, намалени за трошоците за стекнување и продажба на колатералот, само доколку се исполнети условите од Одлуката за управување со кредитниот ризик, а се однесуваат на обезбедувањето.

За целите на групна проценка на исправката на вредност, финансиските средства се групираат врз основа на слични карактеристики за кредитен ризик (т.е врз основа на постапката за групирање на финансиските средства на Банката, земајќи ги во предвид типот на средствата, индустриската и географската локација, типот на колатерал, статусот на пречекорена достасаност и други релевантни фактори). Тие карактеристики се релевантни за проценката на идните парични текови за групите од таков вид на средства коишто се проценуваат, така што тие се показатели за способноста на должниците да ги платат сите износи кои се должат, согласно условите од договорот.

Износот на исправка на вредноста и на посебната резерва за изложеностите од портфолиото на мали кредити Банката ја одредува со примена на статистички модели за одредување на стапки на ненаплаќање за секое одделно потпортфолио и при тоа:

- користи историски податоци за стапката на ненаплаќање за одделните потпортфолија за период од три години, и
- ја зема во предвид временската вредност на парите, очекуваните идни парични текови од соодветното потпортфолио и структурата на достасување на изложеностите во портфолиото.

Проценката на промените од идните парични текови за групи средства треба да соодветствува и директно да е конзистентна со промените во податоците коишто се набљудуваат од период до период (на пример, промени во стапката на невработеност, цените на недвижностите, платежната состојба, или други фактори кои ги покажуваат промените во веројатноста на загуби на Банката и нивната големина). Методологијата и претпоставките кои се користат за проценување на идни парични текови се разгледуваат редовно од страна на Банката, за да се намалат секакви разлики помеѓу веројатноста од загуба и вистинската загуба.

Сметководствената вредност на средството се намалува преку употреба на сметки за исправка на вредноста (загуба поради оштетување) и на сметки за посебна резерва и износот на загубата се признава во билансот на успех.

Доколку, во наредниот период, показателите за постоење на загуба покажуваат дека повеќе не постои загуба поради оштетување и за кои може објективно да се поврзе со настан којшто се случил откако исправката била признаена (како на пример подобрување во рангирањето на должникот), претходно признаената загуба од исправката на вредност се ослободува и износот се признава во билансот на успех.

Кога еден кредит е ненаплатлив, се прави отпис на кредитот во висина на соодветната исправка на вредност за истиот. Такви кредити се отпишуваат откако се преземени сите неопходни постапки за наплата и кога износот на загубата е утврден.

(iii.ii) Средства класифицирани како расположливи за продажба

На секој датум на билансот на состојба, Банката прави проценка дали постои објективен доказ за исправка на вредноста на финансиското средство или група на финансиски средства.

Доколку постои таков доказ, Банката ќе издвои износ на исправка на вредност кој претставува негативна разлика помеѓу објективната вредност и амортизираната набавна вредност.

Во тој случај, кај средствата расположливи за продажба кои се водат според објективната вредност преку капиталот, кумулативната загуба која е измерена како разлика помеѓу почетната набавна вредност и тековната објективна вредност, намалена за било која загуба поради оштетување на тие финансиски средства претходно признаени во добивката или загубата претставува исправка на вредност, се отстранува од капиталот и се признава во билансот на успех. Доколку, во

последователниот период, објективната вредност на должничките хартии од вредност се зголемува, и зголемувањето може објективно да се поврзе со настан кој се случил откако загубата поради оштетување била признаена во билансот на успех, загубата поради оштетување се ослободува преку билансот на успех.

Кај сопственичките вложувања класифицирани како расположливи за продажба, значајно или пролонгирано намалување на објективната вредност на хартијата од вредност под нејзината набавна вредност се зема во предвид при утврдување дали средствата се оштетени. Загубата поради оштетување признаена во билансот на успех за сопственичките вложувања, последователно не може да се ослободи/анулира преку билансот на успех.

(iii.iii) Кредити со повторно обновени услови

Кредити чии услови се повторно обновени без разлика дали се под анализа на општа проценка на оштетување или се значајни пооделни кредити, не се сметаат како достасани кредити туку како нови кредити.

(iv) Вложувања во придружени друштва

Банката има вложувања во придружено друштво.

Вложувањето кое овозможува посед над 20% и повеќе од гласачката моќ на друштвото во кое е вложено, и постои значајно влијание над друштвото во кое што е вложено претставува вложување во придружено друштво.

Вложувањето во придружено друштво се признава како средство во билансот на состојба на датумот на тргување.

Почетното мерење на вложувањето во придруженото друштво се врши според набавната вредност (трошоците на вложувањето). Трансакциските трошоци се вклучуваат во почетното мерење на вложувањата.

Банката последователно го мери вложувањето во придружено друштво според методот на главнина со кој сметководствената вредност се зголемува или намалува за да се признае учеството на Банката согласно остварените нето добивки/загуби на ентитетот во кој е вложено. Сите распределби (дивиденди) примени од друштвото во кое е вложено, ја намалуваат сметководствената вредност на вложувањето.

(v) Вложувања во сопственички инструменти

Банката има вложувања во сопственички хартии од вредност кои овозможуваат помалку од 20% од гласачката моќ на претпријатието каде е вложено. Кај овие вложувања не постои значајно влијание, не може да се контролира или значајно да се влијае врз одлуките донесени од страна на менаџментот на претпријатието каде е вложено.

Банката сопственичките хартии од вредност ги признава како средство во билансот на состојба на датумот на тргување.

Почетното мерење на вложувањата во сопственички хартии од вредност се врши според нивната набавна вредност (трошоците на вложувањето). Трансакциските трошоци се вклучуваат во почетното мерење на вложувањата.

Последователното мерење на вложувањата во сопственички хартии од вредност е според објективната вредност при што се применуваат сите политики за вложувања според МСС 39.

(vi) Нематеријални средства

Почетно нематеријалните средства кои се стекнати од Банката, се искажани според набавната вредност, а последователно се мерат по набавна вредност намалена за акумулирана амортизација и за акумулирани загуби поради оштетување.

Последователните издатоци се капитализираат само кога се зголемуваат идните економски добивки кои произлегуваат од средствата со кои се поврзани. Сите други издатоци се признаваат во билансот на успех во моментот на настанување.

Амортизацијата се признава во билансот на успех со отпишување на набавната вредност на средствата во текот на нивниот корисен век на употреба. Нематеријалните средства се амортизираат од датата кога се расположливи за употреба со примена на пропорционален метод.

Корисниот век на употреба е следниот:

	2012	2011
софтвер	5 години	5 години
патенти и лиценци	5 години	5 години
останато	5 години	5 години

Корисниот век на употреба и методот на амортизација се проверува еднаш годишно, на крајот на финансиската година.
Нематеријалните средства со бесконечен век на употреба не се амортизираат. Банката врши тестирање на оштетување, најмалку еднаш годишно или секогаш кога има доказ дека нематеријалните средства може да бидат оштетени.

(vii) Недвижности и опрема

Недвижностите и зградите се состојат од експозитури и деловен простор. Сите недвижности и опрема се искажуваат според набавна вредност намалена за амортизација и за акумулирани загуби поради оштетување. Набавната вредност ги вклучува трошоците што се директно поврзани со стекнувањето на средството.

Последователните издатоци се вклучени во набавната вредност на средствата или се искажани како посебно средство, само кога е веројатно дека идните економски користи поврзани со средството ќе бидат прилив во Банката и можат веродостојно да се измерат. Сите други поправки и одржувања на недвижностите, постројките и опремата се признаваат во билансот на успех во периодот кога тие настанале.

Амортизацијата на недвижностите и опремата се пресметува со примена на методот на праволиниска основа за да се распредели нивната набавна вредност до остатокот на вредноста во текот на нивниот корисен век на употреба. Материјалните средства се амортизираат од датата кога се расположливи за употреба.

Земјиштето и уметничките дела не се амортизираат.

Корисниот век на употреба на средствата е следниот:

	2012	2011

згради	40 година	40 години
мебел и опрема	4-10 година	4-10 години

На секој датум на билансот на состојба, Банката ја разгледува преостаната вредност на средствата и корисниот век на употреба на средствата и се прилагодуваат, ако е потребно. Средствата кои се предмет на амортизација се ревидираат за оштетувањето кога настаните и промените покажуваат дека сметководствената вредност не може да се надомести. Ако сметководствената вредност на средството е поголема од пресметаниот надоместлив износ, тогаш сметководствената вредност на средството се сведува до надоместливиот износ. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ од нето продажната цена на средството и неговата употребна вредност.

Добивките и загубите од повлекување од употреба или отуѓување се утврдуваат како разлика помеѓу проценетите нето приливи и сметководствената вредност.

(viii) Наеми

Наемите кои ги користи Банката се оперативни наеми.

Вкупните плаќања од оперативните наеми на Банката како наемател во периодот на времетрање на наемот се искажани во Билансот на успех како расходи од наеми според праволиниска основа во периодот на наемот. Вкупните примања од оперативните наеми на Банката како наемодавател во периодот на времетрање на наемот се искажани во билансот на успех како приходи од наеми според праволиниска основа во периодот на наемот.

Доколку кај Банката како наемател/наемодавател постојат однапред платени/примени средства за идни периоди тогаш тие се искажуваат како активни/пасивни временски разграничувања и се евидентираат како трошоци/приходи во периодот за кој се однесуваат.

Кога оперативниот наем е прекинат пред да истече периодот на наем, секоја исплата која треба да му се исплати на наемодавачот како казна, се препознава како трошок во периодот во кој раскинувањето настанало.

(ix) Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања

Во категоријата преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања влегуваат земјиште, згради, опрема и други вредности кои се добиени во замена за наплата на сомнителни и спорни побарувања.

Преземените средства се признаваат во моментот на стекнување на правна основа за запишување на сопственоста, односно кога се исполнети следниве критериуми: кредитот или друго побарување законски да се смета дека е подмирено во моментот на преземањето на средството ставено како обезбедување за тој кредит или за друго побарување, со што критериумите за депризнавање на кредитот / побарувањето се исполнети; сите права и ризици кои произлегуваат од преземеното средство се пренесени на Банката; преземеното средство ќе создаде идни економски користи кои ќе претставуваат прилив за Банката и може веродостојно да се измери неговата набавна вредност.

Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања првично се признаваат по пониската вредност од: набавната вредност (сметководствената вредност) на кредитот или побарувањето пред исправката на вредност на денот на преземањето на средството односно вредноста наведена во актот донесен од страна на надлежен орган од кој произлегува правната основа за стекнување на сопственост и проценетата објективна вредност намалена за очекуваните трошоци за продажба кои ќе паднат на терет на Банката.

Доколку соодветното побарување било претходно оштетено, исправката на вредност (загубата поради оштетување) треба да се ослободи низ билансот на успех.
Во случај кога проценетата објективна вредност на преземеното средство е помала од набавната вредност, Банката прикажува загуба за оштетување на средствата, во висина на разликата помеѓу двете вредности.

Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања последователно се мерат по пониската вредност од сметководствената вредност и проценетата вредност намалена за трошоците за продажба и Банката прикажува загуба за оштетување на средствата, во висина на разликата помеѓу двете вредности. За преземените средства пред 01.01.2010 година Банката прикажува загуба за оштетување до пониската вредност меѓу пазарната вредност или 20% од почетната сметководствена вредност намалена за висината на загубата за оштетување.

Најмалку еднаш во период од дванаесет месеци, Банката обезбедува проценка на вредноста на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања. Доколку Банката не успее да ги продаде преземените средства во период од 5 години по датумот на преземање, должна е да изврши целосен отпис на средствата односно нивната вредност да ја сведе на нула.

Преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања се депризнаваат при продажба или кога трајно ќе се повлечат од употреба. Реализираниот вишок над сметководствената вредност при проджбата се признава како приход во билансот на успех или капитална добивка, а реализираната помала вредност од сметководствената вредност при продажба се признава како расход во билансот на успех како загуба.

(x) Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување

Банката ги класифицира во оваа категорија сите нетековни средства кои се чувани за да бидат отуѓени (со продажба или поинаку) односно кога нивната сметководствена вредност се надоместува преку продажба, а не преку континуирана употреба за сопствени или административни цели.

Средствата се признаваат како средства чувани за продажба и група за отуѓување и средства класифицирани како такви кои се чуваат за распределба на сопствениците во моментот кога ќе стане расположиво за моментална продажба односно се очекува продажбата да се оствари во период од една година од датумот на класификацијата и кога неговата продажба мора да биде високо веројатна.

Нетековното средство класифицирано како чувано за продажба односно класифицирано како такво кое се чува за распределба на сопствениците , првобитно се мери според пониската вредност од неговата сметководствена вредност и објективната вредност намалена за очекуваните трошоци за продажба, кои ќе паднат на товар на Банката.

(xi) Останати средства

Оваа група на средства ја сочинуваат: залихи на материјали и ситен инвентар, побарувања од купувачи, однапред платени трошоци, побарувања од вработените, побарувања за дадени аванси, средства за други намени, побарувања по работи во име и за сметка на други, побарувања по основ на провизии и надоместоци и други побарувања кои не се прикажани во некоја друга позиција од активата на билансот на состојба.

Краткорочните побарувања без наведена каматна стапка вообичаено се мерат според првобитниот фактурен износ, освен доколку ефектот на импутирање на каматата би бил значаен.

Средства кои се стекнати без купување, треба да се признаат според нивната објективна вредност, освен доколку трансакцијата е без комерцијална основа или објективната вредност на средството (добиено или дадено) не може веродостојно да се измери. Во тој случај, средствата се признаваат според нивната набавна вредност.

Последователно, средството се мери според пониската вредност од неговата сметководствена вредност и нето-вредноста на реализацијата. Нето вредноста на реализацијата е еднаква на проценетата продажна цена намалена за проценетите трошоци за завршување, поправки и проценетите трошоци неопходни да се оствари продажбата.

Ситниот инвентар се средства со век на употреба помал од 1 година и чиј поединечен трошок на набавка е помал од 300 евра. Тие се ставки со мали вредности и ставки кои не се поврзани со определена ставка на недвижностите, постројките и опремата.

Залихите на материјали и ситниот инвентар се вреднуваат по набавна вредност. Целосно еднократно отпишување при ставање во употреба на ситниот инвентар претставува метод на отпишување на Банката.

Однапред платените трошоци за идни периоди се искажуваат како активни временски разграничувања, а се пресметуваат како трошоци на периодот за кој се однесуваат врз основа на соодветен сметководствен документ. Такви трошоци се: платени премии за осигурување, платени закупнини, претплати за часописи и службени гласила и слично.

Приходите кои се однесуваат на тековниот пресметковен период кои достасуваат за наплата во иден период, се искажуваат како активни временски разграничувања. Такви приходи се недостасани пресметани приходи, освен недостасани приходи од камата. Во иден период кога овие активни временски разграничувања ќе доспеат, се пренесуваат на сметката побарувања.

(xii) Резервации

Резервирање се признава во билансот на состојба кога Банката како резултат на минат настан има сегашна законска или изведена обврска која може веродостојно да се измери и е веројатно дека ќе има одлив од Банката за подмирување на обврската. Резервирањата се утврдуваат со дисконтирање на очекуваните идни парични текови користејќи дисконтна стапка пред оданочување која ги одразува тековните пазарни проценки на временската вредност на парите и каде што е потребно ризиците специфични за обврската.

Резервации за неповолен договор се признаваат кога економските користи кои се очекуваат да се примат според него се пониски од неизбежните трошоци за

исполнување на обврските според договорот. Резервацијата се мери според сегашната вредност на пониската од очекуваната вредност за раскинување на договорот и очекуваната нето вредност за продолжување на договорот. Пред да се утврди резервацијата од неповолниот договор, Банката признава секаква загуба за оштетување на средствата која е поврзана со договорот.

(xiii) Користи за вработените

(xiii.i) Планови за дефинирани придонеси

Банката плаќа придонеси во пензиските фондови во согласност со барањата на локалната регулатива. Придонесите кои се утврдуваат врз основа на платите на вработените се уплатуваат во пензиските фондови, кои што се одговорни за исплата на пензиите. Банката нема дополнителна обврска за плаќање по основ на овие планови. Обврските за уплата на придонеси во плановите за дефинирани придонеси се признаваат како расход во билансот на успех кога се пресметуваат.

(xiii.ii) Краткорочни користи за вработените

Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат кога соодветната услуга ќе се добие.
Банката признава обврска за износ кој што се очекува да биде исплатен како бонус или како удел во добивката и доколу Банката има сегашна правна или изведена обврска да врши такви исплати како резултат на услуги дадени во минатиот период и доколку обврската може да се процени веродостојно.

(xiii.iii) Други долгорочни користи за вработените

Нето обрската на Банката во однос на долгорочните користи, освен спрема пензиските планови, е износот на идни користи кои вработените ги заработиле како возврат за нивната услуга во тековниот и минатиот период при што тие користи се дисконтираат за да се утврди нивната нето сегашна вредност. Секоја актуарска добивка или загуба се признава како добивка или загуба во периодот во кој настанале. Други долгорочни користи за вработени вклучуваат јубилејни награди, отпремнини при одење во пензија и слично.

(xiv) Тековни даночни средства /обврски

Тековни даночни средства / обврски се побарувањата или обврските за данок од добивка утврдена со даночниот биланс на Банката за тековниот финансиски период.

Тековните даночни средства / обврски се признаваат кога платениот износ на даноци за тековниот и претходните периоди е поголем од износот кој што се должи за периодот / кога обврската не е подмирена.

Банката пресмета данок на добивка за 2012 година на износот на непризнаените расходи утврдени со Законот за данокот на добивка. (белешка.17б)

(xv) Депозити, обврски по кредити, субординирани обврски и издадени хартии од вредност

Депозитите, обврските по кредити, субординираните обврски и издадените хартии од вредност претставуваат главен извор за финансирање на активностите на Банката.

Банката ги класифицира капиталните инструменти како финансиски обврски или како инструменти на капиталот во согласност со суштината на договорните услови на инструментот.

Банката почетно ги признава депозитите, обврските по кредити, субординираните обврски и издадените хартии од вредност на датумот кога настанале.

Депозитите, обврските по кредити, субординираните обврски и издадените хартии од вредност првично се искажани според нивната набавна вредност зголемена за трансакциските трошоци, а последователно се мерат по амортизирана набавна вредност користејќи го методот на ефективна каматна стапка.

Амортизираната набавна вредност на финансиската обврска е износот според кој финансиската обврска е мерена при почетното признавање, намалена за отплатите на главницата, намалена или зголемена за акумулираната амортизација на секоја разлика помеѓу почетниот износ и износот во моментот на достасување.

(xvi) Останати обврски

Во групата останати обврски спаѓаат: денарски и девизни обврски за провизии, обврски за бруто плати и други обврски кон вработените, обврски за дивиденди, обврски кон добавувачи, обврски по дадени инструменти за плаќање, обврски по работи во име и за сметка на други, примени аванси, пресметани недостасани обврски, одложени приходи и други обврски кои не се прикажани во некоја друга позиција од пасивата на билансот на состојба.

Останатите обврски се евидентираат по номинална вредност врз основа на соодветен сметководствен документ (фактура, договор, пресметка) согласно прописите и одлуките на Банката.

Приливи на средства кои не се признаваат како приходи во тековниот период, се одложуваат за иден период, и се евидентираат како пасивни временски разграничување. Кога приходите ќе се заработат тогаш пасивните временски разграничувања се задолжуваат а се одобруваат приходите.

Трошоците за кои со сигурност може да се утврди дека се однесуваат за тековниот пресметковен период, а претставуваат обврска во иден период, се евидентираат на пасивни временски разграничувања. Со доспевањето на обврските се врши укинување на пасивните временски разграничувања и се искажуваат обврски.

(xvii) Вонбилансна евиденција (потенцијални обврски и потенцијални средства)

Банката води вонбилансна евиденција за извршени трансакции кои во моментот не ги исполнуваат критериумите за признавање како средство или обврска а кои можат да создадат идни приливи и одливи на средства, и кои претставуваат извор на информации за работењето, за утврдувањето на ризикот од работењето и евентуалните идни обврски.

Оваа евиденција ги опфаќа следниве ставки: издадени покриени гаранции, издадени непокриени платежни и чинидбени гаранции, отворени непокриени и покриени акредитиви, авали, акцепти, преземени неотповикливи обврски за кредити, неискористен дел на одобрени рамковни кредити, неискористени лимити на кредитни картички, неискористени пречекорувања по тековни сметки, и други облици на гаранција врз чија основа можат да настанат обврски за плаќање и побарувања од страна на Банката како и друга книговодствена евиденција која за неа не претставува посебен ризик (евиденција на отпишани побарувања, покриени акредитиви и сл.).

Вонбилансната евиденција се евидентира на денот на случување на настанот.

(xviii) Договори за финансиски гаранции

Договорите за финансиски гаранции се договори кои од издавачот бараат да изврши посебни плаќања со цел да му ја надомести на корисникот на гаранцијата загубата на која е изложен од причина што должникот не ја подмирил платежната обврска навреме. Ваквите финансиски гаранции се даваат на банки, финансиски институции и други институции а во корист на комитенти со цел да се обезбеди кредит, дозволено пречекорување и други банкарски инструменти.

Финансиските гаранции почетно се признаваат според објективната вредност на датата кога гаранцијата е издадена. По почетното признавање обврските на Банката по ваквите гаранции се мерат според повисоката од почетната вредност, намалена за амортизација која се пресметува за да во билансот на успех се признае приходот од провизија која се добива праволиниски за периодот на важност на гаранцијата и најдобрата проценка на трошоците потребни за подмирување на било која финансиска обврска на датата на билансот на состојба.

Овие проценки се одредуваат според искуството со слични трансакции и од историјата на загуби кои се случиле во минатото заедно со проценката на менаџментот. Секое зголемување на обврските поврзани со гаранциите се внесуваат во билансот на успех под други трошоци од работењето.

(xix) Капитал

Капиталот на Банката го сочинуваат:

- основната главнина која е еднаква на номиналната вредност на сите акции (запишан и уплатен капитал);
- зголемување на капиталот по основ на остварена разлика помеѓу номиналната вредност на акциите и износите по кои се продадени (премии на акции);
- зголемување на капиталот по основ на распоредена реваловризациона резерва, (прокнижен распоред од реваловризациона резерва од поранешни години) и
- задржана добивка / акумулирани загуби од претходни години.

Акционерскиот капитал на Банката се состои од обични акции. Обичните акции имаат номинална вредност од МКД 1.000 по акција. Сите издадени акции се платени во целост.

Имателите на обични акции имаат право на глас на седница на Собранието на акционери (една акција дава право на еден глас) и право на исплата на дел од добивката (дивиденда).

(xx) Резерви

Резервите на Банката се содржат од законска и статутарна резерва, реваловризациска резерва и останати резерви.
Законската и статутарна резерва на Банката се искажува по номинална вредност со издвојување од нето добивката и тоа посебно за законските резерви, посебно за статутарните резерви и за останати резерви.

Резервниот фонд на Банката се формира при распределба на нето добивката во висина на утврдениот процент (15%) согласно Статутот на Банката и Законот за трговски друштва.

Банката има обврска да издвојува во резервниот фонд дел од добивката се додека фондот не достигне износ од една петина од основната главнина. Се додека не го достигне тој износ, Резервниот фонд може да се користи исклучиво за покривање на загуби.

Во ревалоризационата резерва се евидентираат добивките и загубите од промените во објективната вредност за средствата расположиви за продажба, која резултира во зголемување или намалување на главнината (освен за загубите поради оштетување и добивките и загубите од курсните разлики, кои се признаваат во билансот на успех).

Кога намалувањето на вредноста на финансиското средство расположиво за продажба се признава директно во ревалоризациона резерва и кога постои објективен доказ дека средството е оштетено, кумулативната загуба треба да се тргне од капиталот и да се признае во билансот на успех.

(xxi) Добивка или загуба

Добивката или загубата во тековната година се утврдува согласно законските прописи. Остварената нето добивка од тековната година се пренесува и распоредува наредната година согласно одлуката на Собранието на акционерите на Банката.

(xxii) Заработка по акција

Банката ја прикажува заработката по акција во основната структура на билансот на успех, ако обичните акции се предмет на јавно тргување на пазарот или ако е во процес на издавање на обични акции на јавните пазари.

Банката ја прикажува основната заработка по акција. Основната заработка по акција претставува дел од добивката или загубата кој им припаѓа на акционерите – сопственици на обични акции за ефектите на сите обични акции во оптек во текот на периодот.

Основната заработка по акција се пресметува кога нето добивката или загубата која им припаѓа на имателите на обични акции се дели со пондерираниот просечен број на обични акции во оптек во текот на периодот. Пондерираниот просечен број на акции во оптек во текот на периодот, се добива кога бројот на акции во оптек на почетокот на периодот се корегира за бројот на акции кои се издадени или откупени во тек на периодот, помножени со (временскиот пондер) бројот на денови во текот на кој конкретните акции се во оптек – во однос на вкупниот број на денови во годината.

(xxiii) Приходи и расходи од камата

Приходите и расходите по основ на камата за сите каматоносни финансиски инструменти, освен за оние што се класифицирани за тргување или оние кои се вреднуваат по фер вредност преку билансот на успех, се признати како „приход од камата“ и „расход од камата“ во билансот на успех, користејќи ја методата на ефективна каматна стапка.

Методата на ефективна каматна стапка е метода на мерење на финансиските средства и обврски според амортизирана набавна вредност и алокација на приходите и расходите од камата во периодот на очекуваното достасување на финансиските инструменти.

Ефективната каматна стапка е стапката со чијашто примена сегашната вредност на сите идни парични приливи се изедначува со сегашната вредност на сите идни парични одливи во текот на очекуваниот век на финансискиот инструмент. При пресметувањето на ефективната каматна стапка, Банката го проценува паричниот тек, земајќи ги во предвид сите договорни услови на финансискиот инструмент (на пример, однапред платени опции) освен идните кредитни загуби. Пресметката ги вклучува добиените или исплатени надоместоци и поени помеѓу договорените страни, кои се составен дел од ефективната каматна стапка, трансакционите трошоци и сите други премии или дисконти.

(xxiv) Приходи од провизии и надомести

Приходите од провизии и надомести воглавно се состојат од финансиски услуги што ги извршува Банката вклучувајќи издавање на гаранции, отварање на акредитиви, платен промет во земјата и странство комисиони и доверителски активности, провизии од тргување со хартии од вредност, провизии за управување со средства и други услуги. Провизиите и надоместите генерално се признаваат на пресметковна основа, кога услугата ќе се изврши.

(xxv) Приход од дивиденди

Приходите од дивиденди се признаваат во билансот на успех кога ќе биде утврдено правото на Банката да ја прими исплатата и кога приливот на економски користи е веројатен.

(xxvi) Нето приходи од тргување

Нето приходи од тргување претставуваат реализирани и нереализирани промени во објективната вредност при последователно мерење, добивка или загуба при отуѓување, дивиденди, приходи и расходи од камати на средствата и обврските за тргување и дериватите за тргување.

Нето приходите од тргување се мерат според промената на објективната вредност на финансиските средства и обврски за тргување која претставува разлика помеѓу сметководствената вредност и објективната вредност, на датумот на билансот на состојба.

(xxvii) Нето приходи и расходи од курсни разлики

Нето приходите и расходите од курсни разлики претставуваат реализирани и нереализирани курсни разлики кои произлегуваат од:

- порамнување на трансакции во странска валута на монетарни и немонетарни ставки во текот на целата финансиска година и
- курсирање на монетарни ставки деноминирани во странска валута на датумот на билансот на состојба.

(xxviii) Останати приходи од дејноста

Во оваа група на приходи спаѓаат:

- нето приход од вложувања во подружници и придружни друштва;
- добивка од продажба на финансиски средства расположиви за продажба;
- приход од дивиденди од финансиски средства расположиви за продажба;
- добивка од отуѓување на недвижности и опрема и на нематеријални средства која претставува разлика помеѓу приливите од продажбата и нивната нето сметководствена вредност на денот на отуѓувањето;
- приходи од наплатени претходно отпишани кредити и побарувања;
- приходи од наеми од оперативен лизинг;
- приходи од минати години;
- нето ослободувања на посебната резерва за вонбилансната изложеност и на резервирањата по поединечен вид на резервирање (за пензиски и други користи на вработените, за потенцијалните обврски на судски спорови и други резервирања) и
- други приходи.

Приходот се признава и се мери согласно соодветниот стандард за одредено средство, врз чија основа е остварен приходот.

(xxix) Загуби поради оштетување / Исправка на вредноста на финансиските средства

Загубата поради оштетување претставува разлика помеѓу сметководствената вредност и надоместливата вредност на финансиските средства, како сегашна вредност на проценетите идни парични текови дисконтирани со првобитната ефективна каматна стапка на финансиските средства:

- кредити на и побарувања од банки и од други комитенти;
- финансиски средства кои се чуваат до достасување и
- финансиски средства расположиви за продажба.

Загуба поради оштетување се признава во моментот кога постои доказ дека сметководствената вредност е поголема од проценетиот надоместлив износ и се признава во билансот на успех како исправка на вредноста (загуба поради оштетување) на финансиските средства, на нето основа.

Кога причините за исправката на вредноста (загубата поради оштетување) ќе исчезнат, треба да се анулира претходно признаената исправка на вредност преку билансот на успех во позиција „Исправка на вредноста (загуби поради оштетување) на финансиските средства, на нето основа“. Последователни ослободувања на исправката на вредност се признава само за финансиски средства што се евидентирани по амортизирана набавна вредност и за должничките инструменти расположиви за продажба.

Последователни ослободувања на исправката на вредност не се признава за финансиски средства кои се мерат по набавна вредност и за сопственички инструменти класифицирани како расположиви за продажба.

Исправката на вредност (загуби поради оштетување) се мери и признава:

- на поединечна основа, за финансиските средства кои се поединечно значајни ставки/изложености;
- на групна основа, за „портфолио на мали кредити“ и
- на групна основа, за група на слични финансиски средства за кои поединечна исправка на вредноста не може да се определи или не е определена.

(xxx) Загуби поради оштетување на нефинансиски средства

Загуба поради оштетување на нефинансиски средства претставува разлика помеѓу сметководствената вредност и надоместливиот износ на:

- недвижности и опрема;
- нематеријални средства;
- преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања;
- нетековни средства кои се чуваат за продажба и група на отуѓување и
- останати средства.

Банката проценува, на секој датум на билансот на состојба, дали постои некој објективен доказ дека нефинансиското средство или група на нефинансиски средства се оштетени.

Загуба поради оштетување се признава во моментот кога постои доказ дека сметководствената вредност е поголема од проценетиот надоместлив износ на

нефинансиските средства и се признава во билансот на успех како загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето основа.

Кога причините за загубата поради оштетување ќе исчезнат, треба да се анулира претходно признаената загуба преку билансот на успех на позиција загуби поради оштетување на нефинансиските средства, на нето основа, но најмногу до износот на претходно признаените загуби поради оштетување. Последователни ослободувања на загубата поради оштетување не се признава за преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања.

(xxxi) Трошоци за вработени

Трошоците за вработени се состојат од:

- краткорочни користи за вработените (плати, задолжителни придонеси за социјално и здравствено осигурување, персонален данок, краткорочни платени отсуства, удел во добивката и бонуси и др.);
- долгорочни користи за вработените (јубилејни награди, користи при пензионирање, актуарска пресметка и др.) и
- придонеси кон планови за дефинирани придонеси (уплати на придонеси во посебен фонд).

Краткорочните користи се признаваат во моментот на настанување кога соодветната услуга ќе се добие. Краткоричните користи се мерат по недисконтиран износ кој се очекува да биде платен врз основа на работен однос и се признаваат во билансот на успех како расход.

Долгорочните користи се мерат според сегашната вредност на обврската за дефинираните користи на датумот на билансот на состојба, намален за објективната вредност на средствата на планот на датумот на билансот на состојба од кои обврските треба да се подмират директно. Секоја актуарска добивка или загуба се признава во билансот на успех во периодот во која настанале.

(xxxii) Амортизација на нематеријални средства

Амортизацијата на нематеријалните средства се распределува врз систематска основа за време на најдобрата проценка на корисниот век на употреба. Банката проценува дали корисниот век на употреба на нематеријалното средство е конечен или бесконечен и доколку е конечен, должината на употреба го претставува неговиот корисен век на употреба.

Пресметката на амортизација започнува кога средството станало расположиво за употреба и престанува кога средството е класифицирано како чувано за продажба или се депризнава. Амортизацијата продолжува да се пресметува за нематеријалните средства кои се ставени надвор од употреба. Банката ги амортизира сите нематеријални средства пооделно, групирајќи ги во амортизациски групи оние средства кои имаат ист корисен век на употреба и иста метода на амортизација.

Стапките на амортизација се одредени така да вредноста на нематеријалните средства се распоредува во трошоци во проценетиот период на нивната корисност.

Амортизацијата се пресметува според праволиниска метода и трошокот за амортизацијата за секој период се признава како расход во билансот на успех во позицијата „Амортизација“.

Периодот за пресметка на амортизација (остатокот на вредноста и корисниот век на употреба на средството) и методата за амортизација се проверува на крајот од секоја финансиска година и доколку се утврди промена истата треба да се евидентира како промена на сметководствена проценка, перспективно во тековниот и во идните периоди.

(xxxiii) Амортизација на материјални средства

Амортизацијата на материјалните средства се распределува врз систематска основа за време на најдобрата проценка на корисниот век на употреба. Пресметката на амортизација започнува кога средството станало расположиво за употреба и престанува кога средството е класифицирано како чувано за продажба или се депризнава. Амортизацијата продолжува да се пресметува за материјалните средства кои се ставени надвор од употреба. Банката ги амортизира сите материјални средства пооделно, групирајќи ги во амортизациски групи оние средства кои имаат ист корисен век на употреба и иста метода на амортизација.

Земјиштето има неограничен век на употреба и не се амортизира. Уметничките дела не се амортизираат.

Стапките на амортизација се одредени така да вредноста на материјалните средства се распоредува во трошоци во проценетиот период на нивната корисност.

Амортизацијата се пресметува според праволиниска метода и трошокот за амортизацијата за секој период се признава како расход во билансот на успех во позицијата „Амортизација“.

Периодот за пресметка на амортизација (остатокот на вредноста и корисниот век на употреба) и методата за амортизација се проверува на крајот од секоја финансиска година и доколку се утврди промена истата треба да се евидентира како промена на сметководствена проценка, перспективно во тековниот и во идните периоди.

(xxxiv) Останати расходи од дејноста

Во групата на останати расходи од дејноста спаѓаат: административни трошоци, загуба од продажба на финансиски средства расположиви за продажба, загуба од отуѓувањето на недвижности и опрема, загуба од отуѓување на нематеријални средства, расходите за посебна резерва за вонбилансната изложеност и за резервирања на нето основа и останати трошоци кои не можат да се категоризираат во специфична позиција.

Останати расходи од дејноста се признаваат врз основа на принципот на директна поврзаност со приходите односно кога постои спротивставување на трошоците со приходите.

Останати расходи од дејноста се признаваат и евидентираат врз основа на стварно настанати трошоци искажани по веродостојни сметководствени документи (фактури, договори, пресметки).

(xxxv) Нетирање на финансиски средства и обврски

Финанските средства и обврски се нетираат и нето износот се прикажува во билансот на состојба само кога Банката има законско право да ги нетира признаените износи и има намера да се порамни трансакцијата на нето основа, или да се реализира средството и истовремено да се подмири обврската.

(xxxvi) Компаративи

Каде што е неопходно, споредливите податоци се променети за да се усогласат со промените во презентацијата на тековната година.

г) Употреба на оценки и проценки

(i) Опис на варијабилноста / несигурноста на сметководствените оценки

Финансиските извештаи и финансискиот резултат на Банката зависи од сметководствените политики, претпоставки, оценки и расудување на раководството кои се применуваат при изготвувањето на финансиските извештаи. Банката прави проценки и претпоставки кои влијаат на известувањата за износите во активата и пасивата и во текот на следната финансиска година. Проценките и расудувањата постојано се оценуваат на континуирана основа и се базираат на претходно искуство и други фактори, вклучувајќи очекувани настани кои се сметаат за веројатни во дадените услови.

(ii) Опис на значајните проценки при примената на сметководствените политики

(ii.i) Загуби поради оштетување од кредити и побарувања

Банката го разгледува портфолото на кредити и побарувања за да го процени оштетувањето најмалку на квартална основа. При одредувањето дали една загуба од оштетување треба да се искаже во Билансот на успех, Банката расудува во однос на тоа дали постојат забележливи податоци кои навестуваат дека има мерливо намалување на проценетиот иден паричен тек од некое портфолио на кредити пред намалувањето да може да биде идентификувано со поединечен кредит во тоа портфолио. Овој доказ може да вклучува забележливи податоци кои навестуваат дека постои неповолна промена во плаќањето на заемопримачите во Банката, или во државните или локалните економски услови кои се однесуваат на неизвршувањата на обврските за активата во Банката.

Менаџментот користи проценки кои се базираат на искуство на историски евидентираните загуби на активата изложена на кредитниот ризик и на објективни докази на оштетувања слични на оние во портфолиото кога се проектира идниот готовински тек. Методологијата и претпоставките кои се употребуваат за проценка на износот и времето на идните готовински текови се разгледуваат за ревидирање на редовна основа со цел да се намали било какво несовпаѓање промеѓу проценетите загуби и стварно настанатите загуби. При вкупна промена на очекуваните готовински текови од +/-5%, проценетите резервации би се зголемиле односно намалиле за МКД 275.234.000 (2011: МКД 246.227.000).

(ii.ii) Оштетување на сопственички вложувања расположливи за продажба

Банката одредува дека сопственичките вложувања расположливи за продажба се оштетени кога постои значително или продолжено опаѓање на објективната вредност под неговата набавна вредност. Како значително намалување се смета ако објективната вредност е пониска од 70% од набавната вредност и/или продолженото намалување на објективната вредност под нивната набавна вредност се смета она кое трае подолго од 9 месеци. Банката може да предвиди показатели за оштетување на вложувањата во сопственички хартии од вредност пократки од 9 месеци и пониски од 70%, или комбинации од овие два или други показатели Ова одредување на тоа што е

значајно или продолжено бара расудување. Во донесување на такво расудување, меѓу другите фактори, Банката ја одредува несигурноста на цената на капиталот. Исто така, оштетувањето може да биде и кога постојат докази за опаѓање на финансиската состојба на комитентот, исполнувањата во индустријата и секторот, промените во технологијата и оперативните и финансиски парични текови.

Доколку објективната вредност на сопственичките вложувања расположиви за продажба има значајно и продолжено опаѓање под набавната вредност, Банката во финансиските извештаи за 2012 година ќе има дополнителна загуба од МКД 3.354.000 (2011: МКД 6.391.000) преку трансфер на ревалоризационите резерви во билансот на успех.

(ii.iii) Исправка на вредноста на преземени средства

Процесот за пресметување на загубата поради оштетување бара да се направат важни и комплексни претпоставки во однос на планираниот продажен период на преземените средства, нивните проценети нето продажни вредности и соодветната стапка на попуст, со цел да се намали вредноста на нето сегашната вредност на очекуваниот паричен тек на готовина од продажбата на одредени предмети на преземените недвижности.

Менаџментот на Банката е сигурен дека преземените средства ќе бидат продадени во разумна временска рамка, без загуби. Во спротивно, ќе бидат направени прилагодувања во идните периоди доколку пазарната активност посочи дека таквите прилагодувања се соодветни.

(ii.iv) Актуарска пресметка

Сегашната вредност на долгорочните користи за пензиски планови зависи од повеќе фактори кои се определуваат на основа на актуарска пресметка со користење на претпоставки.

Главни актуарски претпоставки вклучени во пресметката на користите за вработени се следните:

- дисконтен фактор од 15% (2011: 15%);
- број на вработени подобни за искористување на правото на бенефициии
- идните зголемувања на платите земајќи го во предвид општиот индекс на инфлација на платите, унапредувањата како и зголемувањата на платите врз основа на минат труд.

Банката користи услуги од независен квалификуван актуар при вреднувањето на сегашната вредност на долгорочните користи за пензиски планови.

д) Промена на сметководствените политики, сметководствените оценки и корекција на грешки

(i) Опис на промената и / или корекцијата

Грешки се пропусти и грешки од претходен период како резултат на злоупотреба или пропуст во користењето на информациите како што се математички грешки, превиди или погрешни толкувања на факти и измами и се корегираат ретроактивно во финансиските извештаи.

Промена на сметководствени оценки е корекција на сметководствената вредност на средството или обврската како резултат на проценка на тековниот статус на

средството или обврската или на очекуваните идни користи и обврски од средството или обврската. Ова е резултат на нови информации или нови ситуации и согласно со тоа не е корекција на грешка. Ефектите од промена на сметководствената оценка треба перспективно да се признаваат во билансот на успех.

Секоја промена во корисниот век на употреба, во остатокот на вредноста или во методот на амортизација на ставка на недвижности и опрема или на нематеријални средства се смета за промена на сметководствената оценка.

Промена на сметководствените политики се промени кои се барани од МСФИ или толкување или ако промената доведе до веродостојно и пореално прикажување на настани или трансакции во финансиските извештаи.

ѓ) Усогласеност со законска регулатива

Банката во 2012 година, своето работење го темелеше со почитување на постојната регулатива, со редовна контрола на усогласеноста со прописите и континуирано усогласување на работењето на Банката со новите законски прописи. Со цел обезбедување на овие активности во Банката се именувани лица за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите, во насока на обезбедување на поголема контрола на усогласеноста со прописите, што особено докажува и формирањето на посебна организациона единица во Банката, Служба за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите, во рамки на Секторот за право, контрола на усогласеност и управување со проблематични пласмани.

Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите вршеше усогласување на работењето на Банката со новите законски прописи, односно изготвуваше анализи на новите закони или законските измени на прописите кои се од значење за работењето на Банката и анализа на Одлуките донесени од страна на НБРМ. Соодветно на измените на законската и подзаконската регулатива, анализата на истите, беа давани насоки и препораки за усогласување на Банката во пооделни сегменти и истото беше соодветно контролирано и координирано.

Согласно одлуките донесени од страна на Народната банка на РМ, Службата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите, изготвуваше и учествуваше во ревидирањето на соодветните Политики и Процедури кои како задолжителна обврска беа утврдени со конкретните одлуки на НБРМ, кои по усвојувањето од страна на Управниот, односно Надзорниот одбор на Банката, се применуваат од сите вработени во Банката. Преку работата на Службата и нејзините активности, Банката придонесува кон подобрување на комуникацијата помеѓу секторите и зголемувањето на свесноста на вработените во Банката за почитување на работната етика за следење и имплементирање на новините во правната регулатива во секојдневното професионално делување.

На пресечен датум 31.12.2012 година, Банката е во согласност со лимитите на изложеност, адекватноста на капиталот и сопствените средства определени со законските и подзаконските акти пропишани од Народната банка на Република Македонија, односно Банката е усогласена со регулативата пропишана од Народна банка на Република Македонија.

Банката има воспоставено интерни контролни системи и механизми за идентификување, следење и управување со сите ризици, одржува адекватно ниво на ликвидност, има воспоставено систем на корпоративно управување, што овозможува навремено идентификување, следење и контрола на ризиците на кои е изложена.

е) Обелоденување за управување со ризици

Квантитативните информации за секој ризик одделно се дадени во белешките 2.1, 2.2, 2.3.1, 2.3.2, 2.3.3 и 3.

Квалитативните информации за поодделни видови на ризици следат во продолжение (Белешка 2)

2. Обелоденувања за управување со ризиците

Активностите на Банката се изложени на разни финансиски ризици и тие активности вклучуваат анализа, проценка, прифаќање и управување со одреден степен на ризик или комбинација на ризици. Преземањето на ризикот е основа на финансискиот бизнис и оперативните ризици се неизбежна последица на работењето. Затоа, целта на Банката е да постигне одреден баланс помеѓу ризикот и повратот на средствата и да ги минимизира потенцијалните негативни ефекти од финансиското работење на Банката.

Политиките за управување со ризици на Банката се проектирани за да ги идентификуваат и анализираат ризиците, да определат одредени лимити и контроли, да вршат мониторинг на ризиците и да се држат до лимитите преку веродостојни и современи информациски системи. Банката редовно ја ревидира политиката и системите на управување со ризици, во согласност со промените на пазарот, производите и појавата на најдобри решенија.

Управувањето со ризици се спроведува од страна на Секторот за управување со ризици во Банката, применувајќи ги политиките кои се одобрени од страна на Надзорниот Одбор. Надзорниот одбор обезбедува, во пишана форма, принципи за севкупните управувања со ризиците и политики кои ги покриваат специфичните области како што се кредитниот ризик, валутниот ризик, ризикот од каматни стапки и ризикот на ликвидност. Понатаму, Секторот за внатрешна ревизија е одговорен за независно надгледување на управувањето со ризици и начинот на контрола.

Најважните видови на ризик на кои Банката е изложена се кредитен ризик, ризик на ликвидност, пазарен ризик и други оперативни ризици. Пазарниот ризик ги опфаќа валутниот ризик, ризик од каматни стапки и други пазарни ризици.

2.1 Кредитен ризик

Банката е изложена на кредитен ризик, кога клиентот ќе предизвика финансиска загуба од неисполнување на својата обврска кон Банката. Кредитниот ризик е најзначајниот ризик во работењето на Банката, и затоа менаџментот внимателно ја разгледува изложеноста на кредитниот ризик. Изложеноста на кредитниот ризик примарно настанува кај кредитните активности односно кредитите и побарувањата, и инвестиционите активности во должничките инструменти и други хартии од вредност во активата на Банката. Исто така, кредитен ризик постои и кај вонбилансните финансиски инструменти. Управувањето и контролата на кредитниот ризик е централизирано во тимот за управување со кредитен ризик во рамките на Секторот за управување со ризици, кој е одговорен пред Управниот Одбор.

2.1.1 Мерење на кредитен ризик

2.1.1.1 Кредити и побарувања

При мерењето на кредитниот ризик поврзан со кредити и побарувања дадени на клиенти и банки, важни се три аспекти:

- веројатноста од неисполнување на обврските кои произлегуваат од договорот помеѓу договорените страни;

- тековната изложеност кон клиентот и можноста за пратење на неговиот иден деловен развој и
- коефициентот на поврат на ненаплатените побарувања на Банката.

(i) Банката ја мери веројатноста од неисполнување на обврските помеѓу договорените страни користејќи интерен систем за класификација, модификуван за различни категории на коминтенти. Системот за класификација е развиен интерно и ја комбинира финансиската анализа со оценките на кредитниот референт и потврдување каде што е возможно со споредување на дополнителни екстерни податоци. Клиентите на Банката се класификуваат во пет ризични категории. Подолу прикажаната табела за системот за класификација на Банката, укажува на веројатноста од неисполнување на обврските за секоја поединечна категорија. Генерално, изложеноста може да се движи помеѓу ризични категории во зависност од промената на веројатноста од неисполнување на обврските. Методологијата редовно се ревидира и надградува, доколку е тоа потребно. Банката редовно ги верификува перформансите на рејтинг системот имајќи ги во предвид реално настанатите неисполнувања на договорните обврски.

Систем за класификација на Банката

Категории на Банката

А

Б

В

Г

Д

Критериумот за класификација на финансиските средства или преземените обврски во ризичните категории А, Б, В, Г и Д е како што следи:

Во категорија на ризик **„А”** се класифицира:

- побарувања од НБРМ, Република Македонија, Европската централна банка и од владите и централните банки на други земји за кои е утврден кредитен рејтинг од најмалку А-(согласно рејтингот на „Стандард и Пурс“ или “Фич”) или А3 (согласно рејтингот на „Мудис“);
- изложеност на кредитен ризик спрема клиент чија сегашна финансиска состојба и проценетите идни парични приливи не го доведуваат во прашање неговото натамошно работење и можноста за измирување на тековните и идните обврски спрема Банката;
- изложеност на кредитен ризик спрема клиент кој своите обврски спрема Банката ги извршува во рокот на достасаност или со задоцнување најмногу до 30 дена и за кој Банката во последните две години не извршила реструктурирање на побарувањата и
- изложеност на кредитен ризик која е целосно обезбедена со првокласни инструменти за обезбедување.

Во категорија на ризик „Б” се класифицира:

- изложеност на кредитен ризик спрема клиент, за кој Банката врз основа на проценка на кредитната способност оценува дека паричните приливи ќе бидат доволни за целосно измирување на достасаните обврски, без оглед на прикажаните моментални финансиски слабости, со тоа што не постојат знаци за натамошно влошување на состојбата на клиентот и
- изложеност на кредитен ризик спрема клиент кој своите обврски најчесто ги извршува со задоцнување од 31 до 60 дена, или со исклучок од 61 до 90 дена, доколку доцнењето е само повремено во интервалот од 61 до 90 дена и за кој

Банката во последните шест месеци не извршила реструктурирање на побарувањата.

Во категорија на ризик **„В”** се класифицира:

- изложеност на кредитен ризик спрема клиент за кој се проценува дека паричните текови се несоодветни за редовно измирување на достасаните обврски;
- изложеност на кредитен ризик спрема клиент кој не е соодветно капитализиран;
- изложеност на кредитен ризик спрема клиент со неадекватна рочна структура на активата и пасивата;
- изложеност на кредитен ризик спрема клиент за кој Банката не располага со потребни и ажурирани информации за да ја оцени кредитната способност на клиентот;
- изложеност на кредитен ризик спрема клиент, чии обврски се реструктурирани и
- изложеност на кредитен ризик спрема клиент кој најчесто ги извршува своите обврски со задоцнување од 61 до 120 дена, или со исклучок од 121 до 180 дена, доколку доцнењето е само повремено во интервалот од 121 до 180 дена;
- изложеност на кредитен ризик спрема клиент – нефинансиско лице којшто има побарувања врз основа на финансиски кредит од лице со кредитен рејтинг еднаков или понизок од ЦЦЦ+ (согласно со рејтингот на “Стандард и Пурс” или “Фич”) или Цаа1 (согласно со рејтингот на “Мудис”);
- изложеност на кредитен ризик спрема клиент – нефинансиско лице којшто има побарувања врз основа на финансиски кредит од лице за кое не е утврден кредитен рејтинг, но е со седиште во земја чијшто кредитен рејтинг е еднаков или понизок од Б- (согласно со рејтингот на “Стандард и Пурс” или “Фич”) или Б3 (согласно со рејтингот на “Мудис”) или е со седиште во земја за која не е утврден кредитен рејтинг.

По исклучок, Банката може да не ја класифицира изложеноста од претходните две потточки во категорија на ризик “В”, доколку:

- изложеноста е врз основа на царинска гаранција или гаранција за учество на тендер, или
- финансискиот кредит е помал од МКД 31.000.000 (доколку финансискиот кредит е даден во странска валута се зема предвид денарската противвредност на дадениот кредит), или
- финансискиот кредит е еднаков или поголем на/од МКД 31.000.000, а изложеноста на Банката е поголема од износот на финансискиот кредит и Банката извршила исправка на вредноста, односно издвоила посебна резерва, најмалку во износот од 25% од износот на финансискиот кредит.

Во категорија на ризик „Г” се класифицира:

- изложеност на кредитен ризик спрема клиент кој е неликвиден;
- изложеност на кредитен ризик спрема клиент чии доверители ги отпишале своите побарувања од него;
- изложеност на кредитен ризик спрема клиент за кој е воведена постапка за стечај и за кој Банката очекува делумна наплата на своите побарувања;
- изложеност на кредитен ризик спрема клиент за кој е воведена постапка за ликвидација;
- изложеност на кредитен ризик, чија наплата зависи од активирањето на инструментите за обезбедување;
- изложеност на кредитен ризик каде постојат очекувања дека Банката ќе наплати само дел од своите побарувања спрема клиентот и
- изложеност на кредитен ризик спрема клиент кој своите обврски најчесто ги извршува со задоцнување од 121 до 270 дена, или со исклучок со повремено задоцнување од над 270 дена;

- изложеност на кредитен ризик спрема клиент (вклучувајќи и влади и централни банки) со кредитен рејтинг еднаков или понизок од ЦЦЦ+ (согласно со рејтингот на "Стандард и Пурс" или "Фич") или Цаа1 (согласно со рејтингот на "Мудис");
- изложеност на кредитен ризик спрема клиент со кредитен рејтинг повисок од ЦЦЦ+ (согласно со рејтингот на "Стандард и Пурс" или "Фич") или Цаа1 (согласно со рејтингот на "Мудис"), но со седиште во земја чијшто кредитен рејтинг е еднаков или понизок од ЦЦЦ+ (согласно со рејтингот на "Стандард и Пурс" или "Фич") или Цаа1 (согласно со рејтингот на "Мудис");
- изложеност на кредитен ризик спрема клиент за кое не е утврден кредитен рејтинг, но е со седиште во земја чијшто кредитен рејтинг е еднаков или понизок од Б- (согласно со рејтингот на "Стандард и Пурс" или "Фич") или Б3 (согласно со рејтингот на "Мудис") или е со седиште во земја за која не е утврден кредитен рејтинг.

По исклучок, Банката може да не ја класифицира изложеноста од претходните три потточки во категорија на ризик "Г", доколку станува збор за вонбилансно побарување врз основа на царинска гаранција или гаранција за учество на тендер.

Во категорија на ризик „**Д**" се класифицира:

- изложеност на кредитен ризик спрема клиент кој своите обврски ги извршува со задоцнување подолго од 270 дена или воопшто не ги извршува;
- изложеност на кредитен ризик спрема клиент во стечај, која истовремено не е обезбедена со квалитетен инструмент за обезбедување;
- изложеност на кредитен ризик, која е предмет на судски спор и
- изложеност на кредитен ризик за која постојат цврсти очекувања дека Банката нема да биде во можност да ги наплати своите побарувања од клиентот во целост или ќе се наплати само мал незначителен дел.

(ii) Изложеноста кон претпријатијата кои не ги исполнуваат обврските не го надминува износот кој Банката очекува да го поседува до моментот на неисполнување на обврските. На пример, за кредитот тоа е неговата главнина. Како обврски кои ги има претпријатието, Банката го вклучува износот кој е веќе повлечен зголемен за износот кој во иднина може да биде повлечен до моментот на неисполнување на обврските.

(iii) Дадената стапка на неисполнување на обврските или значајноста на загубите ги претставува очекувањата на Банката за големината на загубата во случај на неисполнување на обврските. Овој показател се прикажува како процентуален износ на загубата по единица изложеност и вообичаено варира согласно класификацијата на коминтентот, типот, редот (предноста) во наплата на побарувањата и ликвидноста на колатералот или други кредитни разводнувања.

2.1.1.2 Должнички и останати хартии од вредност

За должничките и останатите хартии од вредност, во делот за управување со изложеноста кон кредитен ризик се употребуваат класификации во зависност од издавачот: Народна банка на Република Македонија и Република Македонија. Вложувањата во таквите хартии од вредност претставуваат начин да се зголеми кредитниот квалитет и во исто време да се одржуваат достапни извори на средства за пресретнување на барањата за финансирање.

Вложувања се дозволени само во ликвидни хартии кои имаат висок кредитен рејтинг. Со високиот кредитен рејтинг, менаџментот на Банката не очекува договорната страна да не ги исполнува своите обврски. Максималната изложеност кон кредитниот ризик е претставена со сметководствената вредност на секое финансиско средство во билансот на состојба.

2.1.2 Политика на контрола на лимити и политика на ублажување на ризикот

Банката управува, ги ограничува и контролира концентрациите на кредитни ризици, каде и да се забележани, особено кај поединечните клиенти и групи, како и кај индустриските и географските ризици.

Банката ги структуира нивоата на кредитен ризик кои таа ги презема со поставување на ограничувања на износот на прифатен ризик во однос на еден заемобарател, или група на заемобаратели и во однос на географска и индустриска сегментација. Таквите ризици се следат постојано и подлежат на ревизии на годишно или почесто ниво, кога тоа се смета за потребно. Нивоата на ограничувања на кредитен ризик по производ и индустриски сектор се одобруваат од страна на Надзорен Одбор.

Изложеноста на кредитниот ризик, исто така, се управува преку редовни анализи на способноста на заемобарателите и потенцијалните заемобаратели, да ги исполнат обврските за плаќање на камата и главница и со менување на овие лимити при одобрување на кредити каде тоа е соодветно.

Неколку други специфични мерки за контрола и ублажување се прикажани подолу.

2.1.2.1 Колатерал

Банката применува голем број на политики и искуства за намалување на кредитниот ризик. Највообичаениот начин е земање гаранција за одобрените средства, што е и често применувано. Банката имплементира насоки за прифатливоста на специфичните класи на колатерал или ограничување на кредитниот ризик.

Главни типови на колатерал за кредити и побарувања се:

- готовина, банкарска и првокласна корпоративна гаранција;
- хипотека на станбен имот;
- обезбедување на деловен имот како што се работни простории, инвентар и наплатливи сметки и
- обезбедување на финансиски инструменти како што се должнички и сопственички хартии од вредност.

Кредитите одобрени на претпријатија и население вообичаено се осигурани; пречекорувањата на сметки и кредитни картички издадени на население се обезбедени со меници во полн износ на главница, камата и други трошоци. Со цел да се минимизира загубата од кредити, Банката ќе побара дополнителен колатерал од клиентите веднаш штом ќе се забележат индикатори за загуби поради оштетување за релевантните поединечни кредити и побарувања.

Генерално, Банката не бара колатерал по основ на кредити и пласмани во банки.

Должничките хартии од вредност, благајничките записи и други записи обично не се осигурани.

2.1.2.2 Кредитни обврски

Примарната цел на овие инструменти е да осигураат дека средствата се расположливи по барање на клиентите. Гаранциите и акредитивите го имаат истиот кредитен ризик како кредитите и се осигурани со ист колатерал како кредитите.

2.1.3 Политики на оштетување и резерви

Интерните системи на рангирање кои се опишани во Белешка 2.1.1 се фокусираат на прикажување на квалитетот на кредитот од почетокот на активностите на одобрување на кредитите и вложувањата. Спротивно на тоа, резервациите за оштетување се

признаваат во финансиските извештаи само за загуби кои се појавиле во билансот на состојба врз основа на објективни докази на оштетување.

Интерните рангирања му помагаат на менаџментот да одреди дали објективните докази за оштетувања постојат, а кои се засновани на следните критериуми поставени од страна на Банката:

- неисполнување на договорно плаќање на главнина или камата;
- потешкотии во паричниот тек на заемопримачот (пр. коефициент на акционерски капитал, процент на нето приход од продажби);
- прекршување на договорот и условите на кредитот;
- започнување на постапка за стечај;
- намалување на конкурентната положба на заемопримачот и
- намалување на вредноста на колатералот.

Политиката на Банката бара разгледување на поединечните финансиски средства кои се над прагот на материјалност, најмалку еднаш годишно или почесто, кога тоа го бараат поединечните околности. Резервацијата за оштетување на поединечно проценетите средства се одредуваат со проценка на загубата која се појавува на датумот на билансот на состојба, за секој случај поединечно, и се применуваат на поединечно значајни сметки.

Проценката обично го вклучува примениот колатерал (вклучувајќи ја повторната потврда за нејзината способност да стапи на сила), и однапред примените средства за таа поединечна сметка.

Пресметката на општата резервација се однесува за:

- портфолија на хомогени средства кои поединечно се под прагот на материјалност и
- загуби кои настанале но се уште не се одредени, со користење на расположливите минати искуства, проценка врз основа на искуство и статистички техники.

2.1.4 Максимална изложеност на кредитен ризик

Максималната изложеност на кредитен ризик пред давање колатерал или други кредитни зголемувања (белешка 2.1) претставува сценарио за најлошиот можен случај за изложеност на кредитен ризик на Банката на 31 декември 2012 и 2011 година, без да се земе во предвид било кој примен колатерал или други кредитни зголемувања кои се додадени. За средствата во билансот на состојба, изложеноста се базира на нето сметководствена вредност како што е искажано во билансот на состојба.

2.1.5 Објективна вредност на средствата земени за заштита на кредитниот ризик

Објективна вредност на обезбедувањето која е прикажана во белешка 2.1б е утврдена од страна на локалните овластени проценители и претставува вредност која е реална за законските сопственици на средствата.

2.1.6 Должнички инструменти, благајнички записи и други записи

Анализа на должнички инструменти, благајнички записи и други записи според вид на вложување и вид на издавач е прикажано во белешка 23. Издавачи на хартиите од вредност се Република Македонија и Народна банка на Република Македонија. Според Standard & Poor's Ratings Services Република Македонија е рангирана со ББ за странски долг и ББ за Република Македонија. Според Fitch Rating Agency е рангирана во ББ+.

2.2 Ризик на ликвидност

Ризикот од ликвидност е ризикот кога Банката не е во можност да ги исполни своите обврски на плаќање соодветно кога тие ќе достасаат, и да ги замени средствата кога ќе бидат повлечени. Последица од ова може да биде неисполнување на обврската да се исплатат депонентите и да се исполнат обврските по основ на кредитите.

2.2.1 Рочност на финансиски средства и обврски

Белешката 2.2 ги претставува тековите на паричните приливи и одливи на финансиските средства и обврски на Банката според преостанатата договорна достасаност на датумот на билансот на состојба. Износите кои се прикажани во табелата се договорните недисконтирани парични текови.

Средствата со кои можат да се исполнат сите обврски се паричните средства, средствата во Централната банка, средствата обезбедени по пат на наплата, благајнички и други записи, средства обезбедени по пат на наплата на пласмани и кредити кон банки и кредити и побарувања кон комитенти.

Согласно законската регулатива и Политиката за управување со ликвидносен ризик, на месечна основа Банката пресметува структурни ликвидносни показатели (СЛ30 и СЛ180) и истите во текот на 2012 и 2011 година се во рамките на законски дефинираните лимити.
На полугодишна основа применува конзервативен стрес тест на ликвидносен ризик во повеќе нивоа на сценарија со основна претпоставка за одлив на повисок процент на депозитите на комитенти кај резидуалната и очекуваната рочна структура на средствата и обврските. Резултатите од спроведените стрес тест сценарија укажуваат на поседување на високоликвидна позиција на Банката и способност за регулирање на достасаните обврски во секој момент. Дополнително Банката поседува високо ниво на стабилност на депозитите на комитенти по видување (во Извештајот 2.2 прикажани во рочен блок до 1 месец).

Банката исто така, може да се справи со неочекуваните нето одливи на парични средства, со продавање на хартии од вредност и изнаоѓање на дополнителни финансиски извори.

2.3 Пазарен ризик

Пазарниот ризик претставува ризик од промена на пазарните цени, како што се промена на каматните стапки, цена на капиталот, промена на девизните курсеви и кредитното проширување (со исклучок на промените во односите помеѓу должникот и доверителот) кој ќе влијае врз приходите на Банката или врз вредноста на финансиските инструменти. Целта на управувањето со пазарниот ризик е да се контролира кредитната изложеност во прифатливи рамки, за оптимизирање на повратот од ризик.

2.3.1 Анализа на чувствителноста на промените на пазарниот ризик на средствата и обврските

Во тековното работење средствата и обврските на Банката се изложени на промена на вредноста како резултат на пазарните движења на следните ризични фактори: девизен курс, каматни стапки, цени на хартии од вредност, влошување на кредитното портфолио на Банката. Согласно историските и искуствените податоци, Банката подготвува екстремни стрес – тест сценарија кои укажуваат на ефектите од примена на истите врз адекватноста на капиталот, сопствените средства, средствата и

обврските и добивката/загубата на Банката. Претпоставките и резултатите од тековните ефекти од стрес – сценаријата се прикажани во белешка 2.3.1 А.

Согласно Одлуката за методологија за утврдување на адекватноста на капиталот, Банката го исполнува законски пропишаниот лимит за трговска книга, при што нема обврска за издвојување на капитал за управување со пазарен ризик и следствено не го пополнува извештајот 2.3.1 Б.

2.3.2 Каматен ризик

Банката е изложена на ризик од променливоста на каматните стапки како резултат на тоа што каматоносните средства (вклучувајќи ги и вложувањата) и каматоносните обврски достасуваат или нивната каматна стапка се менува во различен период или во различни износи. Во случај на средства и обврски со променливи каматни стапки, Банката е исто така изложена на основниот ризик кој произлегува од различниот начин на менување на променливите каматни стапки, како што се на пример каматната стапка на штедните влогови на населението со три или шест месечен ЛИБОР или ЕУРИБОР и различни видови на камати.

Активностите за управување со ризикот се наменети за оптимизирање на нето приходите од камати, со пазарни каматни стапки кои се конзистентни со деловните стратегии на Банката.

Активностите за управување со средствата и обврските се спроведуваат од аспект на реагирање на сензитивноста на Банката на промените на каматните стапки. Генерално, Банката е осетлива на промените во средствата бидејќи за најголемиот дел на каматоносните средства и обврски Банката го задржува правото за истовремено менување на каматните стапки, како во активата така и во пасивата. Во услови кога се намалуваат каматните стапки, ќе се намалат и каматните маргини како резултат на тоа што каматните стапки на обврските ќе се намалат со понизок процент во споредба со каматните стапки на средствата. И покрај тоа, Банката секогаш внимава да не се намали каматната маргина. Како и да е, крајниот ефект ќе зависи од различни фактори, вклучувајќи ја стабилноста на економијата, опкружувањето и стапката на инфлација.

Белешките 2.3.2А и 2.3.2Б ја прикажува изложеноста на Банката на ризици од каматни стапки категоризирани според договорни повторни оценувања на датумите на достасаност.

2.3.3 Валутен ризик

Банката е изложена на валутен ризик преку трансакциите во странска валута. Банката е убедена дека нето изложеноста се одржува на задоволително ниво преку купување и продажба на девизи заради надоместување на краткорочни отстапувања.

На полугодишна основа, Банката спроведува стрес тестирање на изложеноста на валутен ризик со примена на претпоставката за ефектот од депрецијација и апрецијација на девизниот курс за 15%. Резултатите од стрес-тестирањето на годишно ниво се прикажани во Табела 2.3.1 А и истите укажуваат дека и со примена на дадените препоставки стапката на адекватност на капиталот е над законски утврдениот лимит.

3. Управување со капиталот

Целите на Банката кога управува со капиталот, кој е поширок концепт од прикажаниот „акционерскиот капитал” во самиот биланс на состојба се:

- да се придржува до капиталните барања поставени од регулаторот;

- да се заштити способноста на Банката за одржување на континуитетот во работењето за да може да продолжи да дава поврат на акционерите и заинтересираните страни и
- да одржи силна капитална основа за да го поддржи развојот на својот бизнис.

Адекватноста на капиталот и сопствените средства се следат на месечна основа од менаџментот на Банката, применувајќи техники кои се базирани на насоките добиени од Народна банка на Република Македонија за целите на супервизија. Извештаите за адекватноста на капиталот се доставуваат до Народна банка на Република Македонија на квартална основа.

Народна банка на Република Македонија пропишува секоја банка или банкарска група да: (а) држи минимално ниво на пропишан капитал од ЕУР 5.000.000 и (б) показателот за вкупен пропишан капитал во однос на ризично пондерираната активa да е на или над нивото на усогласениот минимум од 8%.

Од 01.7.2012 година во примена е нова Одлука за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/2012), која претставува примена на начелата на Basel II во доменот на управување со кредитниот, валутниот, оперативниот и другите видови ризици. Извештајот за адекватноста на капиталот за годината завршена на 31 Декември 2012 е изработен согласно новата Одлука за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот.

Сопствените средства на Банката се состои од:

- Основен капитал: акционерски капитал (нетиран од било која книговодствена вредност на сопственички акции), задржана добивка, резерви создадени од задржаната добивка намалени за вложувањата во нематеријалните средства и нереализирани загуби кои потекнуваат од објективната вредност на сопственичките и должничките инструменти кои се класифицирани како расположливи за продажба, и
- Дополнителен капитал: капитал на квалификуван субординиран заем и нереализирани добивки кои потекнуваат од објективната вредност на сопственичките и должничките инструменти кои се класифицирани како расположливи за продажба
- Одбитни ставки од основниот капитал и дополнителниот капитал: вложувања во капиталот на други банки или други финансиски институции, коишто претставуваат над 10% од капиталот на тие институции.

Активата пондерирана според кредитен ризик претставува збир на пондерираната вредност на сите билансни и вонбилансни побарувања. Билансните и вонбилансните побарувања се распоредени во соодветни катергории на изложеност и на истите им се доделува соодветен пондер на ризичност во зависност од степенот на кредитен квалитет на должникот или побарувањето, а притоа земајќи го предвид влијанието на инструментите за кредитна заштита.

Во 2012 година Банката започна да издвојува капитал за покривање на оперативниот ризик. За утврдување на капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик, Банката го користи стандардизираниот пристап кој подразбира распоредување на резултатите од остварените финансиски активности според утврдени принципи во осум деловни линии.

За двете презентирани години, Банката се придржува до сите пропишани капитални барања, согласно важечката законска регулатива.

4. Известување според сегменти

За цели на известување за период 31.12.2012 година Банката ги обелоденува податоците според оперативни сегменти еднакви на деловните линии кои се утврдени со "Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот" и примената на стандардизираниот пристап.

4.1 Оперативните сегменти според кои Банката известува за 2012 година се:

- услуги поврзани со финансирање трговци коишто согласно Законот за трговски друштва се сметаат за средни и големи трговци;
- тргување и продажба;
- банкарство на мало (физички лица и мали друштва);
- комерцијално банкарство (средни и големи трговци согласно Законот за трговски друштва);
- платен промет и порамнување;
- услуги како агент;
- управување со средства;
- брокерски услуги на мало (физички лица и мали друштва);
- нераспоредени финансиски активности.

За целите на известувањето според сегменти, Банката:

- ги дели ставките од билансот на успех по одделни оперативни сегменти и ги идентификува приходите/расходите по одделни оперативни сегменти;
- ги идентификува средствата и обврските по одделни оперативни сегменти.

Известувањето според сегменти заклучно со 31.12.2011 останува непроменето и тоа според следните примарни деловни сегменти:

- работа со население;
- корпоративно банкарство;
- инвестициско банкарство;
- treasury;
- вложување во сопственички хартии од вредност и
- друго, што не е вклучено погоре.

Квантитативните информации за известување по оперативни сегменти се прикажани во белешка 4А.

4.2 Концентрација на вкупни приходи и расходи по значајни коминтенти

Банката ги прикажува значајните клиенти и лицата поврзани со нив според сегментите и тоа вкупниот износ на приход и расход за периодот по било која основа.

4.3 Географски подрачја според кои Банката известува се:

- Република Македонија;
- земји-членки на Европската унија;
- други европски земји, надвор од Европската унија;
- земји надвор од Европа, членки на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД);
- други земји кои Банката ги идентификува како поединечно значајни географски сегменти;
- сите останати незначајни географски сегменти
- неалоцирано.

5. Објективна вредност на финансиските средства и обврски

А. Објективна вредност на финансиски средства и обврски кои не се мерат според објективна вредност

5.1 Пласмани и дадени кредити на други банки и вложувања во хартии од вредност

Пласманите во и кредити на други банки ги вклучуваат меѓубанкарските пласмани. Објективната вредност на пласманите и депозитите орочени преку ноќ е иста со нивната сметководствена вредност.

Проценетата објективна вредност на депозитите и вложувањата во хартии од вредност со фиксна камата е базирана на дисконтираниот паричен тек, користејќи ја преовладувачката каматна стапка на пазарот на пари за долгови со сличен кредитен ризик и преостаната достасаност.

5.2 Кредити и побарувања на комитенти

Кредитите и побарувањата на комитентите се прикажани по амортизирана вредност намалени за резервации за оштетување. Проценетата објективна вредност на кредитите и побарувањата претставува дисконтирана сума на идните приливи на парични средства кои се очекуваат да бидат примени. Со цел да се утврди објективната вредност, очекуваните приливи се дисконтираат користејќи ги каматните стапки кои преовладуваат на пазарот на датумот на изготвување на билансот на состојба.

5.3 Депозити на останати банки и комитенти, други депозити, други позајмици и субординирани обврски

Проценетата објективна вредност на депозити по видување, вклучувајќи ги и некаматоносните депозити претставува износ кој треба да се исплати по видување.

Проценетата објективна вредност на депозити кои носат фиксна камата и други позајмици и субординирани обврски кои не котираат на активен пазар се утврдува врз основа на дисконтираните текови на парични средства, користејќи пазарни каматни стапки за новите долгови со слична преостаната достасаност.
Белешката 5 А ги прикажува сумарно сметководствената и објективната вредност на финансиските средствата и обврските која не е прикажана во Билансот на состојба по објективна вредност.

Б. Нивоа на објективна вредност на финансиските средства и обврски, мерени по објективна вредност

Банката ги класикифува финансиските средства и обврски согласно хиерархијата за техники на вреднување и информациите дали потребните импути за вреднување се јавно достапни или не, согласно која постојат три нивоа на хиерархија на објективна вредност и тоа:

- Ниво 1 - објективната вредност е утврдена со директна примена/повикување на котирана пазарна цена на финансиските инструменти на активен пазар. Во Ниво 1 влегуваат структурни државни обврзници (обврзници за денационализација издадени од Република Македонија – Министерство за финансии) и сопственички хартии од вредност кои се на официјален пазар на Македонска берза на хартии од вредност за кои има секојдневни податоци за котирана куповна цена;

- Ниво 2 - објективната вредност е утврдена со примена на техники за вреднување коишто содржат влезни информации (инпути) од активни пазари (влезните информации може директно или индиректно да се потврдат и да се следат на активните пазари, како на пр.: котирани цени на активен пазар за слични финансиски инструменти, или сите значајни влезни информации во моделот за одредување на објективната вредност може да се потврдат и да се следат на активниот пазар). Во Ниво 2 влегуваат сопственички хартии од вредност кои се на Редовен пазар на Македонска берза на хартии од вредност за кои нема секојдневни податоци за котирана куповна цена со исклучок на сопственички хартии од вредност кои се котирани на редовен пазар на Македонска берза на хартии од вредност и се мерат по нивна набавна вредност;

- Ниво 3 - објективната вредност е утврдена со примена на техники за вреднување коишто содржат влезни информации (инпути) коишто не можат директно или индиректно да се потврдат и да се следат на активни пазари, односно врз основа на техники за вреднување во кои најголемо учество имаат информациите за ризиците на финансиските инструменти коишто не можат да се следат и да се потврдат на активни пазари.Во ниво 3 влегуваат сопственички хартии од вредност кои се котирани на редовен пазар на Македонска берза на хартии од вредност и се мерат по нивна набавна вредност.

Во белешката 5 Б.1 се прикажани квантитативните информации за класификација на финансиските средства и обврски според нивото на хиерархија.

ж) Настани по датумот на билансот на состојба

Почнувајќи од 1 јануари 2013 година согласно измените во Законот за Трговки друштва, Банката треба да издвојува 5% од нето добивката за годината како законска резерва, се додека резервата на Банката не достигне износ кој е еднаков на една десетина од основната главнина.

По денот на составување на билансот на состојба, не се настанати други материјални настани за кои е потребно дополнително обелоденување во финансиските извештаи.

з) Белешки кон финансиските извештаи

(i) Дополнителни обелоденувања поврзани со белешките кон финансиските извештаи

18. Парични средства и парични еквиваленти

Благајничките записи и државните записи до 90 дена се хартии од вредност кои согласно Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи се вклучени во белешката за Парични средства и парични еквиваленти.
Благајничките записи се должнички хартии од вредност издадени од Народна банка на Република Македонија со рок на достасување од 28 до 35 дена и фиксна каматна стапка. Номинирани се во денари. Примарен пазар за благајничките записи се аукциите на благајнички записи кои ги организира Народна банка на Република Македонија. На секундарен пазар, истите може да се тргуваат на пазар преку шалтер. На аукциите за благајничи записи може да учествуват само банки и истите тргуваат со нив на пазарот преку шалтер.

Ефективната каматна стапка се движи помеѓу 3,75%-4% (2011: 4%) на годишно ниво.

Државните записи кои се вклучени во белешката 18 се со рок на достасување до 90 дена и се номинирани во денари и денари со девизна клаузула во евра. Примарен пазар за државните записи се аукциите на државни записи кои ги организира Народна банка на Република Македонија како агент на Министерството за финансии како нивен издавач. На секундарен пазар, истите може да се тргуваат на пазар преку шалтер. На аукциите за државни записи може да учествуваат само правни и физички лица и истите тргуваат со нив на пазарот преку шалтер.

Во текот на 2012 ефективната каматна стапка на државните записи се движи помеѓу 4% и 4,20% (2011: 4,20% - 4,30%).

22.2 Кредити на и побарувања од други коминтенти

Во текот на 2012 година НЛБ Тутунска банка изврши продажба на вкупно побарување по кредит и камата во износ од МКД 612.349.000 од СВЕДМИЛК Скопје.
Финансискиот ефект од продажбата изнесува МКД 271.098.000 и се прикажува како:

- исправката на вредноста на побарувањето по главница во износ од МКД 575.816.000 се прикажани како ослободени исправки за финансиски средства во позицијата "Исправки на вредноста на финансиските средства" и има влијание на намалување на вкупниот расход за резервации;
- дисконтот од продажбата во износ од МКД 341.251.000 има влијание врз зголемување на расходите на позицијата "Останати расходи од дејноста" (Оперативни трошоци) како загуба од продажба на побарување со дисконт и
- износот од наплатата кој се однесува на побарувањето по камата (МКД 36.533.000) ја зголемува позицијата приходи од камата како наплатени претходно отпишани камати, и позитивно влијае на каматниот приход.

23. Вложувања во хартии од вредност

Белешката вложувања во хартии од вредност се состои од: вложувања во финансиски средства расположливи за продажба и вложувања во финансиски средства кои се чуваат до достасување и истите се состојат од обврзници издадени од државата и сопственички инструменти.

Условите за обврзниците се следните:

- Обврзниците за денационализација се структурни обврзници издадени од Министерство за финансии на Република Македонија. Имаат фиксна купонска каматна стапка од 2% годишно. Главнината се исплаќа на 10 еднакви годишни рати, на 1 јуни секоја година, кога се исплаќа и камата. Досега се издадени 11 емисии на обврзниците за денационализација. Овие обврзници се тргуваат на секундарен пазар на Македонската берза за хартии од вредност. Од нив обврзници расположливи за продажба се МКД 85.000 (2011: МКД 33.916.000), а обврзници кои се чуваат до достасување се МКД 88.217.000 (2011: МКД 132.608.000).
- Обврзници за денационализација (01) во износ од МКД 0 (2011: МКД 1.502.000), со каматна стапка од 2% годишно. Главнината се исплаќа во 10 еднакви годишни рати на 1 јуни, почнувајќи од 1 јуни 2003 година сè до 1 јуни 2012 година.
- Обврзници за денационализација (02) во износ од МКД 17.548.000 (2011: МКД 45.879.000), со каматна стапка од 2% годишно. Главнината се исплаќа во 10 еднакви годишни рати на 1 јуни, почнувајќи од 1 јуни 2004 година до 1 јуни 2013 година.
- Обврзници за денационализација (03) во износ од МКД 35.209.000 (2011: МКД 56.604.000), со каматна стапка од 2% годишно. Главнината се исплаќа во 10 еднакви годишни рати на 1 јуни, почнувајќи од 1 јуни 2005 година до 1 јуни 2014 година.

- Обврзници за денационализација (04) во износ од МКД 32.574.000 (2011: МКД 53.322.000), со каматна стапка од 2% годишно. Главнината се исплаќа во 10 еднакви годишни рати на 1 јуни, почнувајќи од 1 јуни 2006 година до 1 јуни 2015 година.
- Обврзници за денационализација (05) во износ од МКД 2.886.000 (2011: МКД 9.113.000), со каматна стапка од 2% годишно. Главнината се исплаќа во 10 еднакви годишни рати на 1 јуни, почнувајќи од 1 јуни 2007 година до 1 јуни 2016 година.
- Обврзници за денационализација (06) во износ од МКД 85.000 (2011: МКД 104.000), со каматна стапка од 2% годишно. Главнината се исплаќа во 10 еднакви годишни рати на 1 јуни, почнувајќи од 1 јуни 2009 година до 1 јуни 2017 година.

Вкупниот износ на обврзници вклучува камата од МКД 1.072.000 (2011: МКД 2.057.000).

Должничките хартии од вредност расположиви за продажба, Банката има намера да ги продава во случај на потреба на обезбедување примарна ликвидност на Банката и исполнување на задолжителната резерва согласно регулативата на Народна банка на Република Македонија.

Сопственичките инструменти се групирани на:

- Сопственички инструменти издадени од банки во износ од МКД 0 (2011: МКД 13.684.000),
- Останати сопственички инструменти и тоа:
  - Приватни нефинансиски друштва во износ од МКД 6.240.000 (2011: МКД 18.646.000) и
  - Финансиски друштва во износ од МКД 27.297.000 (2011: МКД 31.584.000).

Котираните хартии од вредност се вреднуваат по последна куповна цена на секој трговски ден на Македонска берза.

Објективната вредност за оние сопственички инструменти, за кои не може да се измери реално, бидејќи истите немаат тргувана цена на активен пазар и дериватите што се поврзани со нив и коишто мора да се подмират со испорака на вакви некотирани сопственички инструменти се мерат по нивната набавна вредност.

27. Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања

Банката преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања ги води по објективна вредност односно по пониската вредност од набавната вредност и проценетата вредност намалена за очекуваните трошоци за продажба. Проценетата вредност на преземените средства се определува од страна на овластен проценител при што проценувањето се врши еднаш годишно, во согласност со Одлуката за сметководствен и регулаторен третман на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања, поради промени на условите на пазарот односно понудата и побарувачката. Сметководствената вредност на 31.12.2012 година изнесува МКД 857.712.000 (2011: МКД 354.145.000) а објективната вредност на 31.12.2012 година изнесува МКД 859.661.000 (2011: МКД 362.638.000).

Генерално, при стекнувањето на преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања, сметководствена вредност е приближна на проценетата (објективна) вредност.

Банката нема пречки и ограничувања при продажба на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања.

36. Оверски по кредити

- Во текот на 2012 година беа повлечени следните износи од кредитната линија аранжирана преку МБПР со средства од ЕИБ:

Upravniot odbor se grižeše za tekovnoto rabotenje na Bankata i gi vršeše slednite aktivnosti: upravuvanje i zastapuvanje na Bankata, izvršuvanje na odlukite na Sobranieto i na Nadzorniot odbor, imenuvanje na licata so posebni prava i odgovornosti, izgotvuvanje delovna politika i razvoen plan na Bankata, izgotvuvanje lista na neto dolžnici, izgotvuvanje politika za sigurnost na informativniot sistem, izgotvuvanje godišen izveštaj za rabotenjeto na Bankata, izgotvuvanje etički kodeks na Bankata. Upravniot odbor gi izvršuvaše i nadležnostite predvideni so Statutot – odobruvanje na izloženost sprema poedinečno lice do 10% od sopstvenite sredstva na Bankata, odobruvanje transakcii so povrzani lica so Bankata vo iznos do 1.000.000 MKD, odlučuvanje za zasnovanje raboten odnos, za rasporeduvanje i nagraduvanje na vrabotenite soglasno zakonskite propisi i opštite akti na Bankata, odlučuvanje za davanje i zemanje krediti za likvidnost, garancii, avali i akreditivi vo ramkite na limitite utvrdeni so zakonot, delovnata politika na Bankata i odlukata za kreditna politika donesena od Nadzorniot odbor, griža za informiranjeto na akcionerite na Bankata, donesuvanje poedinečni akti na Bankata, formiranje komisii i rabotni tela i imenuvanje nivni členovi.
Pokraj ova, Upravniot odbor se griži za obezbeduvanje na uslovi za rabotenjeto na Bankata vo soglasnost so propisite, upravuvanje i sledenje na rizicite na koi e izložena Bankata vo rabotenjeto, za postignuvanje i održuvanje na adekvatno nivo na sopstveni sredstva, za funkcioniranje na sistemot na vnatrešna kontrola vo site oblasti na rabotenje na Bankata, za neprečeno rabotenje na Sektorot za vnatrešna revizija na Bankata, za neprečeno rabotenje na Službata za kontrola na usoglasenosta na rabotenjeto na Bankata so propisite, vodenjeto na trgovskite i drugi knigi i delovnata dokumentacija na Bankata, za izrabotkata na finansiskite i drugi izveštai vo soglasnost so propisite za smetkovodstvo i smetkovodstveni standardi.
Upravniot odbor najmalku ednaš mesečno go izvestuva Nadzorniot odbor za svoeto rabotenje preku Informacijata za tekovnite aktivnosti na Bankata.

- **Odbor za revizija.** Soglasno Zakonot za banki, Sobranieto na akcioneri go izbira sostavot na Odborot za revizija, vo koj mnozinstvoto členovi se od redot na Nadzorniot odbor, a ostanatite dvajca se nezavisni členovi od koj edniot e ovlasten revizor. Vo tekot na 2012 godina, Odborot za revizija održa sedum sednici, koi se održaa vo delovnite prostorii na Bankata, odnosno vo prostoriite na NLB d.d. Ljubljana, ili bea videokonferenciski sednici.

Odborot za revizija go sočinuvaa pet členovi i toa:

1. Jure Peljhan – Pretsedatel na Odborot za revizija, Direktor na Direkcija za korporativno i delovno upravuvanje na NLB Grupacijata, magister na nauki – ekonomski fakultet;
2. Marjeta Zver Cankar - Člen na Odborot za revizija, Direktor na Sektor za delovno upravuvanje vo Nova Ljubljanska banka d.d. Ljubljana, magister po svetsko stopanstvo i međunarodni ekonomski odnosi;

3. Marjana Usenik – Člen na Nadzorniot odbor, Direktor na Sektor za koordinacija i razvoj vo Nova Ljubljanska banka d.d. Ljubljana, diplomiran ekonomist;
4. Abdulmenaf Bedžeti - Člen na Odborot za revizija i Pro-rektor na Univerzitet Jugoistočna Evropa vo Tetovo (člen na Nadzorniot odbor) i
5. Stojan Jordanov - člen na Odborot za revizija i Upravitel na Društvo za revizija Censum DOOEL Skopje, diplomiran ekonomist i ovlasten revizor.

Odborot za revizija gi vršeše slednive aktivnosti:

- gi razgleduvaše finansiskite izveštai na Bankata i se grižeše za točnosta i transparentnosta na objavenite finansiski informacii za rabotenjeto na Bankata vo soglasnost so propisite za smetkovodstveni standardi;
- gi razgleduvaše i ocenuvaše sistemite za vnatrešna kontrola;
- ja sledeše rabotata i ja ocenuvaše efikasnosta na Sektorot za vnatrešna revizija;
- go sledeše procesot na revizija na Bankata i ja ocenuvaše rabotata na društvoto za revizija;
- gi donese smetkovodstvenite politiki na Bankata;
- ja sledeše usoglasenosta na rabotenjeto na Bankata so propisite što se odnesuvaat na smetkovodstvenite standardi i finansiski izveštai;
- gi razgleduvaše izveštaite na Odborot za upravuvanje so rizici.

- **Odbor za nagraduvanje.** Odborot se sostanuva ednaš godišno. Go sočinuvaat četiri členovi od redot na členovite na Nadzorniot odbor i toa:

1. Marko Jazbec – Pretsedatel na Nadzorniot odbor i Člen na Upravata na Nova Ljubljanska banka d.d. Ljubljana, diplomiran ekonomist;
2. Jure Peljhan – Zamenik pretsedatel na Nadzorniot odbor i Direktor na Direkcija za korporativno i delovno upravuvanje na NLB Grupacijata, magister na nauki – ekonomski fakultet;
3. Abdulmenaf Bedžeti – Nezavisen člen na Nadzorniot odbor i Pro-rektor na Univerzitet Jugoistočna Evropa vo Tetovo, doktor po ekonomski nauki;
4. Borislav Atanasovski – Nezavisen člen na Nadzorniot odbor i Upravitel na Revizija, procenka i finansiski konsalting - B i LJ BORO I LJUPČO DOO Skopje, diplomiran ekonomist.

- **Odbor za upravuvanje so rizici.** Členovite na Odborot za upravuvanje so rizici se izbiraat od redot na licata so posebni prava i odgovornosti koi se vraboteni vo Bankata. Eden od členovite na Upravniot odbor na Bankata zadolžitelno e i člen na Odborot za upravuvanje so rizici. Vo izveštajniot period, Odborot za upravuvanje so rizici održa 52 sednici. Se sostoi od pet člena i toa:

1. Gjorgji Jančevski - Pretsedatel na Odborot za upravuvanje so rizici i Pretsedatel na Upravniot odbor, diplomiran ekonomist;
2. Strašo Pupulkovski - Člen na Odborot za upravuvanje so rizici i Direktor na Deloven sektor za korporativno bankarstvo, diplomiran ekonomist;
3. Antonio Argir - Člen na Odborot za upravuvanje so rizici i Direktor na Deloven sektor - Delovna mreža, diplomiran ekonomist;
4. Damir Kuder - Člen na Odborot za upravuvanje so rizici i člen na Upravniot odbor, magister po ekonomski nauki;
5. Violeta Janeva - Člen na odborot za upravuvanje so rizici i Direktor na Sektor za pravo, usoglasenost i problematični plasmani, diplomiran pravnik.

Do 29.11.2012 godina člen na Odborot za upravuvanje so rizicite beše i Nadica Ceneva, do togaš Direktor na Sektorot za pravo, usoglasenost i problematični plasmani. Na 01.11.2012 godina, na mestoto Direktor na Sektorot za pravo, usoglasenost i problematični plasmani beše imenuvana Violeta Janeva, a na 29.11.2012 godina Nadzorniot odbor usvoi i odluka so koja na mestoto na Nadica Ceneva, kako člen na Odborot za upravuvanje so rizici, se imenuva Violeta Janeva.

Odborot za upravuvanje so rizici se sostanuvaše redovno ednaš sedmično i gi vrseše slednite nadležnosti:

- permanentno go sledeše i ocenuvaše stepenot na rizičnost na Bankata i go utvrduvaše prifatlivoto nivo na izloženost na rizici so cel minimiziranje na zagubite od izloženost na Bankata na rizik;
- vospostavuvaše politiki za upravuvanje so rizici i ja sledeše nivnata primena;
- gi sledeše propisite na Narodna Banka na Republika Makedonija koi se odnesuvaat na upravuvanje so rizici i usoglasenosta na Bankata so ovie propisi;
- vršeše ocena na sistemite na upravuvanje so rizicite vo Bankata;
- utvrduvaše kratkoročni i dolgoročni strategii za upravuvanje so oddelnite vidovi rizici na koi e izložena Bankata;
- gi analiziraše izveštaite za izloženosta na Bankata na rizik izraboteni od službite vo Bankata koi vršat ocena na rizicite i predlaga strategii, merki i instrumenti za zaštita od rizici;
- gi analiziraše efektite od upravuvanjeto so rizicite vrz performansite na Bankata;
- gi analiziraše efektite od predloženite strategii za upravuvanje so rizici, kako i predloženite strategii, merki i instrumenti za zaštita od rizici;
- noseše odluki za restruktuiranje na pobaruvanja;
- verifikuvaše odluki za prolongacija na rok na kreditni izloženosti.

Odborot za upravuvanje so rizici najmalku ednaš mesečno go izvestuvaše Nadzorniot odbor, a najmalku ednaš kvartalno Odborot za revizija za promenite vo rizičnite pozicii na Bankata, promenite vo strategijata za upravuvanje so rizici, efektite od upravuvanjeto so rizicite vrz performansite na Bankata, kako i prezemenite merki i instrumenti za zaštita od rizicite i efektite od istite.

Odborot za upravuvanje so rizici najmalku ednaš kvartalno gi razgleduvaše transakciite so povrzani lica so Bankata za što dostavuvaše izveštaj do Nadzorniot odbor.

- **Odbor za razvoj.** Vo 2012 godina, Odborot za razvoj održa edna sednica. Odborot za razvoj, vo ramki na godišniot proces na donesuvanje deloven i finansiski plan na Bankata, poblisku gi razgleduva Nasokite za planiranje za členkite na NLB Grupacijata za soodvetniot period na planiranje, predlog - strateškite nasoki za razvojot i rabotenjeto na Bankata (Strategijata) i nejzinite sostavni delovi, predlog - delovniot plan na Bankata (Delovnata politika) i nejzinite sostavni delovi i predlog - finansiskiot plan na Bankata, nivnata prilagodenost so očekuvanite ekonomski uslovi i nivnata usoglasenost so dolgoročnata vizija i misija na Bankata. Členovi na Odborot za razvoj se členovite na Upravniot odbor i Direktorot na Sektor za logistika na Bankata. Odborot za razvoj raboteše vo sledniot sostav:

1. Gjorgji Jančevski - Pretsedatel na Odborot za razvoj i Pretsedatel na Upravniot odbor, diplomiran ekonomist;
2. Ljube Rajevski - Člen na Odborot za razvoj i člen na Upravniot odbor, diplomiran ekonomist;
3. Damir Kuder - Člen na Odborot za razvoj i člen na Upravniot odbor, magister po ekonomski nauki;
4. Jordanka Grujoska - Člen na Odborot za razvoj i Direktor na Sektor za logistika na Bankata, diplomiran ekonomist.

- **Odbor za upravuvanje so sredstva i obvrski.** Odborot se sostanuva ednaš mesečno i gi razgleduva ostvarenite rezultati na Bankata vo pogled na strukturnata i operativnata likvidnost, mesečnite sostojbi na izloženosta na Bankata sprema oddelni delovni rizici, predlaga merki za upravuvanjeto so bilansite na Bankata, gi utvrduva i na Nadzorniot odbor mu predlaga politiki za upravuvanje so operativnata i strukturnata likvidnost, so drugite delovni rizici, kako i politikata na ceni. Go sočinuvaat osum členovi i toa:

1. Gjorgji Jančevski - Pretsedatel na Odborot za upravuvanje so sredstva i obvrski i Pretsedatel na Upravniot odbor, diplomiran ekonomist;

2. Ljube Rajevski - Člen na Odborot za upravuvanje so sredstva i obvrski i člen na Upravniot odbor, diplomiran ekonomist;
3. Damir Kuder - Člen na Odborot za upravuvanje so sredstva i obvrski i člen na Upravniot odbor, magister po ekonomski nauki;
4. Marko Jernejčič - Člen na Odborot za upravuvanje so sredstva i obvrski i Direktor na Sektor za upravuvanje so bilansi na Nova Ljubljanska banka d.d. Ljubljana, diplomiran ekonomist;
5. Stojna Stojkoska - Člen na Odborot za upravuvanje so sredstva i obvrski i Direktor na Deloven sektor za upravuvanje so finansiski pazari i sredstva, diplomiran ekonomist;
6. Jordanka Grujoska - Člen na Odborot za upravuvanje so sredstva i obvrski i Direktor na Sektor za logistika na Bankata, diplomiran ekonomist;
7. Antonio Argir - Člen na Odborot za upravuvanje so sredstva i obvrski i Direktor na Deloven sektor - Delovna mreža, diplomiran ekonomist;
8. Strašo Pupulkovski - Člen na Odborot za upravuvanje so sredstva i obvrski i Direktor na Deloven sektor za korporativno bankarstvo, diplomiran ekonomist.

- **Nadzoren odbor vrz informativniot sistem.** Formiran e vrz osnova na regulativata na NBRM, Bazelskite principi i međunarodnite standardi za sigurnost na informativniot sistem. Nadležnostite i odgovornostite na Odborot se delegirani od strana na Nadzorniot odbor na Bankata. Odborot go sočinuvaat dvanaeset členovi i toa:

1. Gjorgji Jančevski - Pretsedatel na Nadzorniot odbor vrz informativniot sistem i Pretsedatel na Upravniot odbor, diplomiran ekonomist;
2. Jordanka Grujoska - Člen na Nadzorniot odbor vrz informativniot sistem i Direktor na Sektor za logistika na Bankata, diplomiran ekonomist;
3. Stojna Stojkoska - Člen na Nadzorniot odbor vrz informativniot sistem i Direktor na Deloven sektor za upravuvanje so finansiski pazari i sredstva, diplomiran ekonomist;
4. Strašo Pupulkovski - Člen na Nadzorniot odbor vrz informativniot sistem i Direktor na Deloven sektor za korporativno bankarstvo, diplomiran ekonomist;
5. Antonio Argir - Člen na Nadzorniot odbor vrz informativniot sistem i Direktor na Deloven sektor - Delovna mreža, diplomiran ekonomist;
6. Dušan Spikovski - Člen na Nadzorniot odbor vrz informativniot sistem i Sovetnik na Upravniot odbor po oblast, diplomiran ekonomist;
7. Slagjana Beleva - Člen na Nadzorniot odbor vrz informativniot sistem i Direktor na Sektor za logistika na prodažbata, diplomiran ekonomist;
8. Aleksandar Misovski - Člen na Nadzorniot odbor vrz informativniot sistem i Direktor na Sektor za informatička tehnologija, diplomiran elektroinžener;
9. Igor Davčevski - Člen na Nadzorniot odbor vrz informativniot sistem i Direktor na Sektor za platni sistemi, diplomiran elektroinžener;
10. Bogoja Kitančev - Člen na Nadzorniot odbor vrz informativniot sistem i Direktor na Sektor za upravuvanje so rizici, diplomiran ekonomist;
11. Violeta Janeva - Člen na Nadzorniot odbor vrz informativniot sistem i Direktor na Sektor za pravo, usoglasenost i problematični plasmani, diplomiran pravnik;
12. Igor Mitrovski - Člen na Nadzorniot odbor vrz informativniot sistem i Rakovoditel na Služba za kontrola na usoglasenosta na rabotenjeto na Bankata so propisite, diplomiran elektroinžener.

Do 29.11.2012 godina člen na Nadzorniot odbor vrz informativniot sistem beše i Nadica Ceneva, do togaš Direktor na Sektorot za pravo, usoglasenost i problematični plasmani. Na 01.11.2012 godina, na mestoto Direktor na Sektorot za pravo, usoglasenost i problematični plasmani beše imenuvana Violeta Janeva, a na 29.11.2012 godina Nadzorniot odbor usvoi i odluka so koja na mestoto na Nadica Ceneva kako člen na Nadzorniot odbor vrz informativniot sistem se imenuva Violeta Janeva.

Politika za nagraduvanje na členovite na Upravniot odbor, na licata so posebni prava i odgovornosti koi izvršuvaat rakovodna funkcija i na vrabotenite vo NLB Tutunska banka AD Skopje

Vo 2012 godina e donesena nova Politika za nagraduvanje od strana na Nadzorniot odbor na Bankata koja podetalno gi opredeluva kriteriumite za nagraduvanje na členovite na Upravniot odbor, na licata so posebni prava i odgovornosti koi izvršuvaat rakovodna funkcija i na vrabotenite vo Bankata. Kriteriumite za nagraduvanje se kvantitativni i kvalitativni, i se razlikuvaat vo zavisnost od nivoto na upravuvanje. Pojdovna osnova za ocenuvanje pretstavuva delovnata politika i planovite za rabota na Bankata koišto se predmet na usvojuvanje od strana na akcionerite i go odrazuvaat dolgoročniot posakuvan pravec na razvoj na Bankata.
Vo tekot na 2012 godina, soglasno ovlastuvanjata, odgovornostite i angažiranosta za členovite na Nadzorniot odbor, Odborot za revizija, Upravniot odbor i za licata so posebni prava i odgovornosti bea isplateni plati, nadomestoci na plata, personalen danok od dohod, nadomest za učestvo na sednici, nagrada za uspešnost, nagrada za delovna uspešnost, jubilejni nagradi i drugi izdatoci vo bruto iznos od 117 mil. MKD.

Kodeks na korporativno upravuvanje

Kodeksot za korporativno upravuvanje vo NLB Tutunska banka AD Skopje koj e usvoen od Sobranieto na akcioneri na NLB Tutunska banka AD Skopje, održano na 30.3.2012 godina, podetalno gi opredeluva standardite na upravuvanje i rakovodenje na organite na NLB Tutunska banka AD Skopje. Vodejći se od istite, Bankata ima vospostaveno transparenten i razbirliv sistem na upravuvanje, koj go zgolemuva nivoto na doverba kako na domašnite, taka i na stranskite investitori, vrabotenite i poširokata javnost. Principite za dobro korporativno upravuvanje vo celost se inkorporirani vo Kodeksot za korporativno upravuvanje.
Soglasno Odlukata na NBRM za korporativno upravuvanje, Kodeksot za korporativno upravuvanje se revidira ednaš godišno i istoto će bide izvršeno na redovnoto godišno Sobranie na akcioneri vo 2013 godina.

Politika na upravuvanje so sudir na interesi

Politikata za upravuvanje so sudir na interesi vo Bankata ima za cel zaštita na interesite na Bankata od realiziranje transakcii so koišto može da se ostvari ličen interes na tovar na sevkupniot interes na Bankata. So Politikata se vospostavuva i održuva sistem na efikasno kontroliranje i upravuvanje so sudirite na interesi koišto može da nastanat pri izvršuvanje na opredeleni aktivnosti. Soglasno politikata i Zakonot za banki, Licata so posebni prava i odgovornosti redovno, na sekoi šest meseci do Nadzorniot odbor na Bankata, davaat pismena izjava za postoenje ili nepostoenje na sudir na nivniot ličen interes so interesot na Bankata.

Sprečuvanje perenje pari

Bankata ima usvoeno i dosledno primenuva Programa za sprečuvanje perenje pari i poveće interni akti koišto ja reguliraat ovaa oblast i sorabotuva so nadležnite institucii i korespondentskite banki. Bankata vo celost gi ima implementirano site instrumenti koi proizleguvaat od zakonskata regulativa što se odnesuva za efikasno otkrivanje i sprečuvanje perenje pari.

Sigurnost na informativniot sistem

Informativnata sigurnost na NLB Tutunska banka e sprovedena vo soglasnost so Cirkularot 9 na Narodna Banka na Republika Makedonija, Odlukata za sigurnost na informativniot sistem na banka i e vo soglasnost so međunarodnite standardi ISO 27001 i ISO 17799-2005 (ISO 27002). Soglasno ovie standardi, vo ramkite na Bankata e vospostaven sistem na informativna sigurnost, koj gi sodrži slednite celini:

- **Politika za sigurnost na informativnite sistemi;**
- **Procenka na rizikot** - Bankata ima vospostaveno kontinuiran proces na identifikacija na slabostite i zakanite kon svoite informativni sistemi;
- **Implementacija na sigurnosni kontroli** - Preku sledenje na incidentite i operativni kontroli Bankata vospostavuva administrativni, fizički i tehnički kontroli so koi se vrši zaštita na sigurnosta na informaciite i sistemite na poveće nivoa;
- **Nabljuduvanje i nadgradba** - Bankata ima vospostaveno proces na kontinuirano pribiranje i analiza na informacii od aspekt na pojava na novi zakani i slabosti na informativniot sistem.

Organizaciona struktura na Bankata

Vo tekot na 2012 godina nemaše promena vo organizacionata struktura na Bankata.

Korporativna opštestvena odgovornost

Grižata za opštoto dobro pretstavuva eden od najvisokite prioriteti vo sistemot na vrednosti na Bankata i e integralen del od strategijata, poradi što Bankata posebno vnimanie posvetuva na opštestvenata odgovornost i zaštitata na interesite na site zainteresirani strani. So poddrška na proekti od oblasta na kulturata, sportot, naukata, obrazovanieto i zaštitata na čovekovata okolina, decata i mladite, Bankata nastojuva da pridonese za unapreduvanje i podobruvanje na celokupniot kvalitet na životot na poedincite, semejstvata, instituciite i organizaciite vo poširokoto okružuvanje vo koe raboti.

Vo tekot na 2012 godina, Bankata vo svoite delovni prostorii organiziraše nekolku nastani od javen karakter:

- Organizacija i poddrška na manifestacijata Humanitarna prodažna izložba na umetnički dela na najpoznatite avtori od Republika Makedonija;
- Organizacija i poddrška na izložba na akademskiot slikar Miroslav Masin pod naslov „So prstot na čelo";
- Organizacija NLB den vo Bankata, so što beše označen početokot na mesecot na štedenje vo NLB Tutunska banka;
- Organizacija i poddrška na Golema izložba na detski crteži na tema „Štedenje vo NLB Tutunska banka";
- Organizacija i poddrška na Izložba na sliki od likovnata kolonija „Vevčanski viduvanja", inicirana od Fondacijata za strateški istražuvanja „Kiro Gligorov" i kompanijata „VIA" – Vevčani.

Vo 2012 godina, bea sponzorirani i dva proekti: „Aukcija na čokolado" i MZT Košarkarski klub - Skopje.

Bankata gi poddržuva organizaciite i inicijativite koi se zalagaat za počit i ednakov tretman, delovna etika i humanizam, so što kreira vrednost za opštestvoto i pridonesuva kon zajaknuvanje na opštestvenoto tkivo i socijalnata kohezija.
Bankata celosno ja prifaća i vo svoeto rabotenje se pridržuva kon međunarodnata deklaracija za čovekovi prava, ekološkata deklaracija i međunarodnite konvencii koi se odnesuvaat na socijalnata i zaštitata na životnata sredina.

Akcionerski kapital i sopstvenička struktura

Akcionerski kapital

Akcionerskiot kapital na Bankata na 31.12.2012 godina se sostoi od 854.061 obični akcii so nominalna vrednost od 1.000 MKD po akcija ili vkupno 854.061.000 MKD. Akciite se registrirani i se vodat kaj Centralniot depozitar na hartii od vrednost na RM.

Običnite akcii na sopstvenicite im davaat pravo na isplata na dividenda i pravo na glas na Sednica na Sobranieto na akcioneri. Eden glas vo Sobranieto na Bankata se dobiva za ekvivalent od edna obična akcija.
Vo tekot na 2012 godina Bankata nema izdadeno novi emisii na akcii, nitu ima izvršeno otkup na sopstveni akcii.

Broj na akcioneri i struktura

Zaklučno so 31.12.2012 godina, brojot na akcioneri vo Bankata iznesuva 824 (2011: 824). Od niv 694 se fizički lica (2011: 693) i 130 pravni lica (2011: 131).

Registar na akcionerski društva so posebni obvrski za izvestuvanje

Akciite na Bankata ne kotiraat na Makedonskata berza na hartii od vrednost. So akciite na Bankata se trguva na sekundarniot pazar na berzata preku ovlasteni brokerski kući.

Bankata se vodi vo Registarot na akcionerski društva so posebni obvrski za izvestuvanje, koj e vo nadležnost na Komisijata za hartii od vrednost na RM. Soglasno Zakonot za hartii od vrednost i podzakonskite akti, Bankata redovno ja izvestuva Komisijata za hartii od vrednost na RM za rabotenjeto, členovite na organite na upravuvanje, upravuvanjeto i pravnite odnosi so treti lica i za nastani i informacii koi se od značenje za rabotenjeto na Bankata.

Politika na dividenda

Vo 2012 godina, soglasno Odlukata za upotreba i rasporeduvanje na ostvarenata dobivka po godišna smetka na NLB Tutunska banka AD Skopje za 2011 godina, donesena na Godišnoto sobranie na akcioneri na Bankata, dobivkata vo iznos od 659,8 mil. MKD se prenese vo opšt rezerven fond, poradi što Bankata ne vršeše isplata na dividenda.

Akcioneri so najmalku 5% od akciite na Bankata

Edinstven akcioner so učestvo nad 5% vo vkupniot broj na izdadeni akcii od NLB Tutunska banka AD e Nova Ljubljanska Banka d.d. Ljubljana, so 86,97% učestvo vo kapitalot na Bankata.

V.2. Finansiski rezultati

Bilans na uspeh

Vo mil. MKD	2011 Realizacija	2012 Plan	2012 Realizacija	Vo odnos na Plan aps	Vo odnos na Plan %	Vo odnos na 2011 aps	Vo odnos na 2011 %
Prihodi od kamata	3,811.3	3,728.5	3,593.9	-134.6	-3.6%	-217.3	-5.7%
Rashodi po kamata	2,008.3	1,778.0	1,602.3	-175.7	-9.9%	-406.0	-20.2%
Neto prihodi od kamata	**1,802.9**	**1,950.5**	**1,991.6**	**41.1**	**2.1%**	**188.7**	**10.5%**
Neto nekamatni prihodi	1,253.6	957.2	1,095.4	138.2	14.4%	-158.2	-12.6%
Neto prihodi od rabotenje	**3,056.5**	**2,907.8**	**3,087.1**	**179.3**	**6.2%**	**30.5**	**1.0%**
Trošoci na rabotenje	1,730.5	1,569.2	1,968.7	399.5	25.5%	238.2	13.8%
Ispravka za potencijalni zagubi	656.0	771.4	587.4	-184.0	-23.9%	-68.6	-10.5%
Zaguba poradi oštetuvanje na nefinansiskite sredstva, na neto osnova	23.2	93.8	45.3	-48.5	-51.7%	22.1	95.6%
Udel vo dobivkata na pridruženi pretprijatija	14.3	0.0	18.2	18.2	/	3.9	27.2%
Dobivka pred odanočuvanje	**661.2**	**473.4**	**503.9**	**30.5**	**6.5%**	**-157.3**	**-23.8%**
Danok na dobivka	1.4	2.9	3.9	1.0	35.1%	2.5	177.0%
Dobivka po odanočuvanje	**659.8**	**470.5**	**500.0**	**29.5**	**6.3%**	**-159.8**	**-24.2%**

Dobivka

Bankata vo 2012 godina ostvari **dobivka pred odanočuvanje** vo iznos od 503,9 mil. MKD što e za 6,3% nad planiranata za 2012 godina. Rezultatot se dolži na povisokite neto kamatni prihodi, povisokite neto nekamatni prihodi (neto prihodi od provizii, kursni razliki i ostanati prihodi od dejnosta) i poniskite izdvoeni ispravki za potencijalni zagubi. **Neto dobivkata** za 2012 godina iznesuva 500,0 mil. MKD i e povisoka od planot za 6,3%. Vo odnos na minatata godina dobivkata e poniska za 24,2% poradi povisokata sporedbena osnova od 2011 godina koga beše proknižena kapitalnata dobivka od završuvanjeto na postapkata za likvidacija na NLB Tutunska broker.

Bruto dobivka

503,9 mil. MKD

12/11
↓ 24%

Dobivkata pred rezervacii iznesuva 1.091,3 mil. MKD ili 12,3% pod planiranata za 2012 godina i 17,2% pod minatogodišnata.

Prihodi od rabotenje

3.087,1 mil. MKD

Vo tekot na godinata bea izdvoeni 587,4 mil. MKD **rezervacii za finansiski i nefinansiski plasmani** što e za 23,9% pomalku vo odnos na planot i za 10,5% pomalku vo odnos na 2011 godina, kako rezultat na oslobodeni rezervacii poradi zatvoranjeto na kreditnata izloženost kon dva korporativni klienti.

12/11
↑ 1%

Vo mil. MKD	2011 Realizacija	2012 Plan	2012 Realizacija	Vo odnos na Plan apsolutno	Vo odnos na Plan %	Vo odnos na 2011 apsolutno	Vo odnos na 2011 %
Ispravka za bilansni plasmani	585.2	709.9	619.3	90.6	12.8%	34.1	5.8%
Rezerviranja za vonbilansni plasmani	70.8	61.5	-31.9	93.4	151.9%	-102.7	-145.1%
Vkupno	656.0	771.4	587.4	-184.0	-23.9%	-68.6	-10.5%

Vkupnite prihodi od rabotenje iznesuvaat 3.087,1 mil. MKD, što e za 6,2% poveće vo odnos na planot. Vo odnos na prethodna godina, vkupnite prihodi od rabotenje se povisoki za 1,0%.

Neto prihodi od kamata

Neto prihodite od kamati se povisoki od planiranite za 2,1%. Prihodite od kamati vo odnos na planot se poniski za 3,6%, kako rezultat na poniskite kamatni prihodi od vložuvanja vo kratkoročni hartii od vrednost što se dolži na namalenite kamatni stapki i promenata vo strukturata na vložuvanjata vo odnos na planiranata. Poniskite prihodi kaj pretprijatija se dolžat na namaluvanje na saldoto na krediti, a soglasno nasokite od NLB d.d. za namaluvanje na RPA do 31.12.2012, kako i poradi porastot na nefunkcionalnite plasmani kaj ovoj sektor. Povisoki prihodi vo odnos na planiranite se ostvareni kaj sektorot naselenie i država. Rashodite po kamata vo odnos na planot se poniski za 9,9%, poradi poniskite rashodi kaj depozitite od pretprijatija - poniski salda na depoziti od planiranite, kaj naselenie - promena vo strukturata na istite (dospevanje na Super depozitite) i kaj bankite - poniski salda na koristeni depoziti od NLB d.d. za likvidnost.

Neto kamatna margina

1) na prosečna kamatonosna aktiva

2012 = 3,5%
2011 = 3,0%

Vo odnos na 2011 godina, neto prihodite od kamati se povisoki za 10,5%, glavno kako rezultat na poniskite rashodi po kamati (20,2%).

2) na prosečna bruto aktiva

2012 = 3,1%
2011 = 2,7%

Neto kamatnata margina (presmetana na prosečna kamatonosna aktiva) vo 2012 godina se zgolemi na 3,5% (godišen porast od 0,5 p.p.). **Neto kamatnata margina** (presmetana na prosečna bruto aktiva) se zgolemi na 3,1% (godišen porast od 0,4 p.p.).

Neto nekamatni prihodi

Neto nekamatnite prihodi iznesuvaat 1.095,4 mil. MKD i vo odnos na planot se povisoki za 14,4%. Vo odnos na 2011 godina se poniski za 12,6%. Neto nekamatnite prihodi vo vkupnite prihodi učestvuvaat so 35,5% (2011: 41,0%). Zgolemuvanjeto na

nekamatnite prihodi vo 2012 godina vo odnos na planot se dolži na pozitivni kursni razliki na devizniot pazar, kako i povisoki ostanati prihodi od rabotenjeto.
Najgolemo učestvo vo neto nekamatnite prihodi imaat neto prihodite od provizii so 77,7% (2011: 65,2%).

Neto prihodi od provizii

Neto prihodite od provizii vo odnos na planot se povisoki za 4,8%, vo odnos na 2011 godina istite se povisoki za 4,1%.
Povisokite ostvaruvanja se rezultat na povisoki prihodi od provizii od domašen platen promet, pogolem broj izdadeni dokumenti po osnov na blokadi na smetkite na klientite, zgolemeno koristenje na e-bankarstvo, pogolem broj i vrednost na izdadeni garancii, povisok realiziran promet preku POS terminalite na Bankata i povisokite prihodi od poramnuvanje na transakciite so kartički, kako i povisokite prihodi od upravuvanje so transakciski smetki.
Rashodite po provizii se povisoki glavno poradi povisoki rashodi vo domenot na kartično rabotenje (ednokratni trošoci povrzani so migracijata kon noviot procesing centar Bankart, kako i poradi promena na tarifata na MasterCard – zgolemeni provizii), vo platniot promet so stranstvo, trošoci po osnov na garancii za depoziti, povisoki rashodi po provizii od platen promet vo zemjata, kako i vo delot na obvrskite po krediti, glavno poradi povisoki provizii po osnov na garanciite za kreditni linii.

Vo strukturata na prihodite od provizii najgolem del ili 64,3% se provizii ostvareni od nefinansiski pravni lica (od koi 28,5% vo domašniot platen promet, 21,6% vo platniot promet so stranstvo, 19,6% od dokumentarno-garancisko rabotenje i 18,3% od kartično rabotenje). Prihodite od provizii od segmentot naselenie učestvuvaat so 23,7%, od koi najgolem del 47,1% se provizii od kartički.
Vo strukturata na rashodite za provizii najgolem del (54,2%) se po osnov na rabotenjeto so kartički, dodeka 16,7% se po osnov na trošoci povrzani so platniot promet vo zemjata i 9,5% so platniot promet so stranstvo.

Trošoci

Vkupnite trošoci na rabotenje iznesuvaat 1.968,7 mil. MKD i se za 13,8% povisoki vo odnos na 2011 godina (vo odnos na planot trošocite se povisoki za 25,5%) glavno poradi efektot od prodažbata na nefunkcionalnoto pobaruvanje od eden korporativen klient vo iznos od 341,3 mil. MKD. Dokolku se isključi efektot od prodažbata na nefunkcionalnoto pobaruvanje, vkupnite trošoci od rabotenje se poniski vo odnos na 2011 godina za 6,0% ili za 103,0 mil. MKD, a se povisoki za 3,7% ili 58,3 mil. MKD vo odnos na planot poradi trošoci za naem na deloven prostor na Bankata, povisoki ceni na električna i toplinska energija i gorivo i povisoki trošoci za uslugi od treti lica.

Cost / Income Ratio

2012 = 63,8%
2011 = 56,6%

Vkupnite operativni trošoci vo odnos na vkupnite neto prihodi (Cost/Income Ratio) iznesuva 63,8% (2011: 56,6%). Vo odnos na planot pokazatelot e povisok za 9,8 p.p. poradi efektot od prodažbata na nefunkcionalnoto pobaruvanje od eden korporativen klient. Dokolku istoto se isključi, učestvoto na vkupnite operativni trošoci iznesuva 53,4% i e namaleno vo odnos na minatogodišnoto za 3,2 p.p.

Bilans na sostojba i vonbilansna evidencija

vo mil. MKD	31.12.2011 Realizacija	31.12.2012 Plan	31.12.2012 Realizacija	Vo odnos na Plan apsolutno	Vo odnos na Plan %	Vo odnos na 31.12.2011 apsolutno	Vo odnos na 31.12.2011 %
Bilansna suma	61,556.0	62,293.1	59,505.4	-2,787.7	-4%	-2,050.6	-3%
Krediti	36,104.7	39,653.7	34,390.5	-5,263.2	-13%	-1,714.2	-5%
na banki i štedilnici	851.5	443.3	172.6	-270.7	-61%	-678.9	-80%
na nebankarski sektor	35,253.2	39,210.3	34,217.8	-4,992.5	-13%	-1,035.4	-3%
Hartii od vrednost	11,788.2	10,031.1	10,052.2	21.0	0%	-1,736.0	-15%
Vložuvanja vo podružnici i pridruženi pretprijatija	96.9	96.9	115.1	18.2	19%	18.2	19%
Materijalni i nematerijalni vložuvanja	958.3	2,219.6	2,371.0	151.4	7%	1,412.7	147%
Depoziti	47,672.7	47,893.2	46,082.0	-1,811.2	-4%	-1,590.7	-3%
na banki i štedilnici	2,042.3	2,648.0	1,868.1	-779.9	-29%	-174.2	-9%
na nebankarski sektor	45,630.5	45,245.2	44,213.9	-1,031.3	-2%	-1,416.6	-3%
Obvrski po pozajmici	6,321.4	6,321.8	5,192.0	-1,129.8	-18%	-1,129.4	-18%
Dolžnički hartii od vrednost	0.0	0.0	0.0	0.0	/	0.0	/
Subordiniran zaem	1,828.5	1,828.5	1,833.3	4.8	0%	4.8	0%
Kapital i rezervi	4,364.4	5,022.7	5,023.1	0.4	0%	658.7	15%
Garancii i akreditivi	5,823.5	6,644.5	6,636.2	-8.3	0%	812.7	14%
Nekoristeni limiti i krediti	2,589.4	2,488.6	2,162.0	-326.6	-13%	-427.4	-17%
Vonbilansna aktiva	8,412.9	9,133.1	8,798.2	-334.9	-4%	385.3	5%

Bilansnata suma na Bankata vo 2012 godina iznesuva 59.505,4 mil. MKD. Vo odnos na planot e poniska za 2.787,7 mil. MKD ili 4,5% poradi namaluvanjeto na depozitite od nebankarski sektor (povlekuvanje na depozitite od eden korporativen klient za isplata na dividenda vo april, poniski slada kaj žiro smetkite na pravnite lica i poniski depoziti na naselenieto), poniski depoziti od banki i štedilnici (poniski salda na tekovni smetki na nekolku domašni banki i štedilnica) kako i pomal iznos na koristeni kreditni linii od planiranite poradi odložuvanje na vlečenja po kreditnite linii, a vo funkcija na prezemenite aktivnosti za namaluvanje na RPA za 5% do krajot na 31.12.2012 godina. Vo odnos na 2011 godina istata e poniska za 2.050,6 mil. MKD ili 3,3%.

Obvrskite po krediti vo odnos na planot, kako i vo odnos na 2011 godina se namalija za 17,9%, poradi odložuvanje na vlečenjata po kreditnite linii od MBPR EIB i EBRD.

Vo aktivata, kreditnoto portfolio na nebankarskiot sektor e namaleno za 12,7% odnosno 4.992,5 mil. MKD vo odnos na planot (2,9% ili za 1.035,4 mil. MKD vo odnos na 2011 godina), kako rezultat na redovno i predvremeno vraćanje na krediti od nekolku komitenti soglasno merkite za namaluvanje na RPA za 5% do krajot na 31.12.2012 godina. Hartiite od vrednost se poniski od planiranite za 21,0 mil. MKD što soodvetstvuva na namalenata depozitna baza vo korporativniot segment.

Potencijalnite i prevzemeni obvrski iznesuvaat 8.798,2 mil. MKD sto e za 4,6% ili 385,3 mil. MKD poveće vo odnos na 2011 godina, kako rezultat na porast na garanciskoto rabotenje, pri namalena sostojba na neiskoristeni kreditni limiti. Vo odnos na planot za 2012 godina, potencijalnite i prevzemeni obvrski se poniski za 3,7% ili 334,9 mil. MKD što soodvetstvuva na kreditnite aktivnosti vo korporativniot segment.

Fondot na rezervacii za potencijalnite i prevzemeni obvrski iznesuva 238,4 mil. MKD i vo odnos na planot e ponizok za 28% ili za 93 mil. MKD. Vo odnos na 2011 godina fondot e namalen za 11,8% ili za 31,9 mil. MKD.

Struktura na izvori:

Depoziti od nebankarski sektor
2012: 74,3%
2011: 74,1%

Pozajmici
2012: 11,8%
2011: 13,2%

Kapital
2012: 8,4%
2011: 7,1%

Struktura na plasmani:

Parični sredstv
2012: 18,7%
2011: 19,0%

Hartii od vrednost
2012: 16,9%
2011: 19,2%

Plasmani kaj banki
2012: 0,3%
2011: 1,4%

Krediti kaj nebankarski sektor
2012: 57,5%
2011: 57,3%

V.3. Aktivnosti po segmenti

Rabota so naselenie[1]

Vo tekot na 2012 godina fokusot na rabotenjeto vo segmentot naselenie beše nasočen kon zgolemuvanje na rabotenjeto so naselenieto vo vkupnoto rabotenje so Bankata, održuvanje na pazarnoto učestvo vo delot na kreditiranje nad 20%, zgolemuvanje na pazarniot udel vo upravuvanje so i servisiranje na transakciski smetki na naselenieto, održuvanje na stabilna i povolna (ročno i valutno) depozitna baza, održuvanje na kvalitetot na kreditnoto portfolio vo uslovi na zasilen krediten rizik, intenzivni aktivnosti za naplata na pobaruvanjata po krediti i namaluvanje na procentot na nefunkcionalni plasmani. Pokraj toa ponudata na produkti i uslugi beše dopolneta i zbogatena so:

- Instant krediti Work & Travel, Violetov plus potrošuvački kredit, NLB Stanben kredit, NLB Stanben plus kredit, NLB Subvencioniran stanben kredit, NLB Avtomobilski plus kredit, NLB Kratkoročno postepeno štedenje na šest i dvanaeset meseci so zadolžitelni redovni mesečni uplati. Pokraj toa, kaj postojnite kreditni i depozitni produkti beše izvršeno namaluvanje na kamatnite stapki, a beše izvršeno i olabavuvanje na ostanatite kreditni uslovi;
- Dopolnitelni servisi vo elektronskoto bankarstvo za pravni lica i fizički lica;
- Novi funkcionalnosti na mrežata na POS terminali na Bankata;
- NLB M-Token – mobilna aplikacija preku koja se vrši avtentikacija na elektronski transakcii.

Uslugata Lično bankarstvo se izvršuvaše vo 31 ekspozitura na Bankata obezbeduvajći visokostručna bankarska usluga, cross-selling aktivnostite prodolžija vo nasoka na opfaćanje na postojnite i ponuda na paketi na uslugi za novi klientski grupi, a bea odobruvani komisioni krediti na naselenieto od proektot „Samovrabotuvanje so kreditiranje" na Agencijata za vrabotuvanje na Republika Makedonija. Vo 2012 godina, započnat e i nov proekt so T - Mobile Makedonija za voveduvanje mobilno plaćanje (M-payment) čija finalizacija se očekuva vo 2013 godina.

Vo tekot na 2012 godina bea otvoreni tri novi ekspozituri: Ekspozitura Skopje - Čento, Skopje - Soboren Hram i Ekspozitura Skopje - Saraj. Edna ekspozitura e zatvorena – šalter Flamingo, dodeka dve ekspozituri vo Gevgelija bea spoeni na edna lokacija, so što vkupniot broj na ekspozituri e 50.

Krediti na naselenie

Realizacija/Plan
↓ 1,4%

Brojot na klientite vo ovoj segment vo 2012 godina e zgolemen za 9%.

Valutna struktura[2]

MKD: 40,8%
stranska valuta: 58,2%

Kreditnoto portfolio na naselenieto na godišno nivo e zgolemeno za 7,9%, odnosno za 1.197,4 mil. MKD i iznesuva 16.420,5 mil. MKD. Vkupnoto kreditno portfolio na naselenieto go sočinuvaat: potrošuvacki krediti 51,9%, stanbeni krediti 28,7%, kreditni kartički 9,6%, iskoristeni limiti na transakciski smetki 5,5%, avtomobilski krediti 3,7% i ostanati krediti 0,6%. Od vkupnite krediti kaj naselenieto 4,5% se nefunkcionalni pobaruvanja (2011: 4,7%).

Ročna struktura

11,4% kratkorocni
88,6% dolgorocni

	31.12.2011	31.12.2012	Promena
Krediti			
vrednost (vo mil. MKD)	15,223	16,420	7.9%
broj na novi dogovori za krediti vo godinata	17,185	17,431	1.4%
Depoziti			
vrednost (vo mil. MKD)	31,238	32,012	2.5%
broj na novi dogovori za depoziti vo godinata	40,268	40,423	0.4%
Broj na komitenti	456,036	495,133	8.6%
Broj na smetki (trs i žiro)	431,529	470,168	9.0%
Broj na kartički (debitni i kreditni)	360,426	391,362	8.6%

Pazarno učestvo

2012: 20,2%
2011: 20,0%

[1] Rabotenjeto so naselenie vklučuva fizički lica i samostojni vršiteli na dejnost
[2] Kreditite so valutna klauzula se vklučeni vo devizni krediti

Učestvoto na kreditite na naselenie vo vkupnite krediti plasirani kaj nebankarskiot sektor vo 2012 godina dostigna 48,0% (2011: 43,2%).

Depozitite na naselenieto vo odnos na 2011 godina se zgolemeni za 2,5% ili za 773,3 mil. MKD i iznesuvaat 32.011,8 mil. MKD.
Učestvoto na depozitite od naselenie vo vkupnite depoziti od komitenti vo 2012 godina dostigna 72,4% (2010: 68,5%).

Odnosot **krediti/depoziti** od naselenie iznesuva 51,3% (2011: 48,7%).

Vo delot na **kartičnoto rabotenje**, vo 2012 godina e ostvaren značitelen rast na prometot so kartički, kako i na brojot na ostvareni transakcii so kartičkite na Bankata.

	2011	2012	Promena
Broj na aktivni kartički	360,426	391,362	8.6%
Broj na ATM-i	155	130	-16.1%
Broj na POS terminali	5,463	5,317	-2.7%

Brojot na ATM-i na krajot na godinata e privremeno namalen poradi raskinuvanje na sorabotkata so eden korporativen klient i realokacija na ATM-te na Bankata na drugi lokacii poradi što istite vo toj moment imaa tretman kako ATM-i von upotreba i ne se vklučeni vo tabelata vo prilog.

Vo delot na **elektronskoto bankarstvo**, lesniot pristap do uslugite od platniot promet i cenovnata atraktivnost rezultiraa so porast na brojot na korisnicite za 74%, što pozitivno se reflektiraše i vrz brojot na ostvareni transakcii i vrednosta na ostvareniot promet.

	2011	2012	Promena
E-banking za fizički lica			
promet (vo mil. MKD)	269.5	399.7	48.3%
broj na nalozi / transakcii	70,278	105,490	50.1%
Komitenti po site kanali	40,925	71,213	74.0%

Depoziti na naselenie

Realizacija/Plan
↑ 0,4%

Valutna struktura

MKD: 49,9%
stranska valuta: 50,1%

Ročna struktura

22,1% a'vista
38,6% kratkoročni
39,3% dolgoročni

Pazarno učestvo

2012: 18,
2011: 18,8%

Kartički

Promet
↑ 9,2%

Transakcii
↑15,1%

Pazarno učestvo

Kartički

2012: 26,0%
2011: 24,9%

Rabota so pravni lica i država[3]

Ponudata za pravni lica i država se izvršuva centralizirano, po modelot na integrirano upravuvanje na odnosite so komitentite - za golemite korporativni komitenti na Bankata i disperzirano preku Delovnata mreža - za malite i sredni pretprijatija (MSP), dodeka uslugite vo platniot promet za korporativnite klienti se vršat preku Delovnata mreža na Bankata, Keš centarot i preku elektronskite platni servisi.
Rabotenjeto so pravni lica i država pretstavuva najgolem del od aktivnostite na Bankata i e glaven nositel na prihodite za Bankata. Opfaća kratkoročni denarski i devizni krediti za tekovni potrebi, kratkoročni denarski i devizni krediti za poddrška na izvozni aranžmani, revolving krediti, dolgoročni denarski i devizni krediti za finansiranje investicioni proekti na MSP, mikrokreditiranje, krediti za kupuvanje deloven prostor, avtomobilski krediti, namenski krediti za izgradba na stanben i deloven prostor, komisioni krediti, akreditivno i garancisko rabotenje, depozitno rabotenje, uslugi na platen promet vo zemjata i stranstvo i uslugi na prenos i čuvanje na gotovina.

Vo 2012 godina, ponudata za pravnite lica beše zbogatena so novi kreditni produkti, koi proizlegoa od novoobezbedeni kreditni linii: krediti za finansiranje na proekti za energetska efikasnost i obnovlivi izvori na energija i krediti za finansiranje na MSP i

[3] Pravni lica i država vklučuvaat privatni i javni pretprijatija, neprofitni institucii koi im služat na domaćinstvata, ostanati finansiski institucii (bez banki i štedilnici), centralna vlast, fondovi i edinici na lokalna samouprava.

proekti vo delot na primarno proizvodstvo, prerabotka na zemjodelski proizvodi i trgovija so zemjodelski proizvodi.
Vo domenot na depozitnoto rabotenje, aktivnostite bea nasočeni kon pribiranje novi depoziti od korporativnite klienti preku ponuda na denarski i devizni depozitni produkti so različni možnosti za oročuvanje, kamatni stapki i namena. Vo tekot na 2012 godina Bankata izvrši namaluvanje na kamatnite stapki na depozitite na pravni lica soodvetno na namaluvanjeto na referentnata kamatna stapka.

Krediti na pravni lica i država

Realizacija/Plan
↓ 21,1%

Plasmanite kaj pravnite lica i država na godišno nivo se namalija za 11,1% odnosno za 2.232,8 mil. MKD i istite iznesuvaat 17.797,4 mil. MKD. Otežnatite pazarni uslovi i namalenata sposobnost na kompaniite za redovno podmiruvanje na obvrskite, kako i ograničeniot rast na kreditnoto portfolio rezultiraše so porast na učetvoto na nefunkcionalnite plasmani vo vkupnoto portfolio na Bankata na 10,1% (2011: 9,9%).
Učestvoto na kreditite na pravnite lica i državata vo vkupnite krediti kaj klienti iznesuva 52,0% (2011: 56,8%).

Valutna struktura

MKD: 47,9%
stranska valuta: 52,1%

Ročna struktura

33,7% kratkoročni
66,3% dolgoročni

	31.12.2011	31.12.2012	Promena
Krediti			
vrednost (vo mil. MKD)	20,030	17,797	-11.1%
broj na novi dogovori za krediti vo godinata	2,634	2,275	-13.6%
Depoziti			
vrednost (vo mil. MKD)	14,392	12,202	-15.2%
broj na novi dogovori za depoziti vo godinata	1,843	1,595	-13.5%
Broj na komitenti	28,159	29,104	3.4%
Broj na smetki	37,287	38,893	4.3%

Pazarno učestvo

2012: 16,8%
2011: 19,2%

Depoziti na pravni lica i država

Realizacija/Plan
↓ 8,7%

Depozitite na pravni lica i država na godišno nivo se poniski za 2.189,9 mil. MKD, što se dolži na namaluvanje na depozitite od privatni pretprijatija (povlekuvanje na depozitite od eden pogolem korporativen klient za isplata na dividenda, kako i poradi dviženjeto na žiro smetkite na komitentite, a soglasno nivnite tekovni aktivnosti i dinamikata na koristenje na namenskite sredstva, no i poradi namalenata likvidnost).

Valutna struktura

MKD: 75,4%
stranska valuta: 24,6%

Učestvoto na depozitite od pravni lica i država vo vkupnite depoziti od klienti vo 2012 godina iznesuva 27,6% (2011: 31,5%).

Odnosot **krediti/depoziti** od pravni lica i država iznesuva 145,9% (2011: 139,2%).

Ročna struktura

69,4% a'vista
19,6% kratkoročni
10,9% dolgoročni

	2011	2012	Promena aps	Promena %
Garancii (promet)				
Vrednost na novi (vo mil. MKD)	5,577.9	6,956.3	1,378.4	24.7%
Broj na vkupni novoizdadeni	3,257	3,856	599	18.4%
Devizni garancii				
Vrednost na novi (vo mil. MKD)	2,183.7	3,349.6	1,165.9	53.4%
Broj na garancii	471	546	75	15.9%
Denarski garancii				
Vrednost na novi (vo mil. MKD)	3,394.2	3,606.7	212.5	6.3%
Broj na garancii	2,786	3,310	524	18.8%
Akreditivi (promet)				
Vrednost na novi (vo mil. MKD)	2,035.7	1,554.3	-481.4	-23.6%
broj na vkupni novoizdadeni	577	441	-136	-23.6%
Inkasa (promet)				
Vrednost na novi (vo mil. MKD)	175.0	301.9	126.9	72.5%
Broj na vkupni novoizdadeni	115	174	59	51.3%

*vrednosta na novoizdadeni vklucuva aneksi, dodeka brojot na novoizdadeni ne vklucuva aneksi

Pazarno učestvo

2012: 16,6%
2011: 17,7%

Vo tekot na 2012 godina Bankata obezbeduvaše **bankarski garancii i akreditivi** za izvoznite aranžmani i za poddrška na tenderskite učestva na kompaniite vo golemite međunarodni i domašni proekti. Vo 2012 godina, Bankata ima plasirano sredstva vo iznos od 6.956,3 mil. MKD vo garancii ili 24,7% poveće vo odnos na 2011 godina.

Otvorenite akreditivi se vo vrednost od 1.554,3 mil. MKD ili 23,6% pomalku od 2011 godina što se dolži na opštiot trend na namaluvanje na koristenjeto na ovoj instrument na plaćanje.

Vo 2012 godina ostvaren e **vkupen platen promet so stranstvo** od 861,2 mlrd. MKD ili 14,2% pomalku vo odnos na 2011 godina, vo najgolem del kako rezultat na namalenite prilivi na tekovnite smetki od banki od stranstvo.
Vo vkupniot platen promet so stranstvo doznakite učestvuvaat so 15,8%.

Realizacija/Plan

Garancii
↑ 0,3%

Akreditivi
↓ 4,7%

	2011	2012	Promena aps	%
Nostro doznaki				
Promet (vo mil. MKD)	85,073.7	81,327.6	-3,746.1	-4.4%
Broj na nostro doznaki	57,770	57,331	-439	-0.8%
Loro doznaki				
Promet (vo mil. MKD)	71,056.7	54,778.1	-16,278.7	-22.9%
Broj na loro doznaki	70,370	73,912	3,542	5.0%

Pazarno učestvo

Platen promet vo zemjata (po vrednost)

2012: 19,4%
2011: 20,9%

Vo delot na **domašniot platen promet**, vo 2012 godina e ostvaren vkupen promet od 835,3 mlrd. MKD ili 11,6% poveće vo odnos na 2011 godina.

